# ПОСТАНОК

БИБЛИСКА ДОКТРИНА
април, мај, јуни 2022

# ПРВА КНИГА МОЈСЕЕВА

Автор: Жак Б. Дукан

Број 2/2022

**Поуки од Библијата – издание за возрасни**

Поуки од Библијата - изданието за возрасни го подготвува Одделението за црковна служба при Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден.

Поуките се подготвени под надзор на проширениот одбор за саботношколска поука чиишто членови се консултативни уредници. Печатената библиска поука е придонес на одборот и затоа не мора секогаш да се бара дозвола од писателот.

*Издава:*
**АИК „Знаци на времето“**
Одделение за саботна школа

*Подготовка:*
**Мелита Томовска**

*Коригирал:*
**Томе Трајков**

*Одговара:*
**Томе Трајков**

*За издавачот:*
**Михајло Гурев**

СОДРЖИНА:


1. Создавањето ........................................................................ 7
2. Падот во грев........................................................................ 14
3. Каин и неговото наследство .................................................. 21
4. Потопот................................................................................ 28
5. Сите народи и Вавилон ......................................................... 35
6. Аврамовите корени................................................................ 42
7. Заветот со Аврам.................................................................. 49
8. Ветување .............................................................................. 56
9. Јаков – измамник .................................................................. 63
10. Јаков – Израел ..................................................................... 70
11. Јосиф – господар на соништата............................................ 77
12. Јосиф – принцот на Египет ................................................... 84
13. Израел во Египет.................................................................. 91


**Додаток**


Утрински стихови – април ........................................................ 98

Утрински стихови – мај.............................................................. 99

Утрински стихови – јуни............................................................ 100

Секојдневно читање на Библијата.............................................. 102

Текстови за вечерно богослужение............................................103

Табели за почеток на саботата во Македонија.................... 104-106

# КНИГА ЗА ПОЧЕТОКОТ



Првата книга Мојсеева зборува за Исус – Исус нашиот Создател, Исус нашиот Спасител, Исус нашиот Откупител. Пишувајќи неколку илјади години по настанувањето на книгата Постанок (уште наречена и Битие или Прва книга Мојсеева; заб. на прев.), напишана од Мојсеј, и враќајќи се station наназад сите овие векови до зборовите на самиот патријарх, апостол Јован го открива Исуса во извештајот за создавањето: „Во почетокот беше Словото, и Словото беше во Бога и Словото беше Бог. Тоа во почетокот беше во Бога. Сè стана преку Него и без Него ништо не стана, од она што постана. Во Него беше Животот и Животот им беше светлина на луѓето“ (Јован 1,1-4).

Што, всушност, напишал Јован тука? Сè што е создадено „во почетокот“, сè што претходно не постоело, настанало – преку Исуса. Целокупната материја – од галаксиите кои брзаат низ вселената како блескави огнени вртелешки, преку прецизно составената ДНК, чудесно вткаена во клетките, до квантните бранови – сето тоа Исус го создал и го одржува. А 1. Мојсеева е првата книга во Светото писмо која зборува за тоа создавање, но и за откупувањето на создадениот свет. И токму тука, во оваа книга се наоѓа единствениот „официјален“ извештај во светот за нашето човечко потекло.

Англискиот назив за 1. Мојсеева (Genesis) потекнува од грчкиот збор *генезе*, што значи „почеток“, а кој самиот е изведен од хебрејскиот израз *bere'shit*, „во почетокот“ – првите зборови во таа книга, а со тоа и првите зборови во целата Библија!). Првата книга Мојсеева ни дава основа, темел на кој почиваат сите следни списи. Бидејќи е прва, и од фундаментално значење за сè што доаѓа по неа, 1. Мојсеева е веројатно книгата што најмногу се цитира и споменува во остатокот од Светото писмо.

Прва Мојсеева е важна затоа што е книга која, повеќе од кое било друго напишано дело во светот, ни помага да разбереме кои сме ние

како човечки суштества. Оваа вистина е особено важна денес, кога на нас луѓето се гледа како на обична космичка случајност, случајна креација на чисто материјалистичка вселена. Или, како што рекол еден физичар, ние луѓето сме „организирана кал“ (што е донекаде точно, иако, според него, нè организирале исклучиво законите на природата!). Од друга страна, 1. Мојсеева ни го открива нашето вистинско потекло и фактот дека ние сме суштества создадени свесно и совршено, според Божјиот лик, во еден совршен свет. 1. Мојсеева го објаснува и Падот, односно причината зошто нашиот свет повеќе не е совршен, ниту ние како луѓе. Во исто време, 1. Мојсеева ни дава утеха преку Божјото ветување за спасение, во овој свет кој, сам по себе, не ни нуди ништо друго освен страдање и смрт.

Со своите драматични извештаи за чуда (како што се Создавањето, раѓањето, виножитото) и излевањето на Божјите судови (Потопот, Содом и Гомора), 1. Мојсеева сведочи за Божјото свето присуство, кое предизвикува стравопочит. Но, 1. Мојсеева е и книга полна со трогателни човечки приказни за љубов (Јаков и Рахела), за омраза (Јаков и Исав), за раѓање (Исак, Јаков, синовите на Јаков), за смрт (Сара, Рахела, Јаков, Јосиф), за убиство (Каин, Симеон и Леви) и простување (Исав и Јаков, Јосиф и неговите браќа). Таа е и учебник, со лекции за етика (Каин, Вавилон), за вера (Аврам, Јаков), за надеж и ветување за откупување (газење на змијата, Ветената земја).

Во текот на ова тримесечје, ние нема само да ја читаме и проучуваме 1. Мојсеева, туку и ќе уживаме во нејзините преубави стории и ќе научиме да чекориме на подобар начин со Создателот – Аврамовиот, Исаковиот и Јакововиот Бог.

Сепак, менувањето на географските локалитети во рамките на книгата – од Едем, преку Вавилон, Ветената земја и Египет, до исчекувањето на Ветената земја – нè потсетуваат на нашите лични талкања и ја подгреваат надежта во вистинската Ветена земја, која е, всушност, новото небо и новата земја. Додека ги следиме сите овие личности, опишани во 1. Мојсеева, ќе откриеме дека – и покрај толку многу разлики во поглед на времето, местото, културата и околностите – нивните приказни се често, на многу начини, и наши.

*Д-р Жак Б. Дукан е професор емеритус по еврејски јазик и старозаветна егзегеза на Адвентистичкиот теолошки факултет при Универзитетот Ендрјус.*

**Поука 1**
**Од 26 март до 1 април 2022**

# СОЗДАВАЊЕТО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Псалм 100,1-3; 1. Мојсеева 1;2; 2. Мојсеева 20,8-11; 2. Мојсеева 40,33; Матеј 25,14-30; Матеј 19,7-9..**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Во почетокот Бог ги создаде небото и земјата“ (1. Мојсеева 1,1).**

Првата книга Мојсеева, а со самото тоа и целата Библија, започнува со извештајот за Божјите дела на создавањето. Овој факт е мошне важен, бидејќи укажува дека нашето создавање го означува почетокот на човечката и библиската историја. Оваа вистина, исто така, укажува дека извештајот за создавањето од 1. Мојсеева ја има истата историска веродостојност како и другите настани од човечката и библиската историја.

Двата текста за создавањето во 1. и 2. глава на 1. Мојсеева, содржат важни поуки за Бога и за човештвото. Додека ја проучуваме во текот на оваа седмица, појасно ќе го разбереме длабокото значење на седмиот ден, сабота. Ќе размислуваме за Божјиот чин на создавање на луѓето според Неговиот лик, а сепак од прав. Ќе се занимаваме со целта на дрвото на познавањето на доброто и злото и неговата поврзаност со дрвото на животот.

Најважната порака на библиските извештаи за почетоците е пораката за благодатта. Нашето постоење е целосно чин на бладодатта. Бог ги создал небото и земјата додека луѓето сѐ уште не биле присутни. Како и нашето создавање, така и нашето откупување е дар од Бога. И двата концепта, создавањето и откупувањето, се содржани во заповедта за седмиот ден, Сабота.

# БОГ СОЗДАТЕЛОТ

**Прочитајте го текстот Псалм 100,1-3. Каков треба да биде односот на човекот спрема Бог Создателот и зошто?**

---

Првата порака од извештајот за создавањето, во текстот 1. Мојсеева 1, се однесува на „Бога“. Ова го слушаме во преводот: „Во почетокот Бог“ (1. Мојсеева 1,1). Веќе во првиот стих (1. Мојсеева 1,1), зборот „Бог“ е ставен во самиот центар. Најсилен акцент е ставен на него во традиционалното литургиско пеење, за да се истакне неговата важност. Оттука, извештајот за Создавањето започнува со нагласок на Бога, Творецот на сѐ што постои.

Првата книга Мојсеева започнува, всушност, со две различни претставувања на Бога. Првиот извештај за Создавањето (1. Мојсеева 1,1-2) го претставува Бог како бескрајно оддалечен од луѓето, трансцендентен Бог, Елохим, чие име зборува за Божјата превласт. Името Елохим значи надмоќност и сила, а употребата на множина на зборот Елохим ја изразува идејата за величественост и трансцедентност.

Вториот извештај за создавањето (1. Мојсеева 2,4-25) го претставува Бога како близок и личен, иманентен Бог – ЈХВХ, чие име, како што многумина веруваат, означува блискост и меѓусебна поврзаност. Според тоа, извештајот за Создавањето во целина содржи повик да се слави Бог – прво, да се биде свесен за Божјата бескрајна големина и моќ, а во исто време да ја признаеме нашата зависност од Него, бидејќи Тој нѐ создал „а не ние самите“ (Псалм 100,3). Ова е причината зошто псалмите често богослужението го поврзуваат со создавањето (Псалм 95,1-6; Псалм 139,13.14 / споредете со Откровение 14,7).

Овој двоен поглед на Бога, кој е величествен и моќен, а едновремено и близок, полн со љубов и поврзан со нас, содржи важна порака за тоа како треба да Му пристапуваме во текот на богослуженијата. Страхопочитта и прославувањето одат паралелно со радоста и сигурноста дека Бог е близу, дека ни простува и нѐ љуби (види Псалм 2,11). Дури и редоследот на овие две прикажувања на Бога има свое значење – доживувањето на Божјата близина и тесната блискост на Неговото присуство следи по доживувањето на Божјата оддалеченост. Само кога ќе сфатиме колку е Бог голем, ќе можеме да ја цениме Неговата благодат и со трепет да уживаме во Неговата љубов и во Неговата чудесна присутност во нашиот живот.

**Размислете за огромната моќ на Бога, кој го одржува космосот, а сепак може да биде толку блиску до секој од нас. Зошто оваа чудесна вистина е навистина толку чудесна?**

# СОЗДАВАЊЕТО

**Прочитајте ги следните текстови: 1. Мојсеева 1,4.10.12.18.21.25.31 и 1. Мојсеева 2,1-3. Кое е значењето на рефренот „и виде Бог дека тоа е добро“, во првиот извештај за Создавањето? Која неискажана поука е содржана во заклучокот од тој извештај (1. Мојсеева 2,1-3)?**

---

При секој следен чекор во извештајот за Создавањето, Бог го оценувал своето дело како *tov*, „добро“. Според општото сфаќање, оваа придавка значи дека делото на создавањето било успешна, а Божјото забележување дека е „добро“, всушност значело дека е „делотворно“. Светлината осветлувала (1. Мојсеева 1,4). Билките давале плод (1. Мојсеева 1,12) и така натаму.

Меѓутоа, тој израз се однесувал и на нешто повеќе отколку само на делотворноста. Еврејскиот збор *tov* се користел во Библијата и како израз на естетското вреднување на нешто убаво (1. Мојсеева 24,16). Се користел и за да го означи она што е спротивно на злото (1. Мојсеева 2,9), кое се поврзува со смртта (1. Мојсеева 2,17).

Изразот „беше многу добро“ всушност значи дека создадениот свет добро функционирал, дека бил убав и совршен и дека во него немало зло. Во тоа време, светот сè уште не бил како нашиот свет, погоден од гревот и смртта, што е потврдено во воведот на вториот извештај за Создавањето (видете 1. Мојсеева 2,5).

Овој опис на Создавањето радикално противречи на еволуционите теории, кои догматски тврдат дека светот се формирал постепено, преку случајни настани, почнувајќи од поедноставна кон посложена состојба.

Спротивно на тоа, библискиот писател тврди дека Бог го создал светот одеднаш и со јасна намера (1. Мојсеева 1,1). Немало никаква случајност во сето тоа. Светот не настанал сам од себе, туку исклучиво како резултат на Божјата волја и Неговата реч (1. Мојсеева 1,3). Глаголот *bara'*, „создава“, употребен во 1. Мојсеева 1,1, кој гласи: „Во почетокот Бог ги создаде небото и земјата“, се појавува само со Бога како субјект и укажува на ненадејност – Бог рекол, и така и биднало.

Библискиот текст нè известува дека „сè“ она што било создадено тогаш (1. Мојсеева 1,31), според самиот Творец, било оценето како „многу добро“ (1. Мојсеева 1,31). Текстот 1. Мојсеева 1,1 го опишува самиот настан – создавањето на небото и земјата, а текстот 1. Мојсеева 2,1 го прогласува овој настан за завршен. И сè било довршено, вклучително и саботата, за седум дена.

**Зошто идејата за милијарди години еволуција целосно го поништува извештајот за создавањето од 1. Мојсеева? Зошто овие две сфаќања не можат да спојат во секој поглед?**

## САБОТА

**Прочитајте ги текстовите 1. Мојсеева 2,2.3 и 2. Мојсеева 20,8-11. Зошто седмиот ден, сабота, е поврзан со Создавањето? Како оваа поврзаност влијае на нашето празнување на сабота?**

---

Токму затоа што ги „довршил“ своите дела на Создавањето, Бог ја воспоставил саботата. Затоа, седмиот ден, сабота, е израз на нашата вера дека Бог тогаш го завршил своето дело и го сметал за „многу добро“. Затоа, да се празнува сабота значи да му се придружиме на Бога во препознавањето на вредноста и убавината на Неговото создавање.

Тогаш можеме да се одмориме од нашите дела исто како што Бог се одморил од своите. Да се празнува Саботата значи да се каже „да“ на Божјото „многу добро“ Создавање, кое го вклучува и нашето физичко тело. Спротивно на некои древни (и современи) верувања, ништо во Светото писмо, во Стариот или Новиот Завет, не го означува телото како зло. Тоа е пагански, а не библиски концепт. Спротивно на ова, оние што ја празнуваат саботата се благодарни за делата на Божјото создавање – што го вклучува и нивното сопствено тело – и затоа можат да уживаат во Создаденото и да се грижат за него.

Саботата, која го означува првиот „завршеток“ на човечката историја, воедно претставува и знак на надеж за страдалното човештво и светот што воздивнува. Интересно е што изразот „ги заврши делата“ повторно се појавува на крајот од изградбата на светилиштето (2. Мојсеева 40,33), и повторно на крајот од изградбата на Соломоновиот храм (1. Царевите 7,40.51) – а и двете места служеле за поучување за евангелието и спасението.

По Падот, саботата на крајот на седмицата упатува на чудото на спасението, кое ќе се оствари само преку чудото на новото создавање (Исаија 65,17; Откр. 21,1). Саботата е знак дека, на крајот на нашата човечка седмица, ќе им дојде крајот на страдањата и искушенијата на овој свет.

Затоа Исус ја избрал саботата како најсоодветен ден за исцелување на болните (Лука 13,13-16). Наспроти секоја традиција во која водачите останале заглавени, со саботните исцелувања Исус му укажувал на тогашниот народ, како и нам денес, на времето кога ќе заврши сета болка, сето страдање, секаква смрт, што е конечен заклучок на процесот на спасение. Затоа, секоја Сабота нè упатува на надежта во откупувањето.

**На кој начин, со одморањето во сабота, го доживуваме одморот и спасението што сега го имаме во Исуса, а кое конечно ќе се исполни со создавањето на новото небо и новата земја?**

## СОЗДАВАЊЕ НА ЧОВЕШТВОТО

Создавањето на луѓето е последниот чин на Божјото создавање, барем според извештајот од 1. Мојсеева. Луѓето се врвот на целокупното земно создавање, целта поради која е создадена земјата.

**Прочитајте 1. Мојсеева 1,26-29 и 2,7. Како се поврзани овие две различни верзии на извештајот за создавањето на човештвото?**

Дека Бог го создал човекот според својот лик е едно од најхрабрите тврдења во Библијата. Само луѓето се создадени според Божјиот лик. Иако „Бог создаде ѕверови земни, според родот нивни“ (1. Мојсеева 1,25), „Бог го создаде човекот во Својот лик“ (1. Мојсеева 1,27). Оваа формула честопати била ограничувана само на духовната природа на човекот, што се толкувало како „Божјиот лик“ да ја означува само административната улога на претставувањето на Бога или духовната улога во односот кон Бога и едни кон други.

Иако овие сфаќања се точни, тие не успеваат да ја опфатат важната физичка реалност на тоа создавање. Обете димензии се навистина вклучени во двата израза: „лик“ и „како што сме Ние“, кои го опишуваат овој процес во 1. Мојсеева 1,26. Додека еврејскиот збор *tselem*, „слика“, се однесува на конкретен облик на физичко тело, зборот *demut*, „сличност“, се однесува на апстрактните квалитети кои се споредливи со божествената Личност.

Затоа, еврејскиот израз „Божјиот лик“, треба да се сфати во холистичка смисла на библиското согледување на човечката природа. Библискиот текст потврдува дека поединечните луѓе (мажите и жените) се создадени според Божјиот лик во физичка, но и во духовна смисла. Елена Г. Вајт го појаснува ова на следниов начин: „Кога Адам излегол од рацете на Создателот, во неговата физичка, ментална и духовна природа бил сличен на својот Творец“ (*Восйитување*, стр. 15, оригинал).

Всушност, ова холистичко сфаќање на Божјиот лик, кое го вклучува и физичкото тело, повторно е потврдено во друг извештај за Создавањето, во кој се кажува дека „човекот стана жива душа (nefesh)“ (1. Мојсеева 2,7), како резултат на две божествени активности: Бог „создаде“ и Бог „дувна“. Имајте на ум дека „дух“ (или „здив“; заб. на прев.) често се однесува на духовната димензија, но е тесно поврзан и со биолошката способност за дишење, со својство на човекот кој е создаден „од земниот прав“. Тоа е „дух животен“, односно дух (духовен) и живот (физички).

Бог подоцна ќе изврши трета операција, овојпат за да создаде жена од телото на мажот (1. Мојсеева 2,21.22), нагласувајќи дека таа има иста природа како и мажот.

## ДОЛЖНОСТА НА ЧОВЕКОТ

Кога го создал човекот, Бог му дал три дарови: Едемската градина (1. Мојсеева 2,8), храна (1. Мојсеева 2,16) и жена (1. Мојсеева 2,22).

**Прочитајте 1. Мојсеева 2,15-17. Кои се должностите на човекот спрема делата на создавањето и спрема Бога? Каква е врската меѓу овие две должности?**

__________________________________________________

__________________________________________________

Првата должност на човекот се однесува на природната средина во која Бог го поставил „за да ја обработува и да ја чува“ (1. Мојсеева 2,15). Глаголот *avad*, „обработува“, се однесува на работата. Не е доволно да се добие подарок. Мораме да се занимаваме со него и да го направиме плодоносен – поука што Исус ќе ја повтори во својата парабола за талантите (Матеј 25,14-30). Глаголот *shamar*, „чува“, подразбира одговорност да се сочува она што е примено.

Другата должност се однесува на човековата храна. Мора да имаме на ум дека Бог им ја дал на луѓето (види 1. Мојсеева 1,29). Бог исто така рекол: „јади слободно“ (1. Мојсеева 2,16). Луѓето не ги создале дрвјата, ниту храната на нив. Тоа бил дар – дар на благодатта.

Но, тука постои и заповед – требало да го примат великодушниот Божји дар и да уживаат во него јадејќи „од секое дрво“. Меѓутоа, како дел од таа благодат, Бог додал ограничување. Тие не требало да јадат од едно конкретно дрво. Уживањето без никакви ограничувања води во смрт. Тој принцип важел во едемската градина и, на многу начини, важи и денес.

Третата должност на човекот се однесува на жената, третиот Божји дар: „Затоа човекот ќе ги остави татко си и мајка си и ќе се прилепи кон жената своја“ (1. Мојсеева 2,24). Ова необично тврдење е силен израз кој ја нагласува човечката одговорност кон брачниот завет, и целта да се биде „едно тело“, односно една личност (спореди го текстот Матеј 19,7-9).

Причината зошто мажот (а не жената) требало да ги остави родителите, можеби е поврзана со општата библиска употреба на машкиот род. Затоа оваа заповед, веројатно, се однесува и на жената. Во секој случај, брачната врска, иако е дар од Бога, подразбира човечка одговорност по примањето на тој дар – одговорност што мора верно да ја исполнуваат и мажот и жената.

**Размислете за сето она што ви го дал Бог. Кои се вашите обврски во поглед на она што ви е дадено?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ:

Во книгата „Воспитување“ од Елена Вајт прочитајте ја главата „Науката и Библијата“, стр. 128, 129 (оригинал), а во книгата „Патријарси и пророци“, од истиот автор, 2. глава со наслов „Создавање“, стр. 21, 22 ориг.).

„Бидејќи книгата на природата и книгата на откровението носат печат на истиот врвен Ум, нивните гласови мораат да се согласуваат. Иако со различни методи и на различни јазици, тие сведочат за истите големи вистини. Науката постојано открива нови чудеса; но резултатите од нејзините истражувања не откриваат ништо што, правилно протолкувано, би противречело на божественото откровение. Книгата на природата и пишаната Реч заемно се осветлуваат. Тие нè запознаваат со Бога учејќи нè за законите преку кои Тој дејствува.

Погрешните заклучоци, донесени врз основа на фактите набљудувани во природата, довеле до привиден судир помеѓу науката и откровението; во настојување да се поврати загубената хармонија, прифатени се толкувања на Писмото кои ја поткопуваат и разурнуваат силата на Божјата Реч. Се смета дека геологијата му се спротивставува на буквалното толкување на извештајот на Мојсеј за создавањето. Се тврди дека биле потребни милиони години за еволуција на Земјата од некаков хаос; а заради прилагодување на Библијата кон тоа наводно откритие на науката, се претпоставува дека деновите на создавањето претставуваат големи неодредени периоди, кои траат илјадници, или дури и милиони години.

Таквиот заклучок е сосема без основа. Библискиот извештај не се спротивставува ниту самиот на себе, ниту на учењето на природата“ (Елена Вајт, *Воспитување*, стр. 128, 129 оригинал).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Зошто квалитетот на нашата вера би бил загрозен кога би веруvале дека овие стории за почетоците се само легенди или „митови“, суштински осмислени да ни упатат духовни поуки, но без историска основа? Кои назнаки во библискиот текст покажуваат дека писателот на овие стихови знаел дека тие се „историски“, исто како и другите стории во 1. Мојсеева? Какво е Исусовото сведоштво за историската основа на овие приказни?**
2. **Што нè учи извештајот од 1. Мојсеева за важноста да се управува со Земјата? Како можеме да бидеме добри управители на нашата планета, а во исто време да ја избегнеме опасноста од обожавање на самите творби наместо на Создателот, што е многу реално искушение? (Види Римјаните 1,25).**
3. **И покрај разорното дејство на гревот во текот на долгите милениуми, на кој начин пред нас сè уште се открива првобитната чудесност, убавина и величественост на „многу добрите“ дела на создавањето, моќно сведочејќи за Божјата сила и добрина?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Поука 2**
**2 - 8 април 2022**

# ПАДОТ ВО ГРЕВ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 3; 2. Коринќаните 11,3; Откровение 12,7-9; Јован 8,44; Римјаните 16,20; Евреите 2,14; 1. Тимотеј 2,14.15.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И ставам непријателство меѓу тебе и жената и меѓу родот твој и породот нејзин. Тој ќе ти ја смачкува главата, а ти ќе го каснуваш во петата“ (1. Мојсеева 3,15).**

Меѓу сето она што Бог им го дал на нашите прародители во Едем, имало и едно предупредување: „Од секое дрво во градината можеш да јадеш, 17 освен од дрвото за познавање на доброто и на злото; од него не јади; зашто во оној ден кога ќе вкусиш од него, ќе умреш“ (1. Мојсеева 2,16.17). Оваа опомена да не јадат од дрвото на познавање на доброто и злото (1. Мојсеева 2,16,17) ни покажува дека тие, иако требало да го познаваат доброто, не знаеле што е зло.

Несомнено разбираме зошто било така, зар не?

Исто така, смртната закана поврзана со предупредувањето за непослушност (1. Мојсеева 2,17) навистина се исполнила – тие ќе умрат (1. Мојсеева 3,19). Не само што им било забрането да јадат од дрвото на животот, туку биле и протерани од едемската градина (1. Мојсеева 3,24), така што, како грешници, немале пристап до она што можело да им го овозможи вечниот живот (1. Мојсеева 3,22).

Меѓутоа, среде таа трагедија се јавува надеж, која ја наоѓаме во 1. Мојсеева 3,15, наречена протоевангелие, или „прво евангелско ветување“. Да, овој стих го претставува првото евангелско ветување што се наоѓа во Библијата, кога за првпат на луѓето им било кажано дека, и покрај падот, Бог обезбедил пат за спасение на сите нас.

# ЗМИЈАТА

**Прочитајте ги следните текстови: 1. Мојсеева 3,3; 2. Коринќаните 11,3 и Откровение 12,7-9. Која е змијата и како таа ја измамила Ева?**

---

Текстот започнува со „змијата“. Синтаксата на реченицата сугерира дека овде постои нагласок – „змијата“ се спомнува прва. Исто така, до именката „змија“ (во некои јазици) стои определен член, што укажува дека се работи за добро познат лик, како читателот веќе да треба да знае за кого се работи. Според тоа, реалноста на ова суштество е потврдена уште во првата реченица од оваа глава.

Се разбира, Светото писмо ја препознава оваа змија како Божји непријател (Исаија 27,1) и отворено ја нарекува „ѓавол и сатана“ (Откровение 12,9). И на древниот Блиски Исток, змијата исто така претставувала олицетворение на силата на злото.

„За да го изврши своето дело незабележано, сатаната решил, како свој медиум, да ја искористи змијата - што за неговите измамнички намери била одлична маска. Змијата во тоа време била едно од најмудрите и најубавите созданија на земјата. Имала крилја, и додека летела низ воздухот, изгледала засенувачки сјајна, бидејќи имала бои кои на сонцето се прелевале како измазнето злато“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 53, оригинал).

Кога станува збор за ѓаволот, во кој било облик, Библијата не зборува чисто метафорички. Во Светото писмо, сатаната е прикажан како буквално битие, а не само како некој реторички симбол или апстрактен принцип со кој се доловува злото или темната страна на човештвото.

Меѓутоа, змијата не се претставува себеси како Божји непријател. Напротив, таа се повикува на Божјите зборови, ги повторува и навидум ги поддржува. Од самиот почеток гледаме дека сатаната сака да го цитира Бога и, како што ќе се покаже подоцна, ја цитира дури и самата Божја Реч (Матеј 4,6).

Забележете дека змијата не влегува веднаш во расправа со жената, туку поставува прашање што навестува дека таа верува во она што им го кажал Господ. На крајот на краиштата, таа прашува: „Дали е вистина дека Бог рекол...“ (1. Мојсеева 3,1)? Така, уште од самиот почеток гледаме колку е тоа суштество лукаво и препредено. И, како што ќе се покаже, успеало да го оствари она што го наумило.

**Ако сатаната успеал да ја измами безгрешната Ева во Едем, колку сме тогаш ние ранливи? Која е нашата најдобра одбрана од неговите измами?**

## ЗАБРАНИОТ ПЛОД

**Прочитајте 1. Мојсеева 2,16.17 и 1. Мојсеева 3,1-6 (видете и Јован 8,44). Споредете ги зборовите на Божјата заповед дадени на Адам со зборовите на змијата упатени до жената. Кои разлики постојат во начинот на кој се изразени и која е смислата на овие разлики?**

---

Обрнете внимание на паралелите меѓу Божјиот разговор со Адам (1. Мојсеева 2,16.17) и разговорот на Ева со змијата. Како змијата сега да го заменила Бога, и како да знае нешто подобро од Него. Отпрвин, таа поставува само прашање, навестувајќи дека жената можеби погрешно го разбрала Бога. И тогаш сатаната отворено ги доведува во прашање Божјите намери, па дури и му противречи.

Нападот на сатаната е сосредоточен на две прашања: на прашањето за смртта и познавањето на доброто и злото. Додека Бог јасно и недвосмислено рекол дека нивната смрт ќе биде сигурна (1. Мојсеева 2,17), сатаната, напротив, тврдел дека тие нема да умрат, сугерирајќи дека луѓето се всушност бесмртни (1. Мојсеева 3,4). Додека Бог изречно му забранил на Адама да го јаде тој плод (1. Мојсеева 2,17), сатаната ги поттикнувал луѓето да го вкусат, бидејќи на тој начин ќе станат како Бог (1. Мојсеева 3,5).

Со помош на овие два аргумента, бесмртноста и сличноста со Бога, сатаната ја убедил Ева да го вкуси плодот. Посебно загрижува тоа што жената, кога решила да не го послуша Бога и да вкуси од забранетиот плод, почнува да се однесува како Бог повеќе да не е присутен и како таа да Го заменува. Библискиот текст алудира на оваа замена на личноста. Ева сега го користи Божјиот јазик. Проценувајќи го забранетиот плод, Ева гледа „дека... е добар“ (. Мојсеева 3,6), а тоа потсетува на Божјата оценка за Неговото создавање, кога Тој „виде... дека е добро“.

Овие две искушенија – да се биде бесмртен и да се биде како Бог – се наоѓаат во коренот на идејата за бесмртност во древните египетски и грчки религии. Желбата за бесмртност, која се сметала за божествена особина, ги наведувала луѓето да се стремат кон божествен статус, за да можат (како што се надевале) да стекнат бесмртност. Ваквиот начин на размислување тајно се вовлекол во еврејско-христијанската култура и вродил вера во бесмртност на душата, која и денес постои во многу цркви.

**Сетете се на многубројните денешни системи на верувања, кои учат дека постои нешто вродено бесмртно во сите нас. На кој начин нашето разбирање за човечката природа и состојбата на мртвите ни обезбедува моќна заштита од оваа опасна измама?**

## КРИЕЊЕ ПРЕД БОГА

**Прочитајте 1. Мојсеева 3,7-13. Зошто Адам и Ева оселиле потреба да се скријат пред Бога? Зошто Бог го поставил прашањето: „Каде си?“ Како Адам и Ева се обиделе да го оправдаат своето однесување?**

---

Откако згрешиле, Адам и Ева почувствувале дека се голи бидејќи ја изгубиле својата облека на славата која го одразувала Божјото присуство (видете Псалм 8,5; споредете со Псалм 104,1.2). Божјиот лик бил нагрден со гревот. Глаголот „направи“, во изразот си „направија опашала“ (1. Мојсеева 3,7), дотогаш се применувало само на Бога Создателот (1. Мојсеева 1,17.16.25. итн.). Како да го замениле Создателот кога се обиделе да го прикријат својот грев – постапка којашто Павле, во негативна смисла, ја означува како оправдување со дела (Галатјаните 2,16).

Пристапувајќи, Бог го поставува реторичкото прашање „Каде си?“ (1. Мојсеева 3,9), слично на прашањето што ќе му го постави и на Каин (1. Мојсеева 4,9). Се разбира, Бог ги знаел одговорите на тие прашања. Прашањата што Тој ги поставил требало да им помогнат на виновните да сфатат што направиле, а во исто време да ги доведе до покајание и спасение. Така, од моментот кога луѓето згрешиле, Господ работел на нивното спасение и искупување.

Целото сценарио, всушност, ја одразува идејата за истражен суд, кој започнува од судијата, кој го испитува виновникот (1. Мојсеева 3,9) за да го подготви за изрекување на пресудата (1. Мојсеева 3,14-19). Но, Тој тоа го прави и за да го поттикне на покајание, што на крајот ќе доведе до спасение (1. Мојсеева 3,15). Овој мотив го гледаме низ целата Библија.

Првично, и Адам и Ева, што е типично за грешниците, се обидуваат да го избегнат обвинувањето, настојувајќи да ги обвинат другите. На Божјото прашање, Адам одговара дека е виновна жената што Бог му ја дал (1. Мојсеева 3,12) – таа го навела на тоа. Вината била нејзина (и, се разбира, Божја), а не негова.

Ева одговара дека змијата ја измамила. Еврејскиот глагол *nasha’*, „измами“ (1. Мојсеева 3,13), значи да им се даде на луѓето лажна надеж и да се наведат да веруваат дека ја прават вистинската работа (2. Царевите 19,10; Исаија 37,10; Еремија 49,16).

Адам ја обвинува жената велејќи дека таа му го дала плодот (има одредена вистина во тоа), а Ева ја обвинува змијата велејќи дека таа ја измамила (во што исто така има нешто вистина). Сепак, во крајна линија, и двајцата биле виновни.

**Се обидувате ли и вие да обвините некој друг за нешто што сте го направиле? Зошто ни е толку лесно да паднеме во истата стапица?**

## СУДБИНАТА НА ЗМИЈАТА

**„И ставам непријателство меѓу тебе и жената и меѓу родот твој и породот нејзин. Тој ќе ти ја смачкува главата, а ти ќе го каснуваш во петата“ (1. Мојсеева 3,15). Што ѝ вели Господ на змијата и каква надеж се навестува во овој стих?**

---

Бог го започнува својот суд со змијата, бидејќи токму таа ја започнала целата драма. Змијата е и единственото суштество над кое е изречено проклетство во овој наратив.

Овде се јавува еден вид „извртено“ Создавање. Додека создавањето водело кон живот, благослови и восхит спрема сè што е добро, пресудата води во смрт, зло и проклетство – но исто така нуди надеж и ветување за спасение. Заедно со темната слика на згазената змија која јаде прав (1. Мојсеева 3,14), блеска и надежта за спасението на човечкиот род, дадена како пророштво. Уште пред осудата на Адам и Ева, која ќе следи, Господ им дава надеж дека ќе бидат откупени (1. Мојсеева 3,15). Така е, згрешиле. И да, тие ќе страдаат за својот грев. Да, тие ќе умрат поради гревот. Но, и покрај сето тоа, постои конечната надеж – надежта во спасението.

**Споредете го стихот 1. Мојсеева 3,15 со Римјаните 16,20, Евреите 2,14 и со стихот Откровение 12,17. На кој начин се открива планот на спасението и големата борба во овие текстови?**

---

---

Забележете ги паралелите меѓу стиховите 1. Мојсеева 3,15 и Откровение 12,17: змевот (змијата), разгневен (непријателство); семе (потомство); жената во Едем и жената во Откровение 12,17. Битката (големата борба), која се преселила во Едем за време на Падот, ќе продолжи до крајот на времето. Меѓутоа, ветувањето за поразот на сатаната, дадено уште во Едем – дека главата ќе му биде смачкана, е уште појасно изложено во книгата Откровение, која го прикажува неговото конечно уништување (Откровение 20,10). Значи, на човештвото од самиот почеток му е дадена надеж дека ќе се најде излез од страшниот хаос што произлегува од спознанието на злото – надеж која и сега сите можеме да ја споделуваме.

**Зошто е толку утешно сознанието дека Господ, уште во самиот Едем, каде што се зачнале гревот и злото на земјата, почнал да го открива планот на спасение?**

## СУДБИНАТА НА ЛУЃЕТО

**Прочитајте 1. Мојсеева 3,15-24. Што се случило со Адам и Ева како последица на падот?**

---

---

Додека Божјиот суд над змијата е изречно препознаен како проклетство (1. Мојсеева 3,14), Божјиот суд врз жената и мажот не е. Единствен пат кога повторно се употребува зборот „проклетство“, се однесува на самата „земја“ (1. Мојсеева 3,17). Така, Бог имал поинакви планови за мажот и жената отколку за змијата. Ним им била понудена надеж, но не и на неа.

Бидејќи гревот на жената бил последица на нејзиното дружење со змијата, стихот што го опишува Божјиот суд врз жената е поврзан со судот врз змијата. Не само што 1. Мојсеева 3,16 следи веднаш по 1. Мојсеева 3,15, туку и паралелите меѓу овие две пророштва јасно укажуваат дека пророштвото во врска со жената во 1. Мојсеева 3,16 мора да се чита заедно со месијанското пророштво во 1. Мојсеева 3,15. Затоа, Божјиот суд над жената, вклучувајќи го и раѓањето, треба да се гледа од позитивна перспектива на спасението (споредете со 1. Тимотеј 2,14.15).

Бидејќи мажот згрешил затоа што ја послушал жената наместо да го слуша Бога, земјата од која бил земен била проколната (1. Мојсеева 3,17). Како последица на тоа, човекот ќе мора да работи напорно (1. Мојсеева 3,17-19), а потоа да се „врати“ во земјата од која дошол (1. Мојсеева 3,19) – нешто што никогаш не требало да се случи, и никако не било дел од Божјиот првичен план.

Значајно е тоа што Адам, соочен со безнадежните изгледи на смртта, се свртува кон жената и својата животна надеж ја наоѓа во нејзината способност да роди (1. Мојсеева 3,20). Така, и покрај смртната казна, тој гледа надеж во животот.

Од друга страна, како и секој родител полн со љубов, Бог им посакувал само добро а не зло. Затоа и сега, кога го спознале злото, тој направил сѐ за да ги спаси од тоа зло. Значи, и покрај осудата, не била изгубена сета надеж за нашите прародители, и покрај нивната отворена и очигледна непослушност кон Бога; живеејќи во Рајот, тие немале апсолутно никаква причина да се сомневаат во Него, ниту во Неговите зборови, ниту во Неговата љубов кон нив.

**Иако сме склони „знаењето“ да го сметаме добро само по себе, зошто не е секогаш така? Дали има нешто што би било подобро да не го знаеме?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Размислете за поврзаноста меѓу „дрвото на животот“ и „дрвото за познавање на доброто и злото“. Оваа врска се навестува и со самиот факт дека и двајцата се наоѓаат „среде рајот“ (1. Мојсеева 2,9). Сепак, постои нешто повеќе отколку само просторна врска меѓу овие две дрва. Токму затоа што го зеле плодот од дрвото на познавањето на доброто и злото и не го послушале Бога, луѓето го изгубиле пристапот до дрвото на животот и можноста да живеат вечно, барем во оваа состојба. Оваа поврзаност лежи во основата на еден длабок принцип. Моралните и духовните избори влијаат на биолошкиот живот, што и Соломон го потврдува советувајќи го својот син: „Синко, не заборавај ја поуката моја и срцето твое да ги чува заповедите мои; зашто тие ќе ти придадат долги дни, години на живот и мир“ (Мудри изреки 3,1-2). Оваа поврзаност повторно се јавува во идниот небесен Ерусалим, во кој само дрвото на животот е присутно „сред главната улица“ (Откровение 22,2).

„Кога ја создал Ева, Бог немал намера таа да биде во подредена или надредена положба во однос на мажот, туку во сѐ да биде еднаква со него. Во интересите на овој свет пар немало никаква меѓусебна независност, сепак во мислењето и постапките и едниот и другиот имале своја индивидуалност. Меѓутоа, по падот во грев, бидејќи Ева прва ја престапила дадената заповед, Господ ѝ рекол дека Адам треба да владее над неа. Таа требала да биде потчинета на својот сопруг и тоа било дел од изреченото проклетство над неа. Во многу случаи, ова проклетство ја правело судбината на жената многу тешка, а нејзиниот живот вистински товар. Мажот на многу начини ја злоупотребува од Бога дадената предност и тирански ја изразува својата моќ над жената. Но, во својата бескрајна мудрост, Бог, со планот на спасение, му дал на човечкиот род уште едно време на милост и проверка“ (Елена Вајт, *Сведоштва за црквата*, кн. 3, стр. 484).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Бог се соочил со Адама во Едем и му поставил одредени прашања, не само за да ја утврди неговата вина, туку и да го доведе до покајание. Овој мотив се повторува во случајот на Каин (1. Мојсеева 4,9.10), пред Потопот (1. Мојсеева 6,5-8), за време на градењето на Вавилонската кула (1. Мојсеева 11,5) и пред уништувањето на Содом и Гомора (1. Мојсеева 18,21). Како била откриена идејата за истражниот суд во овие случаи?**
2. **Зошто Ева помислила дека јадењето од дрвото на познавање на доброто и злото ќе ѝ донесе мудрост? Како и ние самите да не направиме слична грешка, односно да не пркосиме отворено на Божјата реч, надевајќи се на нешто „подобро“ од она што Бог ни го понудил?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Поука 3**
**9-15 април 2022**

# КАИН И НЕГОВОТО НАСЛЕДСТВО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 4; Евреите 11,4; Михеј 6,7; Исаија 1,11; 1. Коринќаните 10,13; 1. Јованово 3,12; 1. Мојсеева 5; 1. Мојсеева 6,1-5.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Зарем, кога правиш добро, не си ведар во лицето? А ако не правиш добро, тогаш гревот е пред вратата: тој те влече кон себе, но ти надвладај го!“ (1. Мојсеева 4,7).**

Според 1. Мојсеева, она што следело веднаш по Падот, а потоа и по протерувањето на Адам и Ева од Едем, главно биле раѓања и умирања, сето тоа во согласност со Божјите пророштва од претходната глава. Како паралелни наративи, 3. и 4. глава од 1. Мојсеева содржат многу заеднички теми и изрази: описот на гревот (1. Мојсеева 3,6-8; споредете со 1. Мојсеева 4,8), клетвата над ’*adamah*, „земјата“ (1. Мојсеева 3,17; споредете со 1. Мојсеева 4,11) и протерувањето (1. Мојсеева 3,24; споредете со 1. Мојсеева 4,12.16).

Причината за овие паралели е да се нагласи исполнувањето на она што е претходно кажано – пророштвата и предвидувањата што Бог им ги дал на Адам и Ева по Падот. Првиот настан по протерувањето на Адам влевал многу надеж. Тоа било раѓањето на првиот син – нешто што Ева го доживеала како исполнување на ветувањето кое можело да се наspe од месијанското пророштво (1. Мојсеева 3,15). Односно, таа помислила дека тој може да биде ветениот Месија.

Настаните што следеле биле: злосторството на Каин, злосторството на Ламех, пократок животен век и зголемена расипаност на луѓето – и сето тоа било исполнување на проклетството изречено во третата глава на 1. Мојсеева.

Сепак, дури ни тогаш не била изгубена сета надеж.

## КАИН И АВЕЛ

**Прочитајте го текстот од 1. Мојсеева 4.1.2. Што дознаваме од овој текст за раѓањето на овие две машки деца?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Првиот настан што библискиот писател го забележал веднаш по протерувањето на Адам од Едемската градина е раѓањето. Во еврејскиот израз употребен во 1. Мојсеева 4,1, зборот „Господ“ (YHWH) е директно поврзан со зборот „човек“, како што покажува преводот, „добив човек од Господа“ – или буквално, „примив човек, всушност самиот Господ.“ „Еден од преводите гласи вака: „Родив машко дете – Господ“.

Овој буквален превод сугерира дека Ева се сетила на месијанското пророштво во текстот 1. Мојсеева 3,15 и верувала дека таа го родила Спасителот, Господ. „Доаѓањето на Спасителот било преткажано во Едем. Кога Адам и Ева првпат го чуле ветувањето, очекувале тоа бргу да се исполни. Тие со радост го поздравиле раѓањето на својот првенец, надевајќи се дека можеби тој ќе биде Избавителот“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 31, оригинал).

Всушност, поголемиот дел од таа приказна се занимава со Каин. Тој не е само првородениот, синот кој неговите родители речиси го „обожавале“, тој е и единствениот што зборува во оваа глава. А Ева, која возбудено го коментира раѓањето на Каин, не кажува ништо во моментот на раѓањето на Авел, или барем нешто што би било забележано во текстот. Нараторот едноставно соопштува дека таа „го роди уште и братот негов“ (1. Мојсеева 4,2).

Самото име Каин е изведено од еврејскиот глагол *kanah*, што значи „да се стекне“ и значи добивка, поседување на нешто скапоцено и моќно. Од друга страна, еврејското име Хебел, преведено како Авел кај нас, значи „пареа“ (Псалм 62,9) или „здив“ (Псалм 144,4) и укажува на недофатливост, празнина, недостаток на суштина. Истиот збор, hebel (Abel), секогаш се користи повторно и повторно во Книгата Проповедник и значи „суета“. Иако не би сакале да извлечеме повеќе од она што го содржат овие кратки текстови, можеби навистина може да се заклучи дека Адам и Ева сета своја надеж ја положиле во Каин затоа што верувале дека тој, а не неговиот брат, е ветениот Месија.

**Што точно претставува *hebel* во нашиот живот, и кон што се однесуваме како да е многу поважно отколку што навистина е? Зошто треба да се знае разликата меѓу она што навистина е важно и она што не е?**

# ДВА ПРИНОСИ

Спротивноста меѓу Каин и Авел, која се огледувала во нивните имиња, не се однесувало само на нивните личности, туку и на нивните занимања. Додека Каин бил „земјоделец“ (1. Мојсеева 4,2), а тоа барало тешка физичка работа, Авел бил „пастир“ (1. Мојсеева 4,2), што укажувало на чувствителност и сочувство.

Каин бил произведувач на овошки. Авел чувар на овци. Овие две занимања не само што ја објаснуваат природата на нивните жртвени приноси (овошјата на Каин и овците на Авел), туку и два различни психолошки и ментални склопа поврзани со овие приноси – Каин работел за да „добие“ плодот што самиот го произведувал, додека Авел се грижел за да ги „сочува“ овците што ги добил.

**Прочитајте ги следните текстови: 1. Мојсеј 4,4-5 и Евреите 11,4. Зошто Бог го прифатил приносот на Авел, а го отфрлил Каиновиот? Како да го разбереме она што се случило тука?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„Без пролевање на крв немало проштавање на гревот; и тие со жртвувањето на првите младенчиња од своите стада требало да ја покажат својата вера во Христовата крв како Ветена жртва на страдање и помирување. Освен тоа, требало да му ги принесуваат на Господа и првите земни плодови како жртва на благодарност“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 71, оригинал).

Додека Авел ги послушал Божјите упатства и ги принел плодовите на земјата како додаток на жртвата паленица, Каин го игнорирал тоа. Тој не принел животно како жртва, туку само жртва „од земните плодови“. Тоа било чин на отворена непослушност, за разлика од ставот на неговиот брат. На оваа сторија често се гледало како на класичен случај на спасение со вера (Авел и неговата крвна жртва) наспроти обидот да се заработи спасението со дела (Каин и неговите земни плодови).

Иако е неспорно дека овие жртви имале духовно значење, тие сами по себе немале никаква магична вредност. Тие отсекогаш биле само симболи, слики кои укажувале на Бога, кој на грешникот му обезбедил не само со храна, туку и со откупување.

**Прочитајте ги текстовите Михеј 6,7 и Исаија 1,11. Како можеме да ги преземеме принципите од овие текстови и да ги примениме во нашиот сопствен живот и богослужение?**

## ЗЛОСТОРСТВО

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 4,3-8. Што го навело Каина да го убие својот брат? Видете исто така 1. Јованово 3,12.**

---

Реакцијата на Каин е двојна: „Каин многу се разлути, и лицето му се намршти“ (1. Мојсеева 4,5). Се чини дека гневот на Каин е насочен кон Бога и кон Авела. Му се налутил на Бога затоа што мислел дека е жртва на неправда, а на Авела затоа што му љубоморел на својот брат. Љубоморен на што? Само поради жртвата? Секако, зад сцената се случувало повеќе од она што се открива во тие неколку стихови. Во секој случај, Каин бил потиштен што неговата жртва не била прифатена.

Двете прашања што Бог ги поставува во текстот 1. Мојсеева 4,6 се поврзани со двете состојби на Каин. Забележете дека Бог не го обвинува Каин. Како и во случајот со Адам, Бог поставува прашања, не затоа што не ги знае одговорите, туку затоа што сака Каин да се загледа во себе и да ја разбере причината за неговата состојба. Како и секогаш, Господ настојува да го откупи својот паднат народ, дури и кога тие отворено Го предаваат. И тогаш, откако го испрашува, Бог го советува.

Прво, Бог го поттикнува Каина да „прави добро“, да се однесува на правилен начин. Тоа е повик за покајание и промена на ставот. Бог му ветува на Каина дека ќе биде „прифатен“ и дека ќе му биде простено. Во извесна смисла, Тој му кажува дека може да биде прифатен, но под Божји услови а не негови.

Од друга страна, „ако не правиш добро, тогаш гревот е пред вратата: тој те влече кон себе, но ти надвладај го“ (1. Мојсеева 4,7). Божјиот совет го открива коренот на гревот, кој се наоѓа во самиот Каин. Овде Бог повторно го советува Каина, обидувајќи се да го насочи на патот по кој треба да оди.

Вториот Божји совет се однесува на ставот што треба да се заземе кон тој грев, кој лежи пред „вратата“ и „тој те влече кон себе, но ти надвладај го...“ Според тоа, Бог препорачува самоконтрола: „Но ти надвладеј го.“ Ова потсетува на она што го читаме во Посланието на Јаков, кога објаснува дека „Но секого го искушува неговата похота која го влече и мами“ (Јаков 1,14). Евангелието ни нуди ветување не само за простување на гревовите, туку и за победа над нив (видете 1. Коринќаните 10,13). Впрочем, Каин немал кого да обвинува за својот грев освен себеси. Зар тоа, воопштено кажано, не е случај со сите нас?

**Што можеме да научиме од оваа тажна приказна, кога станува збор за слободната волја и дека Бог нема да нè принуди на послушност?**

## КАИНОВАТА КАЗНА

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 4,9-16. Зошто Бог го поставува прашањето: „Каде е братот твој, Авел?“ Каква поврзаност постои меѓу гревот на Каин и тоа што станал „изгнаник и скитник по земјата“ (1. Мојсеева 4,12)?**

---

---

Прашањето што Бог му го поставува на Каина потсетува на она што му го поставил на Адама во Едемската градина: „Каде си?“ Ова укажува на поврзаноста меѓу гревот во Едем и овој грев сега – подоцнежениот грев (Каиновиот) бил резултат на првиот грев (Адамовиот).

Меѓутоа, Каин не го признава својот грев. Тој го негира тоа, што Адам не го сторил, иако се обидел да ја префрли вината на некој друг. Каин, наспроти тоа, отворено му пркоси на Бога, кој повторно не се колеба да го соочи Каина со неговото злосторство. Кога му го поставува третото прашање: „Што направи?“, Бог не го чека одговорот, туку го потсетува дека знае сè, бидејќи до Него допира гласот на крвта на Авел од земјата (1. Мојсеева 4,10). Тоа значело дека Бог знае за убиството и ќе реагира на тоа. Авел е под земја, што е директно поврзано со падот и со она што Господ му го рекол на Адама дека ќе се случи (види 1. Мојсеева 3,19).

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 4,14. Кое е значењето на зборовите на Каин: „Еве ме тераш ... да се скријам пред тебе?“**

---

---

Бидејќи Авеловата крв била пролеана на земјата, земјата сега е повторно проколната (1. Мојсеева 4,12). Како резултат на тоа, Каин бил осуден да стане бегалец, отуѓен од Бога. Дури кога ја слушнал Божјата пресуда, Каин ја сфатил важноста на Божјото присуство, бидејќи без него се плашел за својот живот. И по ладнокрвното братоубиство и пркос што го покажал пред Него, Господ сепак му се смилувал. И иако „си отиде Каин од пред лицето на Господ“ (1. Мојсеева 4,16), Тој сепак му дал некаква заштита. Каков точно бил овој „знак“ (1. Мојсеева 4,15), не ни е кажано, но што и да е, за тоа можел да се заблагодари само на Божјата благодат.

**„Од лицето Твое ќе се кријам“ (1. Мојсеева 4,14) – а што може да се скрие од Бога? Колку трагична ситуација за некого! Кој е единствениот начин ние, како грешници, да ја избегнеме оваа ситуација?**

## ЧОВЕЧКАТА РАСИПАНОСТ

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 4,17-24. Какво било наследството на Каин и како злосторството на Каин го отворило патот за уште поголема расипаност на човештвото?**

Внукот на Каин, Ламех, го спомнува злосторството на Каин во контекст на сопственото. Оваа споредба меѓу Каиновото и Ламеховото злосторство е многу поучна. Додека Каин молчи за своето единствено забележено злосторство, Ламех како да се фали со своите злосторства, па дури и ги велича и во песна (1. Мојсеева 4,23,24). Додека Каин ја барал Божјата милост, ништо слично не е забележано за Ламех. Додека Бог Каина го одмаздил седумпати, Ламех смета дека него ќе го одмазди седумдесет и седум пати (види 1. Мојсеева 4,24), што покажува дека тој бил многу свесен за својата вина.

Освен тоа, Каин бил моногамен (1. Мојсеева 4,17), а Ламех вовел полигамија. Библијата конкретно вели: „Ламех зеде две жени“ (1. Мојсеева 4,19). Ова продлабочување и величање на злото несомнено ќе влијае на следните генерации на Каин.

Меѓутоа, веднаш по таа епизода на злото во семејството на Каин, библискиот текст бележи нов настан, кој е во целосна спротивност со трендот на Каин. „Адам пак легна со жената своја, и таа му роди син, и му даде име Сит“ (1. Мојсеева 4,25) – што резултирало со раѓањето на Сет, кому Ева му го дала тоа име за да покаже како Бог поставил „друг син“ наместо Авел.

Историјата на името Сит, всушност му претходи на Авел. Името Сит е изведено од еврејскиот глагол *’ashit*, „ставам“ (1. Мојсеева 3,15), и со него започнува месијанското пророштво. Според тоа, месијанското семе ќе се пренесува преку лозата на Сит. Така, овој библиски текст содржи запис за месијанската лоза која започнува со Сит (1. Мојсеева 5,3), го вклучува Енох (1. Мојсеева 5,24) и Метусалем, а завршува со Ное (1. Мојсеева 6,8).

Изразот „синови Божји“ (1. Мојсеева 6,2) се однесува на потомството на Сит, бидејќи тие требало да го сочуваат Божјиот лик (1. Мојсеева 5,1.4). Од друга страна, изразот „ќерки човечки“ (1. Мојсеева 6,1) како да има негативна конотација. Потомците на оние кои биле „според образот Божји“ се прикажани како спротивност на оние кои имале само лик на човек. И токму под влијание на овие „ќерки човечки“, Божјите синови „ги земаа кои ги сакаа за жени“ (1. Мојсеева 6,2), што укажува на погрешна насока во која тргнало човештвото.

**Прочитајте 1. Мојсеева 6,1-5. Колку моќно сведоштво за ширењето на расипаноста под влијание на гревот! Зошто треба да направиме сè од наша страна, за да го искорениме гревот, со Божјата сила, од нашиот живот?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Повторениот израз: „Енох живееше според волјата Божја“ (1. Мојсеева 5,22.24) подразбира блиско и секојдневно дружење со Бога. Личниот однос на Енох со Бога бил толку посебен што „Бог го зеде“ (1. Мојсеева 5,24). Меѓутоа, овој израз, кој е единствен во Адамовиот родослов, не ја поддржува идејата за непосреден задгробен живот во Рајот за оние кои живеат „според волјата Божја“. Забележете дека и за Ное се вели дека „живееше според волјата Божја“ (1. Мојсеева 6,9), а тој умрел како и сите други луѓе, вклучувајќи ги и Адам и Матусал. Интересно е да се забележи дека не е наведена ниту една конкретна причина што би ја оправдала оваа посебна милост. „Објавувајќи му го на народот она што му го открил Бог, Енох станал проповедник на правдата. Оние што се боеле од Бога, го барале овој свет човек да ги поучи и заедно со него да се помолат на Бога. Тој и јавно работел така што Божјите упатства им ги пренесувал на сите што биле готови да ги слушаат неговите опомени. Неговите напори не се ограничувале само на потомците на Сит. Во земјата во која побегнал Каин, сакајќи да се скрие од божественото присуство, пророкот ги објавувал чудесните сцени што му биле покажани во визија: ’Ете’, велел тој, ’иде Господ со илјадници свои свети ангели за да изрече суд над сите и да ги изобличи сите безбожници за сите нивни нечесни дела’ (Посланието на Јуда, стихови 14,15)“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 86, оригинал).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Зошто Каин го убил својот брат? Прочитајте го следниот коментар на Елиј Визел: „Зошто го направи тоа? Можеби сакал да остане сам – единствено дете и, по смртта на неговите родители, единствен човек. Сум како Бог и можеби сум наместо Бог... Каин убил за да стане Бог... Секој човек што се доживува себеси како Бог, завршува со убивање луѓе“ (Elie Wiesel, Messengers of God: Biblical Portraits and Legends; New York: Random House, 1976, p. 58). Како можеме да се сочуваме, дури и ако не извршиме убиство, во никој случај да не го имитираме ставот на Каин?**
2. **Споредете го животниот век на претпотопните луѓе (1. Мојсеева 5) со животниот век на патријарсите. Како можеме да го објасниме ова скратување на човечкиот живот? Зошто овој пад на животниот век е во спротивност со претпоставките на модерниот дарвинизам?**

Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица

Поука 4
16-22 април 2022

# ПОТОПОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 6,13 - 7,10; 2. Петрово 2,5-9; 1. Мојсеева 7; Римјаните 6,1-6; Псалм 106,4; 1. Мојсеева 8; 1. Мојсеева 9,1-17.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Но, како што беше во деновите на Ное, така ќе биде и при доаѓањето на Синот Човечки“ (Матеј 24,37).**

„И Господ виде дека лошотиите меѓу луѓето на земјата се умножуваа, и дека сите мисли и помисли во срцата нивни беа зли во секое време...“ (1. Мојсеева 6,5). Глаголот „виде“ (1. Мојсеева 6,5) го враќа читателот на секој чекор од Божјото првобитно создавање. Но, она што Бог го гледа сега, наместо да биде *tov*, „добро“, всушност е *ra'*, „зло“ (1. Мојсеева 6,5). Се добива впечаток дека Бог се покајал што го создал овој свет, кој сега бил полн со *ra'*“ (1. Мојсеева 6,5).

Сепак, дури и Божјото каење содржи елементи на спасение. Еврејскиот збор за „кае“ (nakham) звучи слично како името Ное (Noahk), што значи „утеха“ (1. Мојсеева 5,29). Според тоа, Божјиот одговор на тоа зло има две страни. Тој содржи закана со правда, која ќе доведе до уништување на некои луѓе, но и ветување за утеха и милост, што ќе доведе до спасение на други.

Овој „двоен глас“ е веќе слушнат во случајот на Каин и Авел/Сит, и повторно преку споредување на две наследни линии – Сит (синови Божји) и Каин (синови човечки). А сега можел повторно да се слушне, кога Бог направил разлика меѓу Ное и остатокот од човештвото.

## ПОДГОТОВКА ЗА ПОТОПОТ

**Прочитајте 1. Мојсеева 6,13-7,10. Каква поука можеме да извлечеме од овој необичен извештај за раниот период на човечката историја?**

---

Како Даниел, Ное е пророк кој го најавува крајот на светот. Еврејскиот збор за „ковчег“ (*tevah*) (1. Мојсеева 6,14) е истата ретка египетска заемка што се користи за „ковчегот“ во кој Мојсеј бил скриен и сочуван како дете за да го избави Израел од Египет (2. Мојсеева 2,3).

Исто така, некои виделе паралели со ковчегот на заветот во општата структура на тој ковчег (2. Мојсеева 25,10). Како што ковчегот на Ное ќе овозможи опстанок на човештвото, така и ковчегот на заветот, знак на Божјото присуство среде Неговиот народ (2. Мојсеева 25,22), укажува на Божјото дело на спасение за тој народ.

Со изразот „И направи Ное сè како што му заповеда Бог“ 1. Мојсеева 6,22), се завршува воведниот дел. Глаголот *'asah*, „направи“, кој се однесува на постапката на Ное, претставува одговор на глаголот *'asah*, „направи“, во Божјата заповед, со кој започнува воведниот дел (1. Мојсеева 6,14) и кој се повторува пет пати во оригиналниот текст (1. Мојсеева 6,14-16). Ова ехо меѓу Божјата заповед и одговорот на Ное укажува на апсолутна послушност на Ное кон она што Бог му рекол да го направи, *'asah*. Интересно е што овој израз се користи и во контекст на изградбата на ковчегот на заветот (2. Мојсеева 39,32.42; 40,16).

„Бог на Ное му ги дал точните димензии на бродот и изрични упатства во врска со неговата конструкција во сите подробности. Човечката мудрост не би можела да измисли градба со толку голема сила и издржливост. Бог бил проектант, а Ное само изведувач на работите“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 92, оригинал).

Значи, оваа паралела меѓу двата „ковчези“ ја потврдува нивната заедничка откупителна улога. Од таа причина, послушноста на Ное е опишана како дел од Божјиот план на спасение. Ное бил спасен едноставно затоа што имал доволно вера да го направи она што Бог му го заповедал (види Евреите 11,7). Тој бил ран пример на вера која се пројавува преку послушност – единствениот вид на вера што навистина е важен (Јаков 2,20).

Накратко, иако „Ное најде милост во очите на Господ“ (1. Мојсеева 6,8), како одговор на таа веќе дадена милост, тој постапил верно и послушно на Божјите заповеди. Зар не треба така да биде и со сите нас?

**Прочитајте го текстот 2. Петрово 2,5-9. Зошто било спасено само семејството на Ное? Каква поука можеме да извлечеме од извештајот за Ное, која се однесува на нашата улога да го опоменуваме светот за претстојниот суд?**

# ПОТОПОТ

Глаголот *'asah*, „направи“, кој се однесува на постапките на Ное, е исто така клучен збор во извештајот за Создавањето во 1. Мојсеева (1. Мојсеева 1,17.16.25.26.31; 1. Мојсеева 2,2). Затоа, Ноевите дела на послушност кон Бога се како Божјите дела на создавање. Она што можеме да го заклучиме врз основа на таа врска е дека при Потопот не се работело само за Божјата казна на човештвото, туку и за Божјото спасение.

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 7. Зошто описот на Потопот нѐ потсетува на извештајот за Создавањето? Какви поуки можеме да извлечеме од паралелите меѓу овие два настана?**

---

---

Внимателното читање на текстот за Потопот открива дека се употребени многу зборови и изрази што се појавуваат во извештајот за Создавањето: „седум“ (1. Мојсеева 7,2.3.4; споредете со 1. Мојсеева 2,1-3); „машко и женско“ (1. Мојсеева 7,2.3.9.16; споредете со 1. Мојсеева 1,27); „според нивниот род“ (1. Мојсеева 7,14; споредете со 1. Мојсеева 1,11.12.21.24.25); „животни“, „птици“, „сѐ што се движи по земјата“ (види 1. Мојсеева 7,8.14.21.23; споредете со 1. Мојсеева 1,24.25); и „жива душа“ (1. Мојсеева 7,15.22; споредете со 1. Мојсеева 2,7).

Според тоа, сторијата за потопот донекаде потсетува на сторијата за Создавањето. Овие одеци на извештајот за Создавањето откриваат дека Бог којшто создава е истиот Бог кој уништува (5. Мојсеева 32,39). Сепак, овие одеци, исто така, пренесуваат и порака на надеж – за Потопот е предвидено да биде ново создавање, од вода, што доведува до ново постоење.

Движењето на водите покажува дека тоа ново создавање е, всушност, пресвртување на чинот на Создавањето во 1. Мојсеева 1. За разлика од 1. глава на 1. Мојсеева, која го опишува одвојувањето на водата над сводот од водата под сводот, (1. Мојсеева 1,7), Потопот го подразбира нивното повторно соединување, бидејќи тие ги рушат своите граници (1. Мојсеева 7,11).

Овој процес пренесува парадоксална порака – Бог мора да го уништи она што било претходно за да овозможи ново создавање, кое ќе дојде подоцна. Создавањето нова земја бара уништување на старата. Така Потопот го најавува идното спасение на светот на крајот на времето: „И видов ново небо и нова земја, зашто поранешната земја помина“ (Откровение 21,1; споредете со Исаија 65,17).

**Што треба да се уништи во нас за повторно да се создаде? (Видете Римјаните 6,1-6)**

# КРАЈОТ НА ПОТОПОТ

Текстот 1. Мојсеева 7,22-24 го опишува разорното и сеопшто дејство на водата, која предизвикала да „се истреби секое суштество што живееше на земјата“ (1. Мојсеева 7,23) и која „беше над земјата сто и педесет дена“ (1. Мојсеева 7,24). Токму во оваа атмосфера на целосно уништување и безнадежност, „си спомна Бог“ (1. Мојсеева 8,1). Тој израз е во самиот центар на целиот извештај за Потопот, што укажува дека тоа е неговата главна порака.

**Прочитајте 1. Мојсеева 8,1. Што значи тоа дека Бог „си спомна за Ное“?**

---

Глаголот *zakhar*, „спомна“, значи дека Бог не заборавил; тоа е нешто повеќе од обична ментална активност. Во библискиот контекст, „Бог кој си спомнува“ подразбира исполнување на Неговото ветување и често се однесува на спасението (видете 1. Мојсеева 19,29). Во контекст на Потопот, „Бог си спомнува“ значи дека дождот „престана“ (1. Мојсеева 8,2) и дека Ное наскоро ќе може да го напушти ковчегот (1. Мојсеева 8,16).

Иако сѐ уште не добил директна наредба да излезе, Ное презема иницијатива и испраќа најпрво гавран, а потоа и гулаб за да ја истражи ситуацијата. Конечно, бидејќи гулабот не се вратил кај него, тој сфатил дека „ја снема водата од земјата“; „го отвори покривот на ковчегот, погледна и виде дека површината на земјата беше поисушена“ (1. Мојсеева 8,13).

Однесувањето на Ное ни дава бројни практични лекции. Од една страна, нѐ учи да му веруваме на Бога, иако Тој сѐ уште не зборува директно. Од друга страна, верата не ја негира вредноста на размислувањето и испитувањето. Верата не нѐ ослободува од должноста да размислуваме, да бараме и да проверуваме дали она што сме го дознале е вистина.

Сепак, Ное не излегува надвор додека Бог конечно не му каже да го стори тоа (1. Мојсеева 8,15-19). Тоа значи, дури и откако дознал дека е безбедно да излезе, Ное сѐ уште се потпира на Бога и го чека Неговиот знак пред да го напушти ковчегот. Тој сѐ уште трпеливо чека во арката. „Бидејќи во ковчегот влегол на Божја заповед, чекал посебно упатство да излезе од него.Најпосле од небото дошол силен ангел, ја отворил масивната врата и им заповедил на патријархот и на членовите на неговото семејство да излезат од ковчегот и да изведат од него сѐ што било живо“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 105, оригинал).

**Прочитајте ги следните текстови: 1. Мојсеева 8,1; 19,29 и Псалм 106,4. Што значи изразот „Бог си спомна“? Што значи оваа вистина за нас сега – т.е. како Бог ви покажал дека „си спомна“ за вас?**

## ЗАВЕТ – ПРВ ДЕЛ

Дошло време да се исполни ветениот завет. „Но со тебе Јас ќе направам Свој завет, а во ковчегот ќе влезеш ти, и со тебе и синовите твои, и жената твоја, и жените на синовите твои“ (1. Мојсеева 6,18). За разлика од божествената закана за уништување (1. Мојсеева 6,17), овој завет е ветување за живот.

**Прочитајте 1. Мојсеева 8,20. Што направил Ное прво кога излегол од арката и зошто?**

___

Како Адам и Ева, кои несомнено Го славеле Бога во сабота, веднаш по шесте дена од создавањето, Ное му принесува жртва на Бога веднаш по Потопот, што само по себе било нов чин на создавање. Меѓутоа, постои разлика меѓу овие два чина на богослужение. За разлика од Адама и Ева, кои директно му се поклонувале на Господа, Ное морал да принесе жртва. Ова е првото спомнување на олтар во Библијата. Оваа жртва е „жртва паленица“ (*’olah*), најстара и најчесто принесувана жртва. За Ное, тоа била жртва благодарница (спореди со 1. Мојсеева 15,1-11), принесена како израз на благодарност на Создателот кој го спасил.

**Прочитајте 1. Мојсеева 9,2-4. Како влијаел Потопот на човековата исхрана? Кој принцип стои зад Божјите ограничувања?**

___

___

Поради последиците од Потопот, растителна храна повеќе не била достапна како порано. Затоа Бог дозволил луѓето да јадат животинско месо. Оваа промена во исхраната довела до промена во односите меѓу луѓето и животните, во споредба со односите што постоеле меѓу нив по првобитното Создавање. Според извештајот за создавањето, луѓето и животните делеле иста растителна храна и не претставувале закана еден за друг. Меѓутоа, во светот по Потопот, убивањето животни за храна довело до врски кои вклучуваат страв и трепет (1. Мојсеева 9,2). Во моментот кога почнале да се јадат едни со други, луѓето и животните несомнено развиле сосема поинаков однос од оној во кој уживале во Едем.

**Меѓутоа, оваа Божја дозвола имала две ограничувања. Прво, не сите животни биле погодни за исхрана. Првото ограничување се огледувало во разликата меѓу „чистите и нечистите“ животни, што било дел од поредокот на создавањето (види 1. Мојсеева 8,19.20; спореди 1. Мојсеева 1,21.24). Второто ограничување било изречно и ново, а значело воздржување од консумирање крв, бидејќи животот е во крвта (1. Мојсеева 9,4).**

## ЗАВЕТ – ВТОР ДЕЛ

**Прочитајте 1. Мојсеева 8,21-9,1. Кое е значењето на Божјото залагање за зачувување на животот? На кој начин Божјиот благослов ја исполнува целта на тоа залагање?**

Божјата посветеност на тоа да се зачувува животот била чин на благодат, а не резултат на човечки заслуги. Бог одлучил да го зачува животот на земјата и покрај човечкото зло (1. Мојсеева 8,21). Во текстот 1. Мојсеева 8,22 буквално стои „сè дури постои земјата“, односно, додека постои оваа сегашна земја, годишните времиња ќе доаѓаат и ќе си одат и животот ќе опстојува. Накратко, Бог не се откажал од своите созданија.

Всушност, следниов текст, кој зборува за Божјиот благослов, нè враќа на првобитното Создавање и благословот што го следел (1. Мојсеева 1,22.28; 1. Мојсеева 2,3). Во извесна смисла, Господ му дал на човештвото можност за нов почеток – можност да започне одново.

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 9,8-17. Кое е значењето на виножитото? Во која смисла овој „знак на заветот“ (1. Мојсеева 9,13) е поврзан со другиот знак на заветот, саботата?**

Изразот „го поставувам заветот Мој со вас и со вашето потомство по вас“ се повторува три пати (1. Мојсеева 9,9.11.17), што означува кулминација и исполнување на првобитното Божјо ветување (1. Мојсеева 6,18). По претходниот отсек, кој е паралелен со шестиот ден во извештајот за Создавањето, овој дел е паралелен со оној што го опфаќа седмиот ден од извештајот за Создавањето – сабота. Повторувањето на зборот „завет“, седум пати во овој текст, е нешто што потсетува на саботата. Како и саботата, виножитото е знак на заветот (1. Мојсеева 9,13.14.16; спореди со 5. Мојсеева 31,12-17). Исто така, како и саботата, виножитото има сеопфатен карактер – важи за целиот свет. Како што саботата, како симбол на создавањето, е наменета за секого, каде и да се наоѓа, така ветувањето дека повеќе нема да има сеопшт потоп важи за секого и на секое место.

**Следниот пат кога ќе видите виножито, размислете за сите ветувања што ни ги дал Бог. Зошто можеме да веруваме во овие ветувања и како виножитото ни го покажува тоа?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Особено поучно е да се споредат менталитетот, однесувањето на луѓето и ситуацијата во светот пред Потопот и она што постои денес. Човечката расипаност, секако, не е нова појава. Разгледајте ги паралелите меѓу нивното и нашето време.

„Гревовите поради кои Бог го казнил претпотопниот свет и денеска постојат. Страхопочитта кон Бога исчезнала од срцата на луѓето, а неговиот закон го гледаат рамнодушно и со презир. Видливата и незауздана склоност кон земните уживања, толку карактеристична за претпотопниот свет, во иста мера ја покажува и денешната генерација... Бог не ги осудил претпотопните луѓе затоа што јаделе и пиеле... Нивниот грев се состоел во тоа што, користејќи ги тие дарови, не му биле благодарни на Дародавецот и што се понижувале со неограничено попуштање на апетитот. Со закон им било дозволено да се женат и да се мажат. Бракот е божествена установа, една од првите во поредокот што го воспоставил Бог. Тој за оваа установа дал посебни упатства и ја облекол во светост и убавина; но тие упатства се заборавени и бракот е изопачен до таа мера што служел само за задоволување на сетилните страсти. Слична состојба постои и денеска. Се претерува во сè што инаку е дозволено... Измами, поткупувања и кражби можат да се сретнат и во високите и во нижите општествени кругови, и никој не ги осудува. Весниците се полни со извештаи за убиства... Дух на анархија ги проникнува сите нации на светот, а буните и нередите што го потресуваат светот се само напластени огнени страсти и беззаконија кои, кога еднаш ќе се оттргнат од контролата и ограничувањето, ќе го преплават светот со беда и со пустење. Сликата со која Вдахновението ја прикажува состојбата на претпотопниот свет премногу верно го прикажува она кон што денешното општество бргу оди во пресрет. Дури и денеска, во овој век, и тоа во земјите што се сметаат за христијански, секојдневно се случуваат злосторства црни и ужасни исто како и оние поради кои биле уништени грешниците на претпотопниот свет“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 101, 102, оригинал).

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

1. **Кои се заедничките карактеристики на претпотопното и нашето општество? Што можеме од овие заеднички карактеристики да научиме за тоа колку Бог е милостив, Кој, и покрај сето ова, го сака овој свет и секогаш настојува да спаси кого може?**
2. **Некои луѓе тврдат дека Ноевиот потоп бил само локален настан. Што е погрешно во таа идеја? Кога тоа би било вистина, зошто секоја локална поплава (и секое виножито) би го направила Бога лажец?**

**Поука 5**
**23-29 април 2022**

# СИТЕ НАРОДИ И ВАВИЛОН



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 9,18-11,9; Лука 10,1; Матеј 1,1-17; Лука 1,26-33; Псалм 139,7-12; 1. Мојсеева 1,28; 1. Мојсеева 9,1.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Затоа тој се нарече Вавилон, зашто таму го збрка Господ јазикот на целата земја и оттаму ги растури Господ по целата земја“ (1. Мојсеева 11,9).**

По Потопот, фокусот на библискиот извештај се префрлува од поединецот, Ное, на неговите три сина, „Сим, Хам и Јафет“. Посебно внимание се посветува на Хам, таткото на Хананејците (1. Мојсеева 10,6.15), што претставува вовед во приказната за „Ханан“ – Ветената земја (1. Мојсеева 12,5), што ја чекал Аврам, чиј благослов ќе ги опфати сите народи (1. Мојсеева 12,3).

Меѓутоа, текот на наративот го прекинува извештајот за изградбата на Вавилонската кула (1. Мојсеева 11,1-9). Уште еднаш, Божјите планови за човештвото се нарушени. Она што требало да биде благослов – раѓање на сите народи – станува повод за уште едно проклетство. Народите се обединуваат за да се обидат да го заземат Божјето место. Бог им изрекува пресуда и, како резултат на збрката, народот се расејува по целиот свет (1. Мојсеева 11,8), со што го исполнуваат првобитниот Божји план за нив да ја „наполнат земјата“ (1. Мојсеева 9,1).

На крајот, и покрај човечката расипаност, Бог го претвора злото во добро. Тој, како и секогаш, го има последниот збор. Проклетството на Хам во шаторот на неговиот татко (1. Мојсеева 9,21.22) и проклетството над збунетите луѓе кај Вавилонската кула (1. Мојсеева 11.9), на крајот ќе се претворат во благослов за сите народи.

## КЛЕТВАТА НАД ХАМ

**Која е пораката на необичната приказна во 1. Мојсеева 9,18-27?**

Однесувањето на Ное во лозјето потсетува на однесувањето на Адам во Едемската градина. Овие две стории имаат некои заеднички мотиви: јадење овошје кое резултира со голотија, а потоа покривање, проклетство и благослов. Така, Ное повторно се поврзува со неговите адамски корени и, за жал, ја продолжува историјата на Падот.

Ферментацијата на овошките не била дел од првобитното Божје создавање. Ное се препуштил на нејзиното дејство, а потоа ја изгубил самоконтролата и се разоткрил. Фактот дека Хам ја „видел“ неговата голотија, потсетува на Ева, која исто така го „видела“ забранетото дрво (1. Мојсеева 3,6). Оваа паралела сугерира дека Хам не ја „видел“ голотијата на својот татко кришум. Одел наоколу зборувајќи за тоа без воопшто да се обиде да се погрижи за проблемот на неговиот татко. Наспроти него, реакцијата на неговите браќа, кои веднаш тргнале да го покријат својот татко, додека Хам го оставил гол, премолчено ги осудила постапките на Хам.

Се работи за почитување на родителите. Ако не ги почитувате родителите, кои го претставуваат вашето минато, тоа ќе влијае и на вашата иднина (2. Мојсеева 20,12; спореди Ефесјаните 6,2). Оттука и проклетството што ќе влијае на иднината на Хам и на неговиот син Ханан.

Се разбира, груба теолошка грешка и етичко злосторство е да се користи тој текст за да се оправдаат расистички теории против кој било. Пророштвото е строго ограничено на Ханан, синот на Хам. Библискиот автор има на ум некои од расипаните постапки на Хананците (1. Мојсеева 19,5-7.31-35).

Освен тоа, таа клетва содржи и ветување за благослов. Станува збор за игра на зборови поврзани со името „Ханан“, кое е изведено од глаголот *kana'*, што значи „покорува“. Токму со покорувањето на Ханан, Божјиот народ, потомците на Сим, ќе влезат во Ветената земја и ќе го подготват патот за доаѓањето на Месија, кој ќе го рашири Јафет „во шаторите на Сим“ (1. Мојсеева 9,27). Тоа е пророчка алузија на проширувањето на Божјиот завет на сите народи, кои ќе ја прифатат пораката за спасение упатена преку Израел до целиот свет (Даниел 9,27; Исаија 66,18-20; Римјаните 11,25). Така, проклетството на Хам, всушност, ќе биде благослов за сите народи, вклучувајќи ги и потомците на Хам и Хананците кои ќего прифатат спасението што им го понудил Господ.

**Ное – „херојот“ на Потопот – пијан? Што ни кажува ова за несовршеностите на сите нас и зошто Божјата милост ни е потребна во секој момент од нашиот живот?**

# РОДОСЛОВИЕТО ВО 1. МОЈСЕЕВА

Врз основа на хронолошките информации за неговото време, гледаме дека Ное служел како врска помеѓу цивилизациите пред и по потопот. Последните два стиха од сторијата за него (1. Мојсеева 9,28.29) нè враќаат на последната алка од родословието на Адам (1. Мојсеева 5,32). Бидејќи Адам умрел кога Ламех, таткото на Ное, имал 56 години, Ное сигурно слушнал приказни за Адам, така што можел да им ги пренесе на своите потомци пред и по потопот.

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 10. Која е целта на ова родословие во Библијата? (Видете и Лука 3,23-38.)**

Библиската генеалогија има три функции. Прво, ја нагласува историската природа на библиските извештаи, кои се однесуваат на вистински луѓе кои некогаш живееле и умреле, и чии денови биле прецизно избројани. Второ, таа го покажува континуитетот од древните времиња до времето во кое живее писателот на одредената книга, воспоставувајќи јасна врска меѓу минатото и „сегашноста“. Трето, нè потсетува на човечката кревкост и на трагичниот ефект на проклетството на гревот и неговите смртоносни последици врз сите генерации што настапувале.

Забележете дека поделбата на „хамити“, „семити“ и „јафети“ не следи некои јасни критериуми. Седумдесет народи најавуваат 70 членови на семејството на Јаков (1. Мојсеева 46,27) и 70 израелски старешини во пустината (1. Мојсеева 24,9). Идејата за поврзаност меѓу 70-те народи и 70-те старешини укажува на мисијата на Израел кон другите народи: „Кога Севишниот го разделуваше наследството на народите и ги раселуваше синовите човечки, тогаш стави граници меѓу народите според бројот на синовите израелски“ (5. Мојсеева 32,8). Според истиот образец, Исус испраќа 70 ученици да ги евангелизираат народите (Лука 10,1).

Оваа информација ни ја открива директната врска меѓу Адам и патријарсите. Сите тие биле историски личности, вистински луѓе од Адам па наваму. Исто така, ни помага да разбереме дека патријарсите имале директен пристап до сведоци, кои лично се сеќавале на овие древни настани.

**Прочитајте го текстот Матеј 1,1-17. Што можеме да научиме за историчноста на сите овие личности? Зошто е толку важно за нашата вера да знаеме и да веруваме дека тоа биле вистински луѓе?**

## ЕДЕН ЈАЗИК

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 11,1-4. Зошто луѓето „по целата земја“ толку многу се грижеле за постигнување единство?**

Изразот „цела земја“ се однесува на мал број луѓе, оние кои живееле по Потопот. Причината за нивното собирање е јасно наведена – сакале да изградат кула што ќе допира до небото (1. Мојсеева 11,4). Нивната вистинска намера, всушност, била да го заземат местото на самиот Бог Создател. Посебно е значајно што описот на намерите и постапките на овие луѓе потсетува на описот на Божјите намери и постапки во извештајот за Создавањето: „си рекоа“ (1. Мојсеева 11,3.4; 1. Мојсеева 1,6.9.14, итн.); „да правиме“ (1. Мојсеева 11,3.4; споредете со 1. Мојсеева 1,26). Нивната намера изречно е наведена: „Да се здобиеме со име“ (1. Мојсеева 11,4), а тоа е израз што се користи исклучиво за Бога (Исаија 63,12.14).

Накратко, градителите на Вавилон негувале грешна амбиција да го заменат Бог Создателот. (Знаеме кој ги инспирирал на тоа, зар не? Видете Исаија 14,14.) Сеќавањето на Потопот несомнено играло извесна улога во нивниот проект. Тие изградиле висока кула за да го преживеат следниот потоп, ако евентуално се случи и покрај Божјото ветување. Сеќавањето на потопот е зачувано во вавилонската традиција, иако искривено, и поврзано со изградбата на градот Вавилон. Тој напор да се достигне небото и да се узурпира Божјиот престол, навистина ќе го карактеризира духот на Вавилон.

Од истата причина, сторијата за Вавилонската кула е толку важен мотив во Книгата на пророк Даниел. Повикувањето на земјата Сенар во воведот на извештајот за Вавилонската кула (1. Мојсеева 11,2), се повторува на почетокот на Даниеловата книга, како назив на местото на кое Навуходоносор донел предмети од ерусалимскиот храм (Даниел 1,2). Меѓу многуте други настани опишани во таа книга, таквиот став најјасно го пренесува епизодата во која Навуходоносор поставува златна статуа, веројатно на истото место и во истата „рамница“. Во своите визии за крајот, Даниел го гледа истото сценарио – народите на земјата како се собираат за да се обединат против Бога (Даниел 2,43; Даниел 11,43-45; споредете со Откровение 16,15.16). Тој нивен обид пропаѓа, како и во случајот со Вавилон.

**Еден познат француски секуларен писател од минатиот век тврдел дека големата цел на човештвото се состои токму во тоа да се обиде „да биде Бог“. Што е тоа кај сите нас, почнувајќи од Ева во Едем (1. Мојсеева 3,5), што нè вовлекува во оваа опасна лага?**

## „АЈДЕ ДА СЛЕЗЕМЕ“

**Прочитајте ги следните текстови: 1. Мојсеева 11,5-7 и Псалм 139,7-12. Зошто Бог слегол на земјата во таа прилика? Кој настан поттикнал таква божествена реакција?**

---

Иронично е што, иако луѓето тежнееле да се искачат високо, Бог морал да се спушти кај нив. Божјото слегување е потврда за Неговата надмоќ. Бог секогаш ќе биде надвор од нашиот човечки дофат. Залуден е и смешен секој човечки напор да се издигне до Него и да се сретне со Него на небото. Несомнено, Исус слегол кај нас токму затоа – да нè спаси. Зашто, навистина немало друг начин да нè спаси.

Големата иронија во извештајот за Вавилонската кула се одразува во изјавата дека Бог „се спушти да го види градот и кулата“ (1. Мојсеева 11,5). Бог воопшто не морал да слезе за да ја види (Псалм 139,7-12; спореди со Псалм 2,4), но тој го направил тоа. Овој концепт ја нагласува Божјата поврзаност со човештвото.

**Прочитајте го текстот Лука 1,26-33. Што нè учи ова за Божјото слегување кај нас?**

---

Божјото слегување нè потсетува и на принципот на оправдување со вера и на процесот на Божјата благодат. Што и да направиме за Бога, Тој сепак ќе мора да слезе за да се состане со нас. Она што го правиме за Бога не е она што ќе нè доведе до Него и до спасение. Напротив, Божјото движење кон нас е она што ќе нè спаси. Текстот од 1.Мојсеева 11,5-7 дури двапати го спомнува Божјото симнување, што покажува колку му било важно тоа што се случувало таму.

Според тој текст, Господ сакал да стави точка на нивното длабоко вкоренето единство, кое – со оглед на нивната падната состојба – може да доведе само до поголемо и поголемо зло. Затоа решил да им ги помеша јазиците, попречувајќи ги со тоа нивните заеднички планови.

„Плановите на градителите на Вавилон завршиле со срамен пораз. Споменикот на нивната гордост останал споменик на нивната лудост. Па сепак, луѓето продолжуваат да одат по истиот пат - потпирајќи се само на себе и отфрлајќи го Божјиот закон. Тоа е она начело што сатаната се обидел да го наметне уште на небото, истото она начело со кое се раководел Каин кога го донел својот принос“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 123, оригинал).

**Според што можеме да препознаеме во извештајот за Вавилонската кула уште еден пример на човечката горделивост и причините зошто тој обид на крајот пропаднал? Кои поуки можеме да ги извлечеме за нас лично од таа сторија?**

# СПАСЕНИЕ НА ПРОГОНЕТИТЕ

**Прочитајте ги следните стихови: 1. Мојсеева 11,8.9 и 9,1, и споредете ги со 1. Мојсеева 1,28. Зошто Божјото расејување е спасоносно?**

---

---

Божјиот план и благослов за луѓето биле следни: „Плодете се и множете се, и полнете ја земјата“ (1. Мојсеева 9,1; споредете со 1. Мојсеева 1,28). Меѓутоа, градителите на Вавилон, спротивно на Божјиот план, претпочитале да се држат заедно како ист народ. Една од причините зошто сакале да го изградат тој град била токму за да не се „растуриме по целата земја“ (1. Мојсеева 11,4). Тие одбиле да се преселат на други места, верувајќи дека веројатно ќе бидат помоќни заедно отколку што би биле ако се разделат и се расеат. И, во извесна смисла, тие биле во право.

За жал, тие имале намера да ја искористат моќта на своето единство за зло, а не за добро. Сакале „да се здобиеме со име“, што е јасен одраз на нивната гордост и ароганција. Навистина, секогаш кога луѓето, отворено пркосејќи му на Бога, посакуваат да се „здобијат со име“, можеме да бидеме сигурни дека тоа нема да излезе на добро. Никогаш и не излегло.

Според тоа, како казна за нивниот отворен пркос, Бог им одредил да бидат расеани „по целата земја“ (1. Мојсеева 11,9) – токму она што тие не сакале да се случи.

Интересно е што името Вавилон, што значи „Божја врата“, се поврзува со глаголот *balal*, што значи „збунува“ (1. Мојсеева 11,9). Така, токму затоа што сакале да стигнат до „вратата“ Божја, бидејќи себеси се сметале за еднакви на Бога, завршиле збунети и многу помалку моќни од порано.

„Жителите на Вавилон решиле да основат владеење што би било независно од Бога. Меѓутоа, меѓу нив имало и такви кои се боеле од Господа, но биле измамени со тврдењето на безбожниците и вплеткани во нивните планови. Заради тие верници Бог ги одложувал своите казни и на луѓето им дал време да го откријат својот вистински карактер. Кога се откриле нивните намери, Божјите синови настојувале да ги одвратат од тоа, но овие биле наполно единствени во својот потфат кој претставувал дрзок предизвик за Небото. Кога тие не би биле спречени во нивната намера, светот морално целосно би се изопачил уште во своето детство. Нивниот сојуз се засновал на бунт; тоа би било едно царство создадено да ги извиши самите нив, а не во него да се слави и да се почитува Бог“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 123, ориг.).

**Зошто треба да бидеме мошне внимателни да не се стремиме да се „здобиеме со име“ за самите нас?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Патријарси и пророци* од Елена Вајт, прочитајте ја главата со наслов „Вавилонската кула“, стр. 117-124, оригинал).

„Решиле тука да подигнат град и во него кула со вчудовидувачка височина, бидејќи таа требало да претставува вистинско светско чудо. Тој потфат е преземен со цел да се спречи раселувањето на народите по населби. Бог на луѓето им наредил да се разотидат по сета земја, повторно да ја наполнат и да завладеат со неа. Меѓутоа, овие градители на Вавилон решиле својата заедница да ја сторат единствена и да основат монархија која подоцна ќе ја покори сета земја. Така нивниот град би станал престолнина на едно сеопшто светско царство и со својата слава и убавина би го привлекувал вниманието и би предизвикувал восхит кај целиот свет и би претставувал гордост за своите славни градители. Величествената кула, која би допирала до небото, замислено е да остане како споменик на мудроста и моќта на нејзините градители и нивната слава вечно да ја пренесува од поколение на поколение.

Жителите на низината Сенар не верувале во Божјиот завет дека нема веќе да пушти потоп на земјата. Мнозина од нив тврделе дека Бог и не постои, а потопот го поврзувале со последиците на природните појави и причини. Други пак верувале во некое надмоќно суштество кое, според нивното осведочување, го уништило претпотопниот свет, но нивното срце, како и некогаш срцето на Каина, се бунело против него. Една од целите што си ја поставиле себеси при градењето на кулата била да си осигурат лична безбедност во случај на повторен потоп. Со тоа што имале намера кулата да ја изградат многу повисоко од нивото до кое допрела водата на потопот, мислеле дека ќе избегнат секоја можна опасност. А бидејќи на тој начин би биле во можност да допрат во областа на облаците, се понадевале дека со тоа ќе можат да ја утврдат и причината за потопот. Целокупниот потфат е замислен така за уште повеќе да ја издигне гордоста на неговите проектанти и мислите на идните поколенија да ги одврати од Бога, водејќи ги во идолопоклонство“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 118, 119, оригинал).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Какви примери имаме од историјата, или можеби дури и од сегашноста, за неволјите што можат да ги предизвикаат оние што сакаат да се здобијат со име?**

**2. Како можеме, како црква, да ја избегнеме опасноста да се обидеме, макар и несвесно, да изградиме сопствена Вавилонска кула? На кои начини, всушност, би можеле да се обидуваме да го направиме тоа, можеби дури и несвесно?**

**Поука 6**
**Од 30 април до 6 мај 2022**

# АВРАМОВИТЕ КОРЕНИ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 12; Исаија 48,20; Исаија 36,6.9; Еремија 2,18; 1. Мојсеева 13; 1. Мојсеева 14; Евреите 7,1-10.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Со вера Авраам, кога беше повикан, послуша да појде во местото што требаше да го добие во наследство, и тргна, не знаејќи каде оди“ (Евреите 11,8).**

Стигнавме до средината на 1. Книга Мојсеева. Овој централен дел (1. Мојсеева 12-22) го опфаќа патувањето на Аврам од првиот Божји повик, *lekh lekha* – „Оди!“ (1. Мојсеева 12,1), што го навело Аврама да се откаже од своето минато, сè до вториот Божји повик, *lekh lekha* – „Оди!“ (1. Мојсеева 22,2), што го навело да се откаже од иднината (каква што би ја имал во својот син). Како резултат на тоа, Аврам е секогаш во движење, секогаш мигрант, поради што е наречен и „доселеник“ (1. Мојсеева 17,8).

На своето патување, Аврам „лебди над празнината“, без минато, кое го изгубил, и без иднина што не можел да ја види. Меѓу овие два повици, кои го обликуваат неговото патување на верата, Аврам го слуша Божјиот глас, кој го уверува: „Не плаши се“ (1. Мојсеева 15,1). Овие три Божји збора ги означуваат трите дела од Аврамовото патување, кои ќе ги проучуваме 6., 7. и 8. лекција во ова тримесечје.

Аврам претставува пример за вера (1. Мојсеева 17,6) и во еврејското Писмо се споменува како човек на верата (Немија 9,7.8). Во Новиот завет, Аврам е една од најчесто споменуваните личности од Стариот завет, а оваа седмица ќе почнеме да согледуваме и зошто.

# ЗАМИНУВАЊЕТО НА АВРАМ

**Прочитајте 1. Мојсеева 12,1-9. Зошто Бог го повикал Аврама да ја напушти својата земја и семејството? Како одговорил Аврам?**

---

Последен пат кога Бог разговарал со некоја личност, барем според Светото писмо, бил Ное, кога по Потопот го уверил дека ќе склучи завет со секое тело (1. Мојсеева 9,15-17) и дека никогаш повеќе нема да има општ потоп на земјата. Новото Божјо слово, сега упатено до Аврам, е повторно поврзано со тоа ветување – сите народи на земјата ќе бидат благословени преку Аврам.

Исполнувањето на тоа пророштво започнува со напуштање на минатото. Аврам остава сè што му било познато – својата земја, семејството, дури и дел од себе. Размерите на тој потег се огледуваат во повторувањето на клучниот збор „оди“, кој се појавува седум пати во овој контекст. Аврам мора прво да ја напушти својата земја, Ур Халдејски, кој исто така е и Вавилон (1. Мојсеева 11,31; Исаија 13,19). Овој повик да се „излезе од Вавилон“, има долга историја меѓу библиските пророци (Исаија 48,20; Откровение 18,4).

Заминувањето на Аврам се однесува и на неговото семејство. Аврам мора да ја напушти својата татковина и голем дел од она што го научил и стекнал преку наследство, образование и влијание.

Меѓутоа, Божјиот повик опфаќа повеќе од тоа. Еврејскиот термин *lekh lekha*, „оди“, буквално преведен значи „оди сам“ или „оди поради себе“. Излегувањето на Аврам од Вавилон значи повеќе отколку да ја напушти околината, па дури и семејството. Еврејскиот израз става нагласок на *самиот него*. Аврам мора да се напушти себеси, да се ослободи од дел од самиот него што го врзува за неговото вавилонско минато.

Крајната цел на тоа напуштање е „земјата“ што Бог ќе му ја покаже. Истиот речник повторно се користи во контекст на Исаковата жртва (1. Мојсеева 22,2), на гората Морија, каде што требало да биде принесен и каде подоцна бил изграден ерусалимскиот храм (2. Летописи 3,1). Божјото ветување не се однесува само на физичката татковина, туку и на спасението на светот. Оваа идеја е потврдена со Божјето ветување за благослов на сите народи (1. Мојсеева 12,2.3). Глаголот *barakh*, „благослови“, се појавува пет пати во овој отсек. Процесот на тој сеопшт благослов делува преку Аврамовото „семе“ (1. Мојсеева 22,18; 1. Мојсеева 26,4; 1. Мојсеева 28,14). Текстот овде се однесува на „семето“, кое ќе го најде своето крајно исполнување во Исуса Христа (Дела 3,25).

**Што би можел Бог да ве повика да оставите зад себе? Односно, кој дел од вашиот живот можеби ќе треба да го оставите за да го послушате Божјиот повик?**

## ИСКУШЕНИЕТО ВО ЕГИПЕТ

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 12,10-20. Зошто Аврам ја напуштил Ветената земја за да замине во Египет? Какво било однесувањето на фараонот во споредба со однесувањето на Аврам?**

---

Иронично, Аврам, кој штотуку пристигнал во Ветената земја, решава да го напушти Египет бидејќи „глад завладеа во земјата“ (1. Мојсеева 12,10). Извештаите дека луѓето од Ханан оделе во Египет за време на глад се добро поткрепени од древните египетски текстови. Во египетското учење на Мерикаре, текст настанат за време на Средното кралство (2060-1700), луѓето што доаѓале од Ханан биле нарекувани „несреќни Азијци“ (*аати*) и опишани се како „сиромашни... кои немаат вода... и не престојуваат на едно место, туку се во потрага по леб“ (Miriam Lichtheim, Ancient Egyptian Literature, Volume I: The Old and Middle Kingdoms; Berkley, CA: University of California Press, 1973; pp. 103, 104).

Искушението на Египет често претставувало проблем за древните Израелци (1. Мојсеева 14,3; Еремија 2,18). Така, Египет станал симбол на сите оние кои повеќе се надеваат во луѓето отколку во Бога (2. Царевите 18,21; Исаија 36,6.9). Во Египет, каде што водата се гледала секој ден, верата не била ни потребна, бидејќи благословите на земјата веднаш биле видливи. Во споредба со земјата погодена од глад, Египет изгледал како добро место за живеење, и покрај она што го рекол Бог.

Аврам, кој сега го напушта Ханан, е целосна спротивност на Авраам, кој го напуштил Ур. Аврам претходно бил прикажан како човек со вера, кој го напушта Ур како одговор на Божјиот повик. Сега Аврам ја напушта ветената земја сам, по своја волја. Аврам порано се потпирал на Бога, но сега се однесува како прагматичен, манипулативен и неетички политичар, кој смета само на себе. „За време на својот престој во Египет (Египет), Аврам покажал дека ни тој не бил слободен од човечки слабости и несовршености. Прикривајќи го фактот дека Сара е негова сопруга, покажал недоверба во божествената заштита, еден недостиг на онаа возвишена вера и храброст кои толку често и благородно го обележувале неговиот живот“ (*Патријарси и пророци*, стр. 130, ориг.).

Значи, она што го гледаме овде е фактот дека и големиот Божји човек може да згреши и дека Бог нема да го остави поради тоа. Кога Новиот завет зборува за Аврам како пример за спасение по благодат, тоа значи токму тоа – по благодат. Зашто, ако не се спасуваме по благодат, не би имало никаква надеж ниту за Аврам, ниту за некој од нас.

**Што треба да нè научи оваа сторија, кога станува збор за тоа колку лесно, дури и верните христијани, можат да скршнат од правиот пат? Зошто непослушноста никогаш не е добар избор?**

## АВРАМ И ЛОТ

**Прочитајте 1. Мојсеева 13,1-18. Што нè учи оваа приказна за важноста на карактерот?**

---

Аврам се враќа таму каде што бил порано, како неговото патување во Египет да е само неславно скршнување од патот. Божјата приказна со Аврам започнува повторно, од таму каде што застанала по неговото прво патување во Ветената земја. Првата станица на Аврам е Ветил (1. Мојсеева 13,3), исто како и на неговото прво патување во таа земја (1. Мојсеева 12,3-6). Аврам се покајал и „дошол при себе“ – Аврам, човекот на верата.

Повторното воспоставување врска со Бога се покажува веќе во односот на Аврам кон луѓето – во начинот на кој тој го решава проблемот со Лот, неговиот внук, во врска со поделбата на земјата. Аврам е тој што предлага мирно решение и му дозволува на Лот да избира прв (1. Мојсеева 13,9.10), што е чин на великодушност и добрина, чин кој покажува каков човек бил Аврам.

Фактот што Лот го избрал за себе најдобриот и најпривлечниот дел – добро наводнета рамница (1. Мојсеева 13,10.11), не грижејќи се за злото што владеело кај неговите идни соседи (1. Мојсеева 13,13), открива нешто за неговата алчност и за неговиот карактер. Фразата „ја избра за себе“ нè потсетува на луѓето пред потопот, кои исто така „ги земаа, кои ги сакаа“ (види 1. Мојсеева 6,2).

Спротивно на тоа, потегот на Аврам бил чин на вера. Аврам не ја избрал земјата – таа му била дадена по Божја благодат. За разлика од Лот, Аврам гледал на земјата само по Божји налог (1. Мојсеева 13,14). Дури кога се одвоил од Лот, Бог повторно му се обратил (1. Мојсеева 13,14). Ова е всушност првиот забележан разговор меѓу Бога и Аврама по повикот во земјата Ур. „Крени ги очите свои, па погледни од местото, каде што си сега, на север и на југ, на исток и на запад, зашто целата земја што ја гледаш, ќе ти ја дадам тебе и на потомството твое довека“ (1. Мојсеева 13,14.15). И тогаш Бог го повикува Аврама да ја „изоди“ таа земја како да е тоа чин на присвојување. „Стани и изоди ја оваа земја во должина и во широчина, зашто ќе ти ја дадам тебе“ (1. Мојсеева 13,17).

Меѓутоа, Господ многу јасно кажува дека Тој, Бог, му ја дава таа земја на Аврама. Тоа е дар, дар на благодатта, кој Аврам мора да го прими со вера – вера која води кон послушност. Сè што Бог му ветил на Аврама овде, ќе се оствари исклучиво преку Неговото дејство (1. Мојс. 13,14-17).

**Како можеме да научиме да бидеме љубезни и великодушни кон другите, дури и тогаш кога тие не се толку љубезни кон нас?**

## ВАВИЛОНСКАТА КОАЛИЦИЈА

**Прочитајте 1. Мојсеева 14,1-17. Што е значајно во врска со оваа војна што доаѓа веднаш по давањето на Ветената земја? Што нè учи оваа сторија, кога станува збор за Аврам?**

---

Ова е првата војна спомната во Светото писмо (1. Мојсеева 14,2). Коалицијата на четири војски од Месопотамија и Персија против другата коалиција од пет ханански војски, вклучувајќи ги и кралевите на Содом и Гомора (1. Мојсеева 14,8), сугерира дека ова бил голем судир (1. Мојсеева 14,9). Причината за оваа воена операција лежи во фактот што хананските народи се побуниле против своите вавилонски господари (1. Мојсеева 14,4.5). Иако оваа сторија се однесува на конкретен историски судир, моментот на избувнувањето на таа „глобална“ војна, веднаш откако Бог му ја дал таа земја на Аврама, на целиот настан му дава посебно духовно значење.

Учеството на толку многу народи од земјата Ханан, сугерира дека во тој судир се работело за суверенитет над земјата. Иронично, логорот на Аврам, вистинската заинтересирана страна – бидејќи тој бил единствениот легитимен сопственик на таа земја – е единствената сила што останува надвор од судирот, барем на почетокот.

Причината за неговата неутралност е таа што, за Аврама, ветената земја не била стекната со силата на оружјето ниту со мудроста на политичките стратегии. Царството на Аврам било Божји дар. Единствената причина зошто Аврам ќе се вклучи, е судбината на неговиот внук, Лот, кој бил заробен во една од битките (1. Мојсеева 14,12,13).

„Живеејќи спокојно во сенките на мамриските дабја, Аврам од еден бегалец дознал за резултатот на битката и за несреќата што го снашла и неговиот внук. Кај него не се задржал никаков лош спомен наспроти суровата неблагодарност на Лот. Сите негови чувства на љубов и сожалување се разбудиле и тој решил да го спаси. Барајќи, пред сè друго, божествен совет, Аврам се приготвувал за војна“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 135, оригинал).

Но, Аврам не се спротивставил на целата коалиција. Во нешто што веројатно наликувало на молскавична ноќна операција на командоси, тој го нападнал само логорот во кој Лот бил затвореник. Лот бил спасен, а со него и содомскиот цар. Така, овој верен Божји човек покажал голема храброст и морална цврстина. Несомнено е дека неговото влијание во тој регион пораснал, дека луѓето виделе каков човек е Аврам и дознале нешто повеќе за Бога, на кого му служел.

**Какво влијание имаат нашите постапки врз другите? Каква порака за нашата вера испраќаме преку нашите дела?**

## ДЕСЕТОК НА МЕЛХИСЕДЕК

**Прочитајте ги следните текстови: 1. Мојсеева 14,18-24 и Евреите 7,1-10. Кој бил Мелхиседек? Зошто Аврам му дал десеток на тој свештеник што се појавил навидум од никаде?**

Ненадејното појавување на таинствениот Мелхиседек не е несоодветно. Откако хананските цареви му се заблагодариле на Аврама, тој сега му изразува благодарност на овој свештеник давајќи му десеток.

Мелхиседек доаѓа од градот Салим, што значи „мир“ – многу соодветна порака по овие воени превирања.

Наставката *tsedek*, што значи „правда“, во името на Мелхиседек, се појавува како спротивност на имињата на царевите на Содом – Вер („во зло"“ и Гомора – Варса („во расипаност“), кои веројатно биле одраз на она што тие го претставувале (1. Мојсеева 14,2).

Мелхиседек се појавува по задушувањето на насилството и злото олицетворено кај другите ханански цареви. Овој пасус ја содржи и првата библиска референца за зборот „свештеник“ (1. Мојсеева 14,18). Поврзувањето на Мелхиседек со „Севишниот Бог“ (1. Мојсеева 14,18), кого Аврам го нарекува свој Бог (1. Мојсеева 14,22), јасно укажува дека Аврам го гледал како свештеник на истиот Бог на кој му служел. Меѓутоа, Мелхиседек не се поистоветува со Христа. Тој едноставно бил Божји претставник меѓу луѓето во тоа време (видете ги коментарите на Елена Вајт во: The SDA Bible Commentary, том 1, стр. 1092, 1093).

Мелхиседек навистина служи како свештеник. Тој изнесува „леб и вино“, што често се поврзува со употребата на свежо исцеден сок од грозје (5. Мојсеева 7,13; 2. Летописи 31,5), што подоцна повторно се спомнува во контекст на давањето десеток (5. Мојсеева 14,23). Освен тоа, тој го благословува Аврама (1. Мојсеева 14,19).

Во меѓувреме, „му даде (Аврам) десетти дел од сè“ (1. Мојсеева 14,20) како одговор на Бога „Создателот на небото и земјата“ (1. Мојсеева 14,19). Овој наслов е алузија на воведот во извештајот за Создавањето (1. Мојсеева 1,1), каде што изразот „небо и земја“ подразбира севкупност или „сè“. Како таков, десетокот се смета за израз на благодарност кон Создателот, кој поседува сè (Евреите 7,2-6; споредете со 1. Мојсеева 28,22). Парадоксално, верникот десетокот не го разбира како дар на Бога, туку како дар од Бога, бидејќи Бог и онака ни дава сè.

**Зошто чинот на враќање на десетокот е силен показател за верата, како и значаен поттик за градење на верата?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Патријарси и пророци* од Елена Вајт прочитајте ја главата со наслов „Аврам во Ханан“, стр. 134–136, оригинал.

„Христовата црква треба да биде благослов, а нејзините членови благословени додека ги благословуваат другите. Кога на еден народ му дал предност над целиот свет, Божјата цел не била само да ги посвои како синови и ќерки, туку преку нив да му ја дарува на светот благодатта на божественото просветлување. Кога го избрал Аврама, Господ не само што сакал да го направи негов посебен пријател, туку и посредник за драгоцените и посебни предности што сакал да им ги подари на сите народи. Аврам требало да биде светлина во моралната темнина на своето окружение.

Кога ги благословува своите деца со светлина и вистина, Бог не го прави тоа само за да го добијат дарот на вечниот живот, туку и за луѓето околу нив да бидат духовно просветлени... ’Вие сте солта на земјата’ (Матеј 5,13). И кога Тој прави Неговите деца да бидат сол на земјата, тоа не е само за тие самите да бидат зачувани, туку и да станат активни чинители во зачувувањето на другите...

Дали светите како живи камења во Божјата градба?... Нашата вера не е исправна ако не го надгледува секој наш деловен потфат. Нам ни е потребна практична побожност што ќе ја вткаеме во нашиот деловен живот. Христовата преобразувачка милост треба да делува на нашето срце. Ни треба многу помалку нашето јас, а многу повеќе Исус“ (Елена Вајт, *Одразувајте го Христа*, стр. 205).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Во светлината на Аврамовиот благослов: „Ќе те благословам... и ти ќе бидеш благословен“ (1. Мојсеева 12,2), што навистина значи да се биде благословен? Како можеме ние, како луѓе кои му служат на истиот Бог како Аврам, да бидеме благослов за другите?**
2. **Што не е во ред со полулагата на Аврам за неговата сопруга-сестра? Што е полошо: да излажете или да кажете делумна вистина, а технички гледано, сепак лажете?**
3. **Прочитајте го повторно текстот 1. Мојсеева 14,21-23 – Аврамовиот одговор на понудата на содомскиот цар. Зошто реагирал така и каква важна поука можеме да научиме од таа сторија? Зар не би било оправдано Аврам да донесе одлука да го земе она што му го понудил тој цар?**

**Поука 7**
**Од 7 до 13 мај 2022**

# ЗАВЕТОТ СО АВРАМ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 15-19,29; Римјаните 4,3.4.9.22; Галатјаните 4,21-31; Римјаните 4,11; Римјаните 9,9; Амос 4,11.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А Аврам рече: ’Господи, зошто ми се Твоите дарови кога сум без пород, а наследник во мојата куќа е Елиезер од Дамаск?’“ (1. Мојсеева 15,2)**

Со текстот 1. Мојсеева 15, доаѓаме до клучниот момент кога Бог го официјализира својот завет со Аврам. Заветот со Аврам е втор по ред, по заветот со Ное.

Аврамовиот завет, како и оној на Ное, ги опфаќа и другите народи, затоа што, на крајот на краиштата, тоа е дел од вечниот завет што му се нуди на целото човештво (1. Мојсеева 17,7; Евреите 13,20).

Во оваа епизода од животот на Аврам има многу страв, но и смеа. Аврам се плаши (1. Мојсеева 15,1), исто како и Сара (1. Мојсеева 18,15) и Агара (1. Мојсеева 21,17). Аврам се смее (1. Мојсеева 17,17), како и Сара (1. Мојсеева 18,12) и Исмаил (1. Мојсеева 21,9). Овие глави зрачат со човечка чувствителност и топлина. Аврам топло се залага да ги спаси злите Содомјани, се грижи за Сара, Агара и Лот, и е исклучително гостољубив кон тројца странци (1. Мојсеева 18,6).

Токму во тој контекст Аврам, чие име укажува на благородност и углед, го добил името Авраам, што значи „татко на многу народи“ (1. Мојсеева 17,5). Така, овде гледаме повеќе навестувања за сеопфатната природа на она што Бог планира да го направи преку Својот завет со Аврам.

## АВРАМОВАТА ВЕРА

**Прочитајте ги следните текстови: 1. Мојсеева 15,1-21 и Римјаните 4,3.4.9.22. Како Аврам открива што значи да се живее со вера? Какво е значењето на жртвата што Бог побарал од Аврама да ја принесе?**

---

Првиот Божји одговор на загриженоста на Аврам во врска со наследникот (1. Мојсеева 15,1-3) било ветувањето дека ќе има син „кој ќе произлезе од“ него (1. Мојсеева 15,4). Истиот јазик го користи и пророкот Натан кога зборува за потомците на идниот месијански цар (2. Самоилова 7,12). Аврам, исто така, е убеден и „Му поверува... на Господ“ (1. Мојсеева 15,6), бидејќи сфаќа дека исполнувањето на Божјото ветување не зависи од неговата сопствена праведност, туку од Божјата (1. Мојсеева 15,6; спореди Римјаните 4,5.6).

Таквото сфаќање било сосема невообичаено, особено во таа култура. Во религијата на старите Египќани, на пример, пресудата се одредувала со набројување на праведните дела на поединецот и нивно мерење во однос на праведноста на божицата Маат, која била олицетворение на божествената правда. Накратко, „спасението“ морало да се заработи.

Меѓутоа, во оваа прилика, Бог ја осмислил церемонијата на жртвување што Аврам требало да ја изврши. Таа жртва, во основа, укажувала на Христовата смрт за нашите гревови. Луѓето се спасуваат преку милоста, дарот на Божјата праведност, што го симболизира овие жртви. Поточно, таа церемонија сепак содржела и некои пораки за Аврам лично. Слетувањето на птици грабливки врз жртвени животни (1. Мојсеева 15,9-11) значело дека потомците на Аврам ќе претрпат ропство во период од „четиристотини години“ (1. Мојсеева 15,13), односно четири генерации (1. Мојсеева 15,16). А потоа, во четвртото колено, неговите потомци „ќе се вратат ваму“ (1. Мојсеева 15,16).

Последната сцена од овој жртвен обред е особено драматична: „Огнен пламен помина меѓу оние делови“ (1. Мојсеева 15,17). Ова необично чудо укажувало на Божјата цврста решеност да го исполни своето заветно ветување дека земјата ќе им ја даде на потомците на Аврам (1. Мојсеева 15,18).

Границите на таа Ветена земја, „од реката во Египет до големата река Еуфрат“ (1. Мојсеева 15,18) нè потсетуваат на границите на Едемската градина (спореди 1. Мојсеева 2,13.14). Затоа ова пророштво опфаќа многу повеќе од самото излегување од Египет и обезбедување татковина за Израел. На оддалечените хоризонти на тоа пророштво, во сликата на Аврамовите потомци кои ја заземаат Ханаанската земја, може да се види идејата за спасување на Божјиот народ на последното време, кој ќе се врати во Едемската градина.

**Како да научиме нашето внимание да го задржиме на Христа и на Неговата праведност како наша единствена надеж за спасение? Што се случува кога ќе почнеме да ги броиме нашите добри дела?**

# СОМНЕЖИТЕ НА АВРАМ

**Прочитајте (1. Мојсеева 16,1-16. Какво е значењето на Аврамовата одлука да „оди кај Агара“, и покрај ветувањето што Бог му го дал? Како овие две жени претставуваат две верски гледишта (Галатјаните 4,21-31)?**

---

Кога Аврам се посомневал (1. Мојсеева 15,2), Бог недвосмислено го уверил дека ќе има син. Но, сега, десет години подоцна, Аврам сѐ уште е без син. И покрај последното Божјо впечатливо пророштво, се чини дека Аврам ја изгубил верата – тој повеќе не верува дека ќе може да има син со Сара. Чувствувајќи се безнадежна, Сара ја презема иницијативата и го убедува да прибегне кон вообичаената практика од тоа време на Блискиот Исток – да земе сурогат мајка. Агара, слугинката на Сара, била одредена за таа служба. Идејата функционира. Иронично, оваа човечка стратегија се чинела како поефикасна од верувањето во Божјите ветувања.

Пасусот што ја опишува врската на Сара со Аврам потсетува на приказната за Адам и Ева во рајската градина. Двата текста делат голем број заеднички мотиви (Сара, како и Ева, е активна, додека Аврам, како и Адам, е пасивен), како и некои заеднички глаголи и изрази („се согласи“, „зеде“ и „даде“). Паралелата меѓу овие две приказни укажува на Божјото неодобрување на таквиот начин на дејствување.

Апостол Павле се повикува на оваа сторија за да го изнесе својот заклучок за благодатта наспроти делата (Галатјаните 4,23-26). Во двата извештаи, резултатот е ист – непосредниот исход на човечкото дејствување надвор од Божјата волја води до идни неволји. Забележете дека Бог е отсутен во текот на целиот овој потфат. Сара зборува за Бога, но таа никогаш не зборува со Него, ниту Бог зборува со некој од нив. Ова отсуство на Бога е впечатливо, особено по Неговото интензивно присуство во претходната глава.

Бог тогаш се појавува пред Агара, но дури откако таа го напуштила домот на Аврам. Оваа неочекувана појава го открива Божјото присуство и покрај обидите на луѓето да направат нешто без Него. „Ангел Господов“ (1. Мојсеева 16,7) е титула што често се поистоветува со името Господ, ЈХВХ (види 1. Мојсеева 18,1.13.22). Овој пат, Бог е тој што ја презема иницијативата и ѝ објавува на Агара дека ќе роди син Исмаил, чие име значи „Бог слуша“ (1. Мојсеева 16,11). Иронично, сторијата завршува со идејата за слушање (*shama’*), што потсетува на почетокот на самата сторија, кога Аврам го „слуша“ (*shama’*) гласот nа Сара (1. Мојсеева 16,2).

**Зошто ни е толку лесно да паднеме во исти грешки како онаа што ја направи Аврам во таа прилика?**

## ЗНАКОТ НА АВРАМОВИОТ ЗАВЕТ

**Прочитајте ги текстовите 1. Мојсеева 17,1-19 и Римјаните 4,11. Кое е духовното и пророчкото значење на обредот на обрежување?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Аврамовиот недостиг на вера, како што се гледа во претходните стихови (1. Мојсеева 16), го прекинал текот на неговото духовно патување со Бога. За тоа време Бог молчел. А сега повторно, за прв пат по овие настани, Бог му проговорува на Аврама. Бог повторно се поврзува со Аврама и го враќа во моментот кога склучил завет со него (1. Мојс. 15,18).

Меѓутоа, сега Бог му дава заветен знак. Научниците долго време дебатирале за значењето на обрежувањето. Бидејќи овој обред вклучува пролевање крв (види 5. Мојсеева 4,25), може да се разбере во контекст на жртвата, што би значело дека Аврам му се припишува праведност (спореди Римјаните 4,11).

Значајно е и тоа што овој завет, обележан со обрежување, е опишан со термини што се однесуваат на првото месијанско пророштво (споредете 1. Мојсеева 17,7 со 1. Мојсеева 3,15). Паралелата меѓу овие два текста сугерира дека Божјето ветување дадено на Аврам се однесува на нешто повеќе од физичко раѓање на народи. Тоа го содржело и духовното ветување за спасение за сите народи на земјата. А ветувањето за „вечен завет“ (1. Мојсеева 17,7) се однесува на делото на месијанското „семе“ – на Христовата жртва која обезбедува вечен живот на сите што се повикуваат на неа врз основа на верата и сето она што го подразбира верата (споредете со Римјаните 6,23 и Тит 1,2).

Посебно е интересно што тоа ветување за вечна иднина е содржано во промената на името на Аврам и Сара. Имињата Аврам и Сара се однесуваат само на нивниот земен статус: Аврам значи „возвишен татко“ и Сара „моја принцеза“ (т.е. Аврамова принцеза). Сепак, нивните нови имиња биле врзани за иднината: Авраам значи „татко на многу народи“, а Сара значи „принцеза“ (за сите). Во исто време, но не без извесна иронија, името Исак („тој ќе се смее“) потсетува на смеата на Аврам (првата смеа запишана во Светото писмо, 1. Мојсеева 17,17). Тоа е скептична смеа или, можеби, израз на чудење. Во секој случај, иако верувал во јасното Господово ветување, Аврам и понатаму се борел да ја покаже таа вера и доверба на практичен начин во животот.

**Како можеме да научиме да веруваме како Аврам, дури и во оние моменти кога тоа подразбира борба со самиот себе? Зошто е важно да не се откажувате, и покрај миговите на сомнеж?**

## СИН НА ВЕТУВАЊЕТО

Сцената со обрежување, опишана на крајот од главата, ги опфаќа сите – не само Исмаел, туку и сите мажи од домот на Аврам (1. Мојсеева 17,23-27). Зборот *kol*, „сите“, „кој било“, се повторува четири пати (1. Мојсеева 17,23.27). Токму во тој контекст, Бог му се јавува на Аврам за да го потврди неговото ветување за синот „Исак“.

**Прочитајте 1. Мојсеева 18,1-15 и Римјаните 9,9. Што можеме да научиме за гостопримството посматрајќи како Аврам ги примил своите посетители? Како го објаснувате Божјиот одговор на гостопримството на Аврам?**

---

Не е сосема јасно дали Аврам знаел кои се овие странци (Евреите 18,2), но тој, во секој случај, се однесувал како самиот Бог да е меѓу нив. Аврам седел „пред вратата од шаторот свој, на пладнина“ (1. Мојсеева 18,1), и бидејќи посетителите се ретки во пустина, тој веројатно многу сакал да се сретне со нив. Аврам потрчал кон нив (1. Мојсеева 18,2), иако имал 99 години. На едниот од нив му се обратил со името Адонаи – „Господ“ (1. Мојсеева 18,3), кое често се користи за Бога (1. Мојсеева 20,4; 2. Мојсеева 15,17). Тој побрзал да подготви нешто за да јадат (1. Мојсеева 18,6.7). И тогаш застанал пред нив, внимателен кон нивните потреби и подготвен да им служи (1. Мојсеева 18,8).

Однесувањето на Аврам кон небесните посетители станал пример за гостопримство што вдахновува (Евреите 13,2). Всушност, ставот на длабока почит на Аврам носи со себе филозофија на гостопримство. Покажувањето почит и грижа кон странците не е само убав гест на учтивост. Библијата нагласува дека тоа е верска должност, како нешто што му е направено на Самиот Бог (споредете со Матеј 25,35-40). Звучи иронично, но Бог повеќе се поистоветува со гладен странец на кој му треба помош, отколку со великодушен домаќин кој го прима.

Од друга страна, божественото навлегување во човечката сфера укажува на Неговата милост и љубов кон човештвото. Ова Божјо појавување го претскажува доаѓањето на Христос, кој го напуштил својот небесен дом и станал човечки слуга за да го досегне човештвото (Филипјаните 2,7.8). Божјото појавување овде е доказ за сигурноста на Неговото ветување (1. Мојсеева 18,10). Тој ја гледа Сара која се крие „зад него“ (1. Мојсеева 18,10) и ги знае нејзините најскриени мисли (1. Мојсеева 18,12). Знае дека таа се насмеала, а зборот „насмеа“ е Неговиот последен збор. Така нејзиниот скептицизам станува појдовна точка во исполнувањето на Божјата реч.

**Размислувајте подлабоко за мислата дека Бог „повеќе се поистоветува со гладен странец на кој му треба помош, отколку со великодушен домаќин кој го прима“. Зошто е толку важно да го запомниме тој концепт?**

## ЛОТ ВО СОДОМ

**Прочитајте 1. Мојсеева 18,16-19,29. Како Аврамовата пророчка служба влијаела на неговата одговорност спрема Лот?**

На Аврам штотуку му било потврдено Божјето ветувањето дека ќе добие син. Сепак, наместо да ужива во радосната вест, тој се впушта во огнена дебата со Бога за судбината на Лот во Содом. Аврам не е само пророк кому Бог му ја открива својата волја, тој е и пророк кој посредува за злите. Еврејскиот израз „стоеше пред лицето на Господ" (1. Мојсеева 18,22), всушност е идиом за молитва.

Се чини како Аврам да го предизвикува Бога и преговара со Него за спасението на Содом, каде што живее неговиот внук. Додека го намалува бројот на праведниците од 50 на 10, Бог потврдува дека ќе ги спаси Содомјаните ако барем десет од нив биле праведни.

Се разбира, читајќи што се случило кога двајца ангели дошле кај Лот за да го предупредат за она што доаѓа (1. Мојсеева 19,1-10), можеме да видиме колку злобен и болен станал народот. Тоа било навистина изопачено место, како и многу други во околината, а ова е и една од причините зошто, на крајот, овие народи биле протерани од Ветената земја (види 1. Мојсеева 15,16).

„А сега на Содом му се приближувала последната ноќ. Облаците на одмазда веќе ги простирале своите сенки над градот осуден на пропаст. Но луѓето тоа и не го забележувале. Додека ангелите, кои имале задача да уништат сè, се приближувале кон градот и влегле во него, луѓето сонувале за напредок, за богатење и уживање. Нивниот последен ден дошол, но и поминал како и секој друг. Настапувала вечер, давајќи слика на занесна милина и сигурност. Сонцето на залез со своите зраци осветлувало сцена на неспоредлива убавина. Вечерната свежина ги измамила жителите на градот и тие, секогаш желни за уживање, се шетале во групи, насладувајќи се со убавината на вечерните мигови" (Елеа Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 157, 158 оригинал).

На крајот, Бог го спасил само Лот, неговата жена и неговите две ќерки (1. Мојсеева 19,15), нешто помалку од половина од потребниот минимум од 10 луѓе. Идните зетови, кои не го сфатиле сериозно предупредувањето на Лот, останале во градот (1. Мојсеева 19,14).

И така, таа убава земја била уништена. Еврејскиот глагол *hafah'*, „уништи", се појавува неколку пати во овој пасус (1. Мојсеева 19,21.25.29) и го опишува уништувањето на Содом (5. Мојсеева 29,23; Амос 4,11). Основната идеја на текстот е „пресврт". Исто како што Потопот направил „преврт" на првобитното Создавање (1. Мојсеева 6,7), така и уништувањето на Содом е „пресврт" – целосна спротивност на Едемската градина (1. Мојсеева 13,10). Уништувањето на Содом претставува и претслика на уништувањето на светот на крајот на времето (видете Јуда 1,7).

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Патријарси и пророци* од Елена Вајт прочитајте ја главата со наслов „Закон и завет“, стр. 370-373, оригинал.

Трпеливото и упорно застапување Аврам кај Бога за доброто на жителите на Содом (1. Мојсеева 18,22-33) треба да нè поттикне да се молиме за злите, дури и ако ни се чини дека тие се во безнадежна состојба поради нивните гревови. Освен тоа, Божјиот сочувствителен одговор на инсистирањето на Аврам и Неговата подготвеност да прости само за „десет“ праведни луѓе е „револуционерна“ мисла, како што истакнува Герхард Хасел:

„На еден крајно револуционерен начин, старото колективно сфаќање дека дури и невин член на некое злосторничко здружение треба да биде казнет, претворена е во нешто ново – присуството на мал број преостанати праведни луѓе би можело да врши улога на зачувување на целината... Благодарение на остатокот праведници, во својата праведност /*tsedeqah*/, Јахве бил подготвен да му прости на злиот град. Овој поим во голема мера е проширен во пророчкиот запис за Господовиот Слуга што ќе „оправда мнозина“ (Gerhard F. Hasel, The Remnant: The History of the Remnant Idea From Genesis to Isaiah, 3rd edition (Berrien Springs, MI: Andrews University Press, 1980; pp. 150, 151).

„Насекаде околу нас се наоѓаат души кои безнадежно заминуваат во пропаст, страшна исто толку колку и онаа што го снашла Содом. Секој ден за некого значи крај на времето што му било одредено да се провери. Секој миг некои ја преминуваат границата зад која милоста веќе не допира. А каде се весниците со опомена и со сесрдно преколнување да го повикаат грешникот да ја одбегне таа страшна судбина? Каде се рацете подадени да го оттргнат од смртта? Каде се оние кои понизно и со истрајна вера би го молеле Бога за него?

Духот што го покажал Аврам е Христов дух. Божјиот Син е најискрен посредник за добро на грешниците. Тој, кој платил висока цена за нивниот откуп, ја знае вредноста на човечката душа“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 140 оригинал).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Само виножитото и обрежувањето се нарекуваат „знак на заветот“. Кои се заедничките карактеристики и разлики меѓу двата завета?**
2. **Иако бил повикан од Бога, и иако често се споменува во Новиот завет како пример на живеење со вера, Аврам понекогаш потклекнувал. Во што треба да се угледаме на Аврам, а во што не?**
3. **Некои луѓе ја негираат мислата дека Бог ќе ги казни изгубените, велејќи дека тоа би било спротивно на Божјата љубов. Како можеме ние, како такви кои веруваат дека Бог навистина ќе ги казни изгубените, да одговориме на тврдењето дека Тој нема да го стори тоа?**

**Поука 8**
**Од 14 до 20 мај**

# ВЕТУВАЊЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 22; Евреите 11,17; 3. Мојсеева 18,21; Јован 1,1-3; Римјаните 5,6-8; 1. Мојсеева 23-25; Римјаните 4,1-12.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А Авраам беше веќе стар и во години. Господ го беше благословил во сè“ (1. Мојсеева 24,1).**

Конечно, како што ветил Бог, Сара му родила на Аврам син „во неговата старост“ (1. Мојсеева 21,2), и тој бебето го нарекол Исак (видете 1. Мојсеева 21,1-5). Меѓутоа, далеку од тоа дека тука завршува приказната за Аврам. Таа, всушност, го достигнува својот врв во моментот кога Аврам го однел својот син на горага Морија за да го принесе како жртва. Но, наместо Исак, сепак жртвуван бил овен (1. Мојсеева 22,13), со што се потврдува Божјата цврста решеност да ги благослови сите народи преку своето „семе“ (1. Мојсеева 22,17.18). Тоа семе, се разбира, бил Исус (Дела 13,23). Така, во оваа зачудувачка (и малку проблематична) приказна се открива нешто повеќе за планот на спасението.

Без разлика колку се длабоки духовните поуки што ги наоѓаме овде, Аврамовото семејство несомнено било сериозно потресено од сите овие настани, а неговата иднина била нејасна. Сара умрела веднаш по настаните во Морија (1. Мојсеева 23), а Исак останал сам.

Аврам потоа презел иницијатива за да осигури дека иднината што ќе следи ќе биде „онаа вистинската“. Тој го договорил бракот на Исак со Ревека (1. Мојсеева 24), која ќе роди два сина (1. Мојсеева 25,21-23) и се оженил со Хетура, со која ќе има уште деца (1. Мојсеева 25,1-6). Оваа седмица ќе го следиме Аврам до крајот на неговиот живот (1. Мојсеева 25,7-11).

# ГОРАТА МОРИЈА

**Прочитајте 1. Мојсеева 22,1-12 и Евреите 11,17. Кое е значењето на тој испит? Кои духовни поуки произлегуваат од овој неверојатен настан?**

Текстот на 1. Мојсеева 22 стана класика на светската литература, која ги вдахнувала не само теолозите, туку и многу уметници и филозофи. Меѓутоа, не е лесно да се разбере значењето на тој испит на кој Бог го ставил Аврам. Оваа божествена заповед била во целосна спротивност со подоцнежната библиска забрана за принесување човечки жртви (3. Мојсеева 18,21), а изгледа била во противречност со Божјото ветување за вечен завет преку Исак (1. Мојсеева 15,5).

Тогаш, која била целта на тој повик што Бог му го упатил? Зошто го искушал на толку страшен начин?

Библискиот термин „искуша“ (на еврејски nissah) опфаќа две спротивставени идеи. Тоа се однесува на поимот суд, односно разоткривање на она што е во срцето на искушаниот (5. Мојсеева 8,2; споредете со 1. Мојсеева 22,12). Но, во исто време, дава сигурност во Божјата милост спрема искушаните (2. Мојсеева 20,18-20).

Во овој случај, верата на Аврам во Бога го довела до таму што бил подготвен да ја ризикува својата „иднина“ (неговото потомство). Токму затоа што му верувал на Бога, бил подготвен да го направи она што Бог го бара, колку и да му било тешко тоа да го разбере. На крајот на краиштата, што е воопшто верата ако не доверба во она што не го гледаме или не го разбираме целосно?

Освен тоа, библиската вера не се огледува толку во нашата способност да му дадеме на Бога и да се жртвуваме за Него – иако тоа, несомнено, има одредена улога (Римјаните 12,1) – колку во нашата способност да Му веруваме и да ја примиме Неговата благодат, и покрај тоа што сме свесни дека не ја заслужуваме.

Таа вистина била потврдена со она што следело. Аврама не можеле да го спасат ниту сите негови дела, ниту неговите многубројни пожртвувани активности, ниту неговото болно патување со синот, ниту неговата подготвеност да му се покори и да му го понуди на Бога најдоброто од себе, колку и да е сето тоа поучно. Зошто? Затоа што сам Господ го обезбедил овенот за жртвата што требало да се принесе, а која сама по себе укажувала на неговата единствена надеж за спасение – Исус.

Според тоа, Аврам морал да ја разбере благодатта. Нас не нè спасуваат нашите дела за Бога, туку Божјето дело за нас (Ефесјаните 3,8; споредете Римјаните 11,33), без разлика колку ние, како Аврам, сме повикани да работиме за Бога, што е толку јасно олицетворено во делата на Аврам (Јаков 2,2-23).

**Што ви кажува приказната за Аврам и Исак на горите Морија лично за вашата вера и како ја покажувате?**

## ГОСПОД ЌЕ СЕ ПОГРИЖИ

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 22,8.14.18. Како Бог го исполнил своето ветување дека Тој ќе се погрижи? Што обезбедил Тој?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

На прашањето на Исак во врска со жртвата, Аврам дал загадочен одговор: „Бог ќе си прибави, синко, јагне за жртва“ (1. Мојсеева 22,8). Меѓутоа, обликот на еврејскиот глагол, всушност, го дозволува следното толкување: „Бог ќе се даде себеси како јагне“. Глаголот „обезбедува, ќе се погрижи“ (*yir'eh lo*) се користи на начин којшто може да значи „се дава себеси“ (или буквално „се гледа себеси“).

Според тоа, овде ни е претставена суштината на планот на спасението, при што самиот Господ страда и ја плаќа казната за нашите гревови!

**Прочитајте ги текстовите: Јован 1,1-3 и Римјаните 5,6-8. Како овие стихови ни помагаат да разбереме што впрочем се случило на Крстот, кој бил проречен со таа жртва на гората Морија?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Таму, на гората Морија, долго пред крстот, жртвениот овен кој бил „сплеткан со роговите во грмушка“ (1. Мојсеева 22,13) упатувал директно на Исуса. Тој е Оној што овде се „гледа“, како што подоцна објаснува Аврам, „на горичката Господ се јави“ (1. Мојсеева 22,14). Самиот Исус укажал на пророчката изјава на Аврам кога рекол: „Аврам, таткото ваш, би се зарадувал да го види Мојот ден; и го виде, и се зарадува“ (Јован 8,56).

„Кога од Аврама барал да го жртвува својот син, Бог имал намера живо да му ја предочи стварноста на евангелската вистина и да ја испита неговата вера. Душевната болка и страдањата што требало да ги претрпи во текот на тие страшни денови на неговата проверка биле дозволени со цел од лично искуство, барем донекаде, да ја сфати големината на жртвата што ја принесува Семожниот и вечниот Бог за откуп на човекот“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 154 оригинал).

**Како она што се случило овде ни помага подобро да разбереме што се случило на крстот и што претрпел Бог за нас? Каков треба да биде нашиот одговор на она што Тој го направил за нас?**

# СМРТТА НА САРА

Во текстот 1. Мојсеева 22,23 го гледаме извештајот за раѓањето на Ревека, кој го навестува нејзиниот иден брак со Исак (1. Мојсеева 24). Исто така, извештајот за смртта и погребот на Аврамовата жена, Сара (1. Мојсеева 23), го најавува неговиот иден брак со Хетура (1. Мојс. 25,1-4).

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 23. Каква улога ја има сторијата за смртта и погребот на Сара во исполнувањето на ветувањето што Бог му го дал на Аврам?**

---

---

Спомнувањето на смртта на Сара веднаш по сторијата за жртвата на Исак, сугерира дека таа била длабоко погодена од тој настан, кој за малку ќе го чинел живот нејзиниот син. И Сара, на некој начин, била опфатена од ова „искушение“, заедно со нејзиниот сопруг, додека била со него на неговите патувања, и учествувала во неговите повремени падови во верата (1. Мојсеева 12,11-13).

Сара не била од оние жени кои би молчеле за важните прашања или за нешто што ги вознемирува (спореди со текстовите: 1. Мојсеева 16,3-5; 1. Мојсеева 18,15; 1. Мојсеева 21,9.10). Затоа нејзиното отсуство и молчење, па дури и времето на нејзината смрт веднаш по тој драматичен настан, зборуваат за нејзината поврзаност со овие настани поречито отколку самото физичко присуство. Фактот дека возраста на Сара (1. Мојсеева 23,1) се спомнува во контекст на Аврамовата старост (1. Мојсеева 24,1) покажува колку тоа било важно за таа сторија.

Сара е, всушност, единствената жена чиј број на години е наведен во Стариот завет, што укажува на централната улога што ја играла во таа сторија. Ставањето нагласок на купување гробница за Сара (кој го опфаќа најголемиот дел од главата), наместо нејзината смрт, укажува на поврзаноста со Ветената земја.

Самото спомнување дека таа умрела „во Хананската земја“ (1. Мојсеева 23,2) ја нагласува основната врска меѓу смртта на Сара и Божјето ветување за земјата. Сара била првата од аврамовиот клан што умрела и била погребана во Ветената земја. Фактот што Аврам зборува за себе како некој што е „населен странец“ (1. Мојсеева 23,4), и неговото упорно убедување со Хетевите синови, покажува дека Аврам не бил заинтересиран само за тоа да го добие гробот. Тој бил првенствено заинтересиран трајно да се насели во земјата.

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 23,6. Што ни кажува ова за тоа каква репутација уживал Аврам? Зошто е ова важно за разбирањето на делата за кои Бог го употребил?**

## ЖЕНА ЗА ИСАК

Текстот 1. Мојсеева 24 зборува за женидбата на Исак по смртта на Сара. Двата настана се поврзани.

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 24. Зошто Аврам толку многу се грижел неговиот син да не се ожени со Хананејка?**

---

Исто како што сакал да ја купи земјата на која ќе ја погреба својата жена, поради Божјето ветување дека земјата ќе им припадне на неговите потомци, така Аврам сега инсистирал Исак да не се насели надвор од Ветената земја (1. Мојсеева 24,7). Освен тоа, фактот што Исак ја довел својата невеста под шаторот на Сара и забелешката дека Ревека го утешила по смртта на мајка му (1. Мојс. 24,67), исто така упатуваат на смртта на Сара, укажувајќи на Исаковата тага поради загубата на мајка си.

Оваа приказна е полна со молитви и одговори на молитви и изобилува со поуки за Божјото провидение и човечката слобода. Сторијата започнува со молитвата на Аврам. Тој го заколнува својот слуга „во Господ Бог на небото и Бог на земјата" (1. Мојсеева 24,3). Оваа молитва е првенствено оддавање почит на Бога како Творец (1. Мојсеева 1,1; 1. Мојсеева 14,19), и е директно поврзана со раѓањето на Аврамовите потомци, вклучувајќи го и самиот Месија.

Повикувањето на „Господ Бог на небото" и Неговиот „ангел" (1. Мојсеева 24,7), се однесува на Ангелот Господов кој слегол од небото за да го избави Исак да не биде заколен (1. Мојсеева 22,11). Според тоа, Бог кој владее со вселената, Ангелот Господов кој се вмешал да го спаси Исак, ќе го води тоа прашање околу бракот.

Сепак, Аврам ја остава отворена можноста жената да не одговори позитивно на Божјиот повик. Колку и да е моќен, Бог не ги принудува луѓето да Му се покоруваат. Иако Божјиот план за Ревека бил да го следи Елиезера, таа сепак имала слобода на избор. Односно, постоела можност таа да не се согласи да дојде, а во тој случај, не би била принудена на тоа.

Значи, овде гледаме уште еден пример за големата тајна – дека Бог нам, како луѓе, ни дал слободна волја, слобода на избор – слобода која Тој нема да ја погази. (Зашто, ако ја погази, тоа повеќе нема да биде слободна волја). Сепак, сè уште можеме да веруваме дека Божјата љубов и добрина некако ќе победат на крајот, и покрај реалноста на човековата слободна волја и многубројните страшни одлуки што луѓето ги носат со таа слободна волја.

**Зошто е толку утешно сознанието дека, иако не е сè според Божјата волја, Тој сепак го има главниот збор? Како пророштвата, како оние што се наоѓаат во Даниел 2, ни докажуваат дека тоа навистина е така?**

## ЖЕНА ЗА АВРАМ

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 24,67 – 25,1-8. Која е смислата на овие последни настани во животот на Аврам?**

---

Откако Сара умрела, Аврам повторно се оженил. Како Исак, и тој се утешил по смртта на Сара (1. Мојсеева 24,67). Сеќавањето на Сара сигурно сè уште било живо во умот на патријархот, како и на неговиот син.

Меѓутоа, идентитетот на неговата нова сопруга не е јасен. Фактот што хроничарот ги поврзува синовите на Хетура, без да го спомене нејзиното име, со синовите на Агара, сугерира дека Хетура (како што некои предлагаат) би можела да биде Агара. Значајно е и тоа што Аврам ги третирал синовите на Хетура на ист начин како и синот на Агара – ги оддалечил за да избегне какво било духовно влијание и направил јасна разлика меѓу неговиот син со Сара и останатите негови синови.

Тој, исто така, „сиот свој имот му го даде на Исак“ (1. Мојсеева 25,5), додека „на синовите, пак, од своите наложници им даде Аврам подароци“ (1. Мојсеева 25,6). Освен тоа, фактот што Хетура се споменува како „наложница“, укажува дека таа, како и Агара, имала статус на наложница. Евентуалното поистоветување на Хетура со Агара би можело да го објасни и суптилното сеќавање на Сара како вовед во бракот на Аврам со Хетура-Агара.

Интересно е што во текстот 1. Мојсеева 25,1-4.12-18 се наведува список на децата што ги имал Аврам со Хетура, како и списокот на децата на Исмаил. Целта на родословот по бракот на Аврам со Хетура, која му родила уште шест сина, покрај неговите први два сина (Исак и Исмаел), можеби бил да обезбеди директен доказ за Божјото исполнување на неговото ветување дека ќе стане татко на многу народи.

Вториот родослов се однесува на потомците на Исмаил, кои исто така формирале 12 племиња (споредете со 1. Мојсеева 17,20), како што е случајот и со Јаков (1. Мојсеева 35,22-26). Но, се разбира, Божјиот завет се однесува исклучиво на Исаковото семе (1. Мојсеева 17,21), а не на Исмаил, за што Светото писмо многу јасно зборува.

За Божјиот благослов сведочи и извештајот за смртта на Аврам, кој е втиснат меѓу двата родослова (1. Мојсеева 25,7-11). Тој го открива исполнувањето на Божјото ветување дадено на Аврам многу години порано дека ќе умре „во добра старост“ (1. Мојсеева 15,15), откако живеел „многу години“ (спореди Проповедник 6,3).

На крајот, Господ останал верен на ветувањата за благодат што му ги дал на својот верен слуга Аврам, чие искуство е опишано во Светото писмо како голем, ако не и најдобар, старозаветен пример за спасение со вера (види Римјаните 4,1-12).

# ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Аврам бил извонреден пророк на кого Бог можел да му ги открие своите планови (1. Мојсеева 18,17). Затоа Бог влегол во Аврамовата човечка сфера и го споделил со него, до одреден степен, својот план на спасение преку жртвата на неговиот Син.

„Исак бил претслика на Божјиот Син, кој се согласил да биде жртва за гревовите на светот. Бог сакал на овој начин да му ја предочи на Аврам евангелската порака за спасението на човекот. За да му ја открие таа вистина во сета нејзина стварност и за да ја испита неговата вера, Бог од него побарал да го жртвува својот сакан син Исак. Сите душевни страдања и агонијата што ја доживувал Аврам додека минувал низ ова мрачно и тешко искушение биле дозволени со една цел – планот за откупување на паднатиот човек подлабоко да се втисне во неговата свест. Од своето лично искуство требало да сфати колку неискажливо било самооткажувањето на семоќниот Бог кога го дал Својот единороден Син да умре за да го спаси човекот од вечна пропаст. Ниту едно душевно страдање во Аврамовиот живот не може да се спореди со она што го поднел додека, покорувајќи се на божествениот налог, го водел синот на гората Морија, за да го принесе на жртва“ (Елена Г. Вајт, *Сведоштва за црквата*, кн. 3, стр. 369).

„Аврам веќе бил во длабока старост и чувствувал дека му се ближи крајот, а му останала недовршена уште една работа со што требало да се осигури ветувањето за неговото потомство. Исак бил од Бога одреден наследник на Аврама, верен чувар на законите на Јехова и татко на избраниот народ, но тој уште не бил женет. Жителите на хананската земја потонале во идолопоклонство и Бог забранил склучување на брачни врски меѓу нив и неговиот народ, знаејќи дека таквите врски само би воделе кон отпад. Патријархот се плашел од дејствувањето на порочните влијанија што го опкружувале неговиот син... Според мислењето на Аврама, изборот на жена за неговиот син претставувал сериозно прашање; затоа будно настојувал да го ожени со девојка која нема да го одвраќа од Бога... Имајќи доверба во мудроста и љубовта на својот татко, Исак бил задоволен со тоа целата работа да му ја препушти нему, а верувал дека Бог работите ќе ги сосредоточи во добар правец“ – Елена Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 171, оригинал).

## ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Разговарајте во класата за подготвеноста на Аврам да го жртвува Исак. Обидете се да ја замислите верата што ја открива овој извештај. Што е толку зачудувачки, а едновремено и проблематично во оваа сторија?**
2. **Што е со слободната волја? Зошто нашата вера нема смисла ако не е реалност? Кои примери на слободна волја имаме во Библијата, и како, и покрај погрешните одлуки што ги носат луѓето, Божјата волја се остварува?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Поука 9**
**21-27 мај 2022**

# ЈАКОВ – ИЗМАМНИК



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 25,21-34; 1. Мојсеева 28,10-22; 1. Мојсеева 11,1-9; 1. Мојсеева 29,1-30; 1. Мојсеева 30,25-32.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Исав, пак, рече: 'Сигурно затоа му е името Јаков, еве веќе двапати ме истисна. Првородството ми го зеде, а сега и благословот ми го зеде'. Потоа рече: 'Не остави ли благослов и за мене?'" (1. Мојсеева 27,36).**

Сега продолжуваме со семејната историја на Исак, чудесното дете и раниот предок на ветеното семе. Меѓутоа, приказната не започнува баш најдобро. Непостојаниот карактер на неговиот син, Јаков, ќе се манифестира во ривалството меѓу двајцата браќа околу првенството (1. Мојсеева 25,27-34), а подоцна и за правото на благослов на Исак (1. Мојсеева 27).

Откако го изневерил татко му и го украл благословот на својот постар брат, Јаков морал да побегне за да си го спаси животот. За време на бегството, Бог се сретнал во него во Ветил (1. Мојсеева 28,10-22). Потоа, Јаков, измамникот, и самиот ќе доживее некои измами. Наместо Рахела, која ја засакал (1. Мојсеева 29), ќе му биде подметната постарата ќерка, Лија, и тој ќе мора да работи 14 години за да ги добие своите жени.

Меѓутоа, Јаков навистина доживеал Божји благослов, бидејќи, додека бил во прогонство, му се родиле 12 синови, а Бог му го зголемил и богатството.

Така, меѓу другото, во оваа сторија гледаме дека Бог, на овој или оној начин, ги исполнува своите заветни ветувања, независно од тоа колку често Неговиот народ грешел.

## ЈАКОВ И ИСАВ

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 25,21-34. Споредете ги личностите на Јаков и Исав. Кои особини го направиле Јакова достоен за благословот на Исак?**

Уште од утробата на мајка било јасно дека Јаков и Исав се различни и дека ќе се борат еден против друг. Додека Исав е опишан како силен ловец и земјоделец, на Јаков се гледало како на „кротка“ личност која седи во шатор и длабоко размислува. Еврејскиот збор *tam*, преведен како „кроток“, бил употребен и на Јов и на Ное. Во случајот на Јов, преведен е како „добар“ (Книгата за Јов 8,20), а во случајот на Ное како „непорочен“ (1. Мојсеева 6,9).

Оваа разлика во карактерот станала уште повидлива подоцна во нивниот живот (1. Мојсеева 27,1-28,5). Кога во една пригода Исав се вратил дома уморен и гладен, Јаков му зготвил леќа. За Исав, ова веднаш било видливо, физичкото уживање во храната, „денес“ (1. Мојсеева 25,31), било поважно од идниот благослов поврзан со неговото првородство (спореди Евреите 12,16.17).

„Исак и Ревека сметале дека ветувањата, дадени на Аврама и потврдени на неговиот син, во исто време се и голема цел на нивните желби и надежи. Исав и Јаков знаеле за тие ветувања. Биле поучени дека наследното право има големо значење, зашто тоа не носи само земни богатства, туку во себе содржи и духовно првенство. Првородениот секогаш требало да биде свештеник на семејството, а од редовите на неговите потомци требало да дојде и Спасителот на светот“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 177, оригинал).

За разлика од неговиот брат, Јаков придавал првенствена важност на идното духовно значење на тој благослов. Сепак, подоцна, на поттик на неговата мајка (видете 1. Мојсеева 27), Јаков отворено и намерно го измамил својот татко, повикувајќи се дури и на името „Господ, твојот Бог“ (1. Мојсеева 27,20) за да успее во тоа. Тој ја направил оваа страшна измама, иако со цел за која бил убеден дека е добра.

Последиците биле трагични и додале сосема нови слоеви на дисфункционалност на едно веќе нефункционално семејство.

**Јаков сакал нешто добро, нешто вредно, и тоа е за восхит (особено кога ќе го споредиме со ставот на неговиот брат). Сепак, тој употребил измами и лаги за да го стекне тоа. Како да избегнеме да паднеме во слична стапица – да правиме зло за да постигнеме нешто „добро“?**

# ЈАКОВОВАТА СКАЛА

Кога дознал дека Јаков го добил татковиот благослов, на Исав му било јасно дека брат му го измамил и потиснал (1. Мојсеева 27,36), па посакал да го убие (1. Мојсеева 27,42). Ревека се загрижила и се обидела да го спречи ова злосторство, кое би било фатално за двата сина (1. Мојсеева 27,45). Така, со поддршка на Исак (1. Мојсеева 28,5), таа го убедила Јакова да побегне и да побара засолниште кај нејзиното семејство (1. Мојсеева 27,43). За време на патувањето, Јаков во сон се сретнал Бога, во местото што го нарекол Ветил, „дом Божји“, и таму сторил завет.

**Прочитајте 1. Мојсеева 28,10-22 и споредете го со текстот 1. Мојсеева 11,1-9. Во што се разликува Ветил од Вавилон? Која поука можеме да ја научиме за нашиот однос со Бога врз основа на искуството на Јаков во Ветил, а е спротивно од она што се случило во Вавилон?**

---

---

Во својот сон, Јаков видел необични скали поврзани со Бога. Истиот еврејски глагол, *natsav*, се користи за скалата што „стои“ (1. Мојсеева 28,12) и Господ кој „стои“ (1. Мојсеева 28,13) на врвот, како тие скали и Господ да се едно и исто.

Овие скали се поврзуваат со обидот на Вавилон да го досегне небото. Како и Вавилонската кула, скалата „стои на земјата, а со врвот допира до небото“. Но, додека Вавилонската кула го претставува напорот на човекот да се издигне и да стигне до Бога, скалилата од Ветил нагласуваат дека пристапот до Бога може да се оствари само со Божјото доаѓање кај нас, а не со човечки труд.

Што се однесува до „каменот“ на кој Јаков ја спуштил главата и на кој го сонил сонот, тој станал симбол на *beth-El*, „дом Божји“ (1. Мојсеева 28,17; споредете со 1. Мојсеева 28,22), што упатува на храмот, светилиштето, центарот на Божјата спасоносна активност за човештвото.

Меѓутоа, изразите на обожавање и чувство на страхопочит поради сѐ што му се случувало, Јаков не го ограничил само на духовното и мистичното. Сакал да возврати во конкретна, надворешна смисла. Затоа решил да му врати „една десетина“ на Бога – не за да го добие Божјиот благослов, туку како одговор на благодарноста за Божјиот дар што веќе му бил даден. Овде повторно ја гледаме идејата за првите десетокот долго пред појавата на Израелскиот народ.

**Прочитајте го повторно текстот 1. Мојсеева 28,11. Јаков зема „една десетина“ од „од сѐ, што ќе ми дадеш“ (1. Мојсеева 28,22). Која важна поука треба да ја научиме од зборовите на Јаков за десетокот и за она што претставува тој?**

## ИЗМАМНИКОТ Е ИЗМАМЕН

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 29,1-30. Како и зошто Бог ја дозволил измамата на Лаван? Кои лекции ги научил Јаков?**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

Првото нешто што Јаков здогледал кога пристигнал на својата дестинација бил камен, можеби навестување што го вратило во мислите на каменот во Ветил – знак на Божјата присутност (1. Мојсеева 28,18.19). На крајот на краиштата, токму овој камен му дал шанса на Јакова да разговара со Рахила. Кога слушнал од присутните овчари дека Рахила доаѓа со нејзините овци да ги напои, Јаков ги повикал да го тргнат каменот. Тие одбиле, што му дало можност сам да го направи тоа и да ѝ се претстави на Рахила (1. Мојсеева 29,11).

Рахила одговорила така што со трчање се вратила кај нејзиното семејство. Оваа прва средба меѓу Јаков и Рахила вродило со плод: „И Јаков ја засака Рахила“ (1. Мојсеева 29,18), толку многу што седумте години што ги работел за Лаван во замена за неа, изгледале како „неколку дена“ (1. Мојсеева 29: 20).

Меѓутоа, по тие седум години, Јаков бил измамен. Ноќта на венчавката, Јаков ја нашол во својот кревет Леа, постарата сестра, а не Рахела. Искористувајќи го метежот на гозбата, но и силните чувства и ранливоста на Јаков, Лаван успеал да го изведе овој трик. Интересно е што, за оваа „измама“, Јаков го користи истиот корен на зборот (1. Мојсеева 29,25), кој Исак го употребил за да го опише однесувањето на Јаков кон неговиот татко и брат (1. Мојсеева 27,35).

Забележете дека *lex talionis* (законот на одмазда) ја содржи истата логика – „око за око, заб за заб“ (2. Мојсеева 21,24; споредете со 1. Мојсеева 9,6), што го принудува виновникот да се поистовети со својата жртва, соочувајќи се со она што го претрпела жртвата. Во таа смисла, она што Јаков му го направил на некој друг, сега му било направено нему.

Јаков сега сфатил што значи да се биде жртва на измама. Можеби е иронично, но Бог му одржал на Јаков лекција за неговата измама – со помош на Лавановата измама. Иако Јаков, како „измамник“ (1. Мојсеева 27,12), добро знаел што значи измама, бил изненаден кога и самиот станал жртва на измама. И така, тој го поставува прашањето: „Зошто ме измами?“ (1. Мојсеева 29,25), што покажува дека тој многу добро знаел дека измамата е погрешна.

**Иако бил измамник, и самиот Јаков бил измамен. Како можеме да научиме да веруваме во Бога дури и кога гледаме дека „правдата“ не се спроведува, кога гледаме дека луѓето што прават зло остануваат неказнети или дека невини луѓе страдаат?**

## БЛАГОСЛОВОТ НА СЕМЕЈСТВОТО

Последните седум години од неговото прогонство биле исклучително тешки за Јаков, но сепак тоа биле и неговите најплодни години. Јаков добил 11 од 12 деца кои ќе станат предци на Божјиот народ.

Овој текст претставува центар на Јакововата сторија (1. Мојсеева 25,19–35,26), а започнува и завршува со клучниот израз „Господ... ја отвори утробата“, што се однесува на Лија (1. Мојсеева 29,31) и Рахела (1. Мојсеева 30,22). Секојпат кога таа изјава била проследена со раѓање, тоа било доказ дека тоа раѓање е резултат на Божјото чудесно дело.

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 29,31-30,22. Како треба ние денес да го разбереме значењето на она што се случувало таму?**

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

Бог ја „отворил“ утробата на Лија и таа го добила синот Рувим, чие име го содржи глаголот ra'ah, што значи „да види“. Бидејќи Бог „видел“ дека Јаков не ја сака (1. Мојсеева 29,31), тоа дете било еден вид надомест за нејзината болка и страдање.

Потоа, таа му дава на својот втор син име Симеон, што го содржи глаголот *shama'*, „слуша“, бидејќи Бог ја „чул“ (*shama'*) во нејзината длабока болка и понижување, и се смилувал на неа како што ја чул Агара во нејзината неволја (1. Мојсеева 29,33).

Дури и името на синот на Лија, „Симеон“, потсетува на името на синот на Агара „Исмаил“, што значи „Бог ќе чуе“ (видете 1. Мојсеева 16,11). Кога го родила својот последен син, Лија го нарекла Јуда, што значи „фалбоспев“. Лија повеќе не ја спомнувала својата болка, па дури ни нејзиниот благослов. Сето свое внимание таа го насочила кон Бога и едноставно Го фалела за Неговата милост.

Чудно, дури кога Лија повеќе не можела да раѓа, Бог „си спомна“ на Рахила и ја отворил нејзината утроба (1. Мојсеева 30,22). Рахила, саканата жена, морала да чека седум години од венчавката и 14 години од веридбата со Јаков за да го добие својот прв син (1. Мојсеева 29,18.27; споредете со 1. Мојсеева 30,25). Таа му го дала името „Јосиф“, што значело: „Бог го отстрани /*'asaf* / од мене срамот мој“ и „Бог ќе ми даде / *iasaf*/ и друг син“ (1. Мојсеева 1,30.23.24). Без разлика колку биле погрешни некои од овие постапки и ставови, Бог сепак можел да ги искористи, дури и ако не ги одобрувал, за да подигне народ од Аврамовото семе.

**Како оваа сторија ни открива дека Божјите намери ќе се исполнат на небото и на земјата, и покрај човечките мани и грешки?**

## ЈАКОВ СИ ЗАМИНУВА

Во оваа сторија, Јаков – кој ги измамил татко му и брат му да се здобие со првородство и го украл благословот што Исак го наменил за својот најстар син – останал попустлив кон Лаван и верно му служел. Јаков добро знаел дека неговиот свекор го измамил, а сепак не презел ништо. Тешко е да се разбере пасивноста на Јаков, со оглед на неговиот темперамент. Јаков можел да се побуни, да му се спротивстави на Лаван или барем да се пазари со него. Но не го сторил тоа. Тој едноставно го направил она што го побарал Лабан, без разлика колку сето тоа било неправедно.

Меѓутоа, по раѓањето на првиот Рахилин син, Јосиф, Јаков конечно ја завршил четиринаесеттата година од неговата „служба“ кај Лаван (1. Мојсеева 30,26) и имал намера да го напушти и да се врати во Ветената земја. Сега сакал да работи „за мојот дом“ (1. Мојсеева 30,30).

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 30,25-32. Што се случува овде и како резонира Јаков? Каков е одговорот на Лаван?**

---

Тоа било многу долго патување за Јаков, кој го напуштил домот првенствено за да си најде жена. Неговата првобитна намера веројатно не била да отсуствува толку долго од својата земја, но околностите го држеле далеку со години. Но, сега дошло време да се врати дома – и тоа со какво семејство!

Зошто Јаков не го напуштил Лаван порано? Неприродната покорност на Јаков сугерира дека тој се променил – ја разбрал науката на верата. Затоа сега чека на Божјиот знак за да си оди. Дури кога Бог му се обратил, Јаков решил да оди.

Бог му се открил на Јакова како „Бог од Ветил“ и му заповедал да го напушти домот на Лаван и да се врати „во својата земја“ (1. Мојсеева 31,13) – истите зборови што ги користел за да го повика Аврама да го напушти „родот свој“ (1. Мојсеева 12,1).

Она што исто така му помогнало да се увери дека е време да замине, е ставот на синовите на Лаван, па дури и на сопствениот Лаван (видете 1. Мојсеева 31,1.2). „Јаков уште одамна би го напуштил својот лукав роднина кога не би се плашел од средбата со Исава. Сега почувствувал дека му се заканува опасност и од синовите на Лавана кои, тврдејќи дека неговото богатство всушност е нивно, лесно можеле да се обидат и со сила да се доберат до него“ (*Патријарси и пророци*, стр. 193, оригинал).

Затоа го зел своето семејство и она што му припаѓало и заминал, со што започнува уште една фаза во големата сага за Божјиот заветен народ.

# ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Бог го избрал Јаков не затоа што го заслужил тоа, туку поради својата благодат. Сепак, Јаков се обидел да ја заслужи таа благодат, што само по себе е противречно. Ако ја заслужил, тогаш тоа не би била благодат – тоа би биле дела (видете Римјаните 4,1-5), што е спротивно на евангелието. Дури подоцна Јаков почнал да сфаќа какво е значењето на Божјата благодат и што значи да се верува во Бога, да се живее со вера и целосно да се биде зависен од Него. Искуството на Јаков содржи важна поука за амбициозните луѓе: Не трудете се да напредувате на сметка на другите.

„Јаков мислел дека со измама ќе се добере до правото на првородството, но се разочарал. Помислил дека изгубил сѐ – врската со Бога, домот и сѐ останато, и станал разочаран бегалец. Но, што направил Бог? Го погледнал во безнадежната состојба, го видел неговото разочарување и забележал дека таму има материјал што ќе ја врати славата Божја. Штом ја видел неговата состојба, Бог му ги покажал таинствените скали, кои го претставуваат Исуса Христа. Затоа – еве го човекот кој изгубил секаква врска со Бога, но Бог на небото го погледнал и се согласил Христос да ја премости бездната што ја направил гревот. Можеби понекогаш си велиме: Копнеам по небото, но како да го достигнам? Не гледам начин. Така мислел и Јаков, но Бог во визија му ја покажал скалата и таа скала ја поврзувала земјата со небото преку Исуса Христа. Човек може да се искачи по неа, бидејќи нејзината основа лежи на земјата, а највисокото скалило ѝ допира до небото“ (Ellen G. White Comments, *The SDA Bible Commentary*, vol. 1, p. 1095).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Разгледајте го карактерот на овие луѓе (Исак, Ревека, Јаков, Исав, Лаван, Рахила, Лија) кои биле учесници во некои од настаните во светата историја. Забележете ги сите лаги и измами опфатени со овие извештаи. Што нѐ учи ова за човечката природа воопшто и за Божјата благодат?**

**2. Додека ја читаме сторијата за Јаков, кои докази ги наоѓаме дека неговиот лик созреал и растел со текот на времето?**

**3. Во која смисла ние, како адвентисти од седмиот ден, сме во опасност да го заземеме истиот став што го зазел Исав во однос на правото што му припаѓало при раѓањето? Односно, што можеме да преземеме за никогаш да не престанеме да ја сакаме и да ја цениме сета светлина што ни ја дал Бог?**

**Поука 10**
**Од 28 мај до 3 јуни 2022**

# ЈАКОВ – ИЗРАЕЛ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 32,22-31; Осија 12,3.4; Еремија 30,5-7; 1. Мојсеева 33; 1. Мојсеева 34,30-35,29.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Тогаш му рече: 'Отсега името нема да ти биде Јаков, туку Израел; зашто се бореше со Бога, и со луѓето и ги победи'" (1. Мојсеева 32,28).**

Семејната сага за Јаков продолжува, со сите свои добри и лоши страни. Меѓутоа, низ сето тоа се открива Божјата рака и Неговата верност на заветните ветувања.

Оваа седмица ќе го следиме Јаков понатаму, сега кога тој го напуштил Лаван и како, враќајќи се дома, морал да се соочи со Исав, жртвата на неговото предавство. Што ќе му направи сега неговиот брат, кому тој му нанел толку голема неправда?

За среќа на Јаков, додека стравувал од она што требало да дојде, повторно му се јавува Господ Бог на неговите татковци, во рамките на настан што му претходи на она што подоцна ќе стане познато како „време на Јакововите маки" (види Еремија 30,5-7). Токму таа ноќ, Јаков, измамникот, станал „Израел", што било ново име за еден нов почеток – почеток кој на крајот ќе доведе до создавање на народот што ќе го носи неговото име.

Со други зборови, и покрај сите работи што се случиле, сторијата за патријарсите и нивните семејства е запишана во Светото писмо за да ни покаже дека Бог е верен во исполнувањето на она што го ветил и дека ќе го стори тоа, иако понекогаш се чини како Неговиот народ да се труди со сите свои сили да го спречи ова исполнување.

## БОРЕЊЕ СО БОГА

Набргу откако го напуштил Лаван, Јаков доживеал уште едно искуство со Бога. Кога дознал дека неговиот брат Исав се приближува со „четиристотини луѓе“ (1. Мојсеева 32,6), Јаков сесрдно му се молел на Господа, иако отворено признал: „Не сум достоен за сите милости и добрини што му ги направи на слугата Твој“ (1. Мојсеева 32,10). Всушност, Јаков почнал подобро да ја разбира суштината на благодатта.

И како одговорил Господ?

**Прочитајте ги текстовите 1. Мојсеева 32,22-31 и Осија 12,3.4. Кое е духовното значење на оваа неверојатна приказна?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Разбирливо, Јаков бил вознемирен од тоа што се случувало, и бидејќи презел сè што можел за да го заштити своето семејство, останал да бдее во текот на ноќта. Но одеднаш бил нападнат од „еден човек“ (1. Мојсеева 32,24). Тоа е израз кој може да има посебно, пошироко значење, кога укажува на божественото присуство (видете Исаија 53,3). Даниел го применувал на небесниот свештеник Михаил (Даниел 10,5), а Исус Навин на „Водачот на војската Господова“, кого го нарекувал и Господ JHWH (Исус Навин 5,13-15).

И навистина, во текот на борбата, на Јаков сигурно му станало очигледно дека се бори со самиот Бог, а тоа го покажуваат и неговите зборови: „Нема да те пуштам додека не ме благословиш“ (1. Мојсеева 32,26). Сепак, неговото ревносно придржување кон Бога и одбивањето да Го пушти да замине, ја откриваат неговата жестока желба да добие проштавање и да биде исправен пред својот Господ.

„Сега на Јакова јасно му стоела пред очи заблудата што го навела со измама да се добере до правото на првородството. Тој немал доверба во Божјите ветувања, туку се напрегал со лични напори да го оствари она што Бог секако би го извршил во свое време и на свој начин“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 197, 198 оригинал).

Доказ дека навистина му било простено, претставува промената на неговото име, од она што го потсетувало на неговиот грев, во име кое ја славело неговата победа. „Отсега името нема да ти биде Јаков (измамник)“, рекол Човекот, „туку Израел; зашто се бореше со Бога, и со луѓето и ги победи“ (1. Мојсеева 32,28).

**Какво е вашето лично искуство во поглед на „борењето“ со Бога? Што значи ова и зошто понекогаш е важно да се има такво искуство?**

## БРАЌАТА СЕ СРЕЌАВААТ

Од Фануил, од средбата со Бога „лице в лице“ (видете 1. Мојсеева 32,30), местото каде што го доживеал тоа посебно искуство со Бога, Јаков отишол да се сретне со својот брат. По 20 години раздвоеност, Јаков го видел како доаѓа со 400 луѓе (1. Мојсеева 33,1). Тој се загрижил и се подготвил себеси и семејството за сѐ што можело да следи.

**Прочитајте 1. Мојсеева 33. Каква е поврзаноста меѓу искуството на Јаков, кога го видел Божјото лице во Фануил, и ова сега, кога го видел лицето на својот брат? Што значи оваа поврзаност, кога станува збор за нашиот однос со Бога и со нашите „браќа“, кои и да се тие?**

---

Јаков се поклонил пред својот брат седум пати (1. Мојсеева 33,3) кого неколку пати го нарекол „мој господар“ (1. Мојсеева 33,8.13.15), додека себеси се нарекол негов „слуга“ (1. Мојсеева 33,3; споредете со 1. Мојсеева 32,4.18.20). Но, она што е посебно значајно, седумте поклонувања на Јаков се совпаѓаат со седумте благослови на неговиот татко (1. Мојсеева 27,27-29). Згора на тоа, додека се поклонувал, како особено да сакал да поништи еден од благословите на својот татко: „Племиња да ти се поклонуваат“ (1. Мојсеева 27,29).

Изгледа дека намерата на Јаков била да го отплати долгот на својот брат и да го врати благословот што го украл од него (види (1. Мојсеева 33,11). Меѓутоа, кога Исав го здогледал, спротивно на сите очекувања, истрчал да го пречека и, наместо да го убие, „го бакна, и обајцата заплакаа“ (1. Мојсеева 33,4).

Подоцна, Јаков му рекол на Исава: „кога го видов лицето твое дека убаво ме пречекува, како да го бев видел Божјото лице“ (1. Мојсеева 33,10). Причината за оваа необична изјава на Јаков е сознанието дека Исав му простил. Еврејскиот глагол *ratsah*, „најдов милост“ (1. Мојсеева 33,10) е теолошки термин што се однесува на секоја жртва што е „угодна“, „прифатена“ пред Бога, што значи примање на божествено простување (1. Мојсеева 22,27; Амос 5,22).

Искуството на Јаков за Божјото простување во Фануил, каде што го видел Божјото лице, се повторува сега кога го доживеал простувањето на својот брат, што го поистоветува со гледањето на лицето Божјо. Во тој момент, Јаков го доживувал вториот Фануил, при што првиот го подготвил за тоа. И Бог и неговиот брат му простиле на Јакова, така што тој сега сигурно, дури и многу подобро од порано, го разбрал вистинското значење на благодатта.

**Што сте научиле за благодатта врз основа на она што другите (освен Господа) ви го простиле?**

## НАСИЛСТВО ВРЗ ДИНА

Сега, кога се помирил со својот брат, Јаков сакал во мир да се насели во земјата Ханан. Зборот *shalem*, „безбеден“ (1. Мојсеева 33,18), изведен од зборот *shalom*, „мир“, првпат бил употребен во врска со неговото патување.

Откако купил парче земја од жителите (1. Мојсеева 33,19), изградил олтар, покажувајќи ја својата вера и свесност за тоа колку навистина зависи од Господа. Секогаш кога таму се принесувала жртва, тоа било чин на богослужение.

Меѓутоа, Јаков-Израел за првпат во животот бил изложен на проблеми со населувањето во таа земја. Како Исак во Герар со Авимелех (1. Мојсеева 26,1-33), Јаков се обидел да се смести меѓу Хананците.

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 34. Каква случка му ги нарушила плановите за мирен живот?**

___

___

___

Приказната за тој ужасен настан ја нагласува внатрешната подвоеност на личностите и нивните постапки. Сензуалниот Сихем, кој врши насилство врз Дина, се карактеризира во исто време и како некој кој е искрен и полн со љубов кон неа и кој сака да се искупи себеси. Тој е дури и подготвен да се подложи на заветниот обред на обрежување.

Во меѓувреме, Симеон и Леви, кои се претставуваат како бранители на Бога и Неговите заповеди, и се противат на мешаните бракови со Хананците (1. Мојсеева 19,29), прибегнуваат кон лаги и измами (1. Мојсеева 34,13) и се подготвени да убиваат и ограбуваат (1. Мојсеева 34,25-27). Нивните постапки не само што се за осуда (зошто не го казниле само поединецот што згрешил?), туку можеле да предизвикаат и многу поголеми проблеми.

Што се однесува до Јаков, тој бил заинтересиран само за мир. Кога дознал дека неговата ќерка била силувана, не рекол ништо (1. Мојсеева 34,5). Но, кога слушнал што направиле неговите синови, отворено ги прекорил за она што можело да следи: „имам малку луѓе; тие ќе се соберат против мене, ќе ме убијат, та ќе бидам истребен јас и домот мој“ (1. Мојсеева 34,30).

**Секогаш одново гледаме лаги и измами во овие извештаи, но и дела на добрина и милост. Што ни кажува ова за човечката природа?**

# ДОМИНАНТНОТО ИДОЛОПОКЛОНСТВО

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 34,30-35,15. Какви поуки за правото богослужение можеме да извлечеме од она што се случило таму?**

---

Веднаш откако ги укорил своите два сина и се пожалил дека е нарушен неговиот мир со Хананците (1. Мојсеева 34,30.31), Бог му заповедал на Јакова да го напушти Сихем и да се врати во Ветил за да го обнови својот завет. Господ, всушност, му рекол дека, кога ќе стигне таму, треба да изгради олтар.

И првото нешто што се забележува по таа Божја заповед е повикот на Јаков до народот да ги отстранат хананските идоли земени при грабежот на градот Сихем и куќните богови што Рахила ги украла (1. Мојсеева 31,19.32). Сево ова било клучно за концептот завет со Бога.

Тие идоли биле чувани и, веројатно, обожавани и покрај посветеноста на Јаков на Бога. Затоа на Јакова не му било доволно да го напушти Сихем за да го избегне влијанието на Ханан. Тој морал прво да се ослободи од идолите што се криеле во логорот и во срцето на неговиот народ.

Процесот на покајание вклучува нешто повеќе од физичко преместување од едно место во друго или преместување од една црква во друга. Најважно е да бараме, по Божја благодат, да бидеме очистени од идолопоклонството во нашето срце, без разлика каде живееме, бидејќи од сè можеме да направиме идоли.

Откако Јаков го послушал Бога и постапил според Неговата заповед, Бог конечно интервенирал, така што „стравот Божји“ (1. Мојсеева 35,5) ги зафатил сите околни народи, па тие не се осмелиле да го нападнат. И тогаш Јаков „и луѓето што беа со него“, биле подготвени да му служат на Бога (1. Мојсеева 35,6), што сугерира дека семејното единство било обновено. Јаков на тоа место му го дал името на Ел-Ветил, во спомен на неговиот сон со скалата. Тоа било знак дека е повторно воспоставена врската меѓу небото и земјата, која веќе некое време била прекината.

Акцентот овојпат е на Бога од Бетел, а не на самото место. Таа лична нота повторно се почувствувала кога Бог го потсетил Јакова на неговото име „Израел“ (1. Мојсеева 35,10), со двојното ветување што го подразбира овој благослов. Благословот на Јаков се однесувал најпрво на плодноста, на пренесувањето на месијанското семе и настанувањето на многу народи (1. Мојсеева 35,11), а како второ, упатувал на Ветената земја (1. Мојсеева 35,12).

**На кои суптилни начини идолопоклонството може да се вовлече во нашето срце, и што можеме да направиме во врска со тоа?**

# СМРТТА НА РАХИЛА

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 35,15-29. Со какви други неволји се соочил Јаков во неговото дисфункционално семејство?**

Веднаш откако Јаков го напуштил Ветил, три поврзани настани ја обележале последната етапа од неговото патување кон Ветената земја: се родил најмладиот син на Јаков, Рахила умрела, а Рувим, првиот син на Јаков и Лија, спиел со наложницата на Јаков. Иако во текстот не е наведено зошто овој млад човек направил нешто толку лошо, може да се претпостави дека сакал на некој начин да го оцрни раѓањето на најмладиот син на Јаков и да го понижи споменот на Рахила. Но, не можеме да бидеме сигурни во тоа.

Раѓањето на најмладиот син на Јаков се поврзува со Витлеем (1. Мојсеева 35,19), кој се наоѓа во границите на Ветената земја. Според тоа, ова раѓање е првото исполнување на Божјото ветување во врска со иднината на Израел. Бабицата, пророчки, ѝ се обратила на Рахила со истите зборови со кои Бог го смирувал Аврама: „Не плаши се“ (1. Мојсеева 35:17, споредете со 1. Мојсеева 15,1).

Интересно е тоа што Јаков го сменил името на Венониј, што значи „син на мојата тага“, а кое Рахила, изразувајќи ја својата болка, му го дала на својот син на смртната постела, во Венијамин, што значи „син на десната рака“, што тој можеби сакал да го насочи внимание кон југ, за да ја изрази својата надеж во Ветената земја и во сето она што Бог рекол дека ќе го направи за својот народ кога ќе се насели таму.

Во тоа време, Рувим имал сексуални односи со Билха, наложницата на неговиот татко, а исто така и слугинка на Рахила (1. Мојсеева 35,25; 1. Мојсеева 30,3). Едноставно, не знаеме како да го објасниме овој скандалозен чин, освен како уште еден пример на човечката изопаченост.

Чудно, но Јаков не реагирал на оваа страшна навреда, иако бил информиран за тоа (1. Мојсеева 35,22). Би се рекло дека Јаков, во тој момент од неговиот живот, веќе имал доволно доверба во Бога и верувал дека Тој ќе го исполни својот збор, и покрај гревовите и злото што повремено се случувале околу Него.

Ова е таа прецизна поука на верата, опфатена во листата на 12-те синови на Јаков, кои ќе станат предци на Израел (1. Мојсеева 35,22-26). Тие не биле најсимпатичните и најљубезните луѓе, како што ќе видиме. Но сепак, и покрај сите тие проблеми и дисфункции, дури и нешто толку лошо како односот на Рувим со Билха, Божјата волја требало да се исполни токму преку тоа семејство, колку и да било тоа хаотично.

**Така, и покрај човечките грешки, Божјите намери конечно ќе се исполнат. А замислете како би било кога луѓето би соработувале со Бога, кога би му биле послушни. Колку полесно, т.е., со колку помалку страдања, стрес и одолговлекувања би можела да се оствари Божјата волја?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Патријарси и пророци* од Елена Вајт прочитајте ја главата со наслов „Ноќ помината во борба“, стр. 195-203 оригинал).

„Јаков таа ноќ, полна со страв и борба, ги преживеал маките и неволјите што го очекуваат Божјиот народ непосредно пред второто Христово доаѓање... Такво ќе биде и искуството на Божјиот народ во неговата последна борба со силите на злото. Тогаш Бог ќе ја испита нивната вера, нивната истрајност и доверба во неговата моќ да ги ослободи. Сатаната ќе настојува да ги заплаши со мислата дека нивната состојба е безнадежна, дека нивниот грев е премногу голем за да може да биде простен. Тие ќе бидат длабоко свесни за својата недостојност и кога ќе си споменат за својот живот, ќе загубат речиси секоја надеж. Но помислата на големината на Божјето милосрдие и искреноста на нивното покајание ќе ги охрабрат да се повикуваат на ветувањата што им ги упатувал Христос и на безнадежните грешници кога се каеле. Нивната вера нема да попушти затоа што молитвата нема да им биде веднаш услишена. Тие цврсто ќе се држат за Божјата сила, како Јаков цврсто што се држел за ангелот, а нивната душа ќе пека: 'Не те пуштам додека не ме благословиш!'...

Такво ќе биде и искуството на Божјиот народ во неговата последна борба со силите на злото. Тогаш Бог ќе ја испита нивната вера, нивната истрајност и доверба во неговата моќ да ги ослободи. Сатаната ќе настојува да ги заплаши со мислата дека нивната состојба е безнадежна, дека нивниот грев е премногу голем за да може да биде простен. Тие ќе бидат длабоко свесни за својата недостојност и кога ќе си споменат за својот живот, ќе загубат речиси секоја надеж. Но помислата на големината на Божјето милосрдие и искреноста на нивното покајание ќе ги охрабрат да се повикуваат на ветувањата што им ги упатувал Христос и на безнадежните грешници кога се каеле. Нивната вера нема да попушти затоа што молитвата нема да им биде веднаш услишена. Тие цврсто ќе се држат за Божјата сила, како Јаков цврсто што се држел за ангелот, а нивната душа ќе пека: 'Не те пуштам додека не ме благословиш!'“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 201–203 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Зошто слабоста на Јаков била повод за Божјата милост? Како искуството на Јаков се поврзува со изјавата на апостол Павле: „Кога сум слаб, тогаш сум силен“ (2. Коринќаните 12,10)?**

**2. Што мислите, зошто Библијата открива толку лоши детали од животот на многу од нејзините ликови? Каков заклучок би можел да се извлече од тоа? Каква порака наоѓаме во тоа?**

**3. Подетално разгледајте го прашањето за идолопоклонството. Кои се идолите на нашата култура, на нашата цивилизација? Како можеме да бидеме сигурни дека не обожаваме никого или ништо друго освен Господа?**

**Поука 11**
**4-10 јуни 2022**

# ЈОСИФ – ГОСПОДАР НА СОНИШТАТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 37; Матеј 20,26.27; Дела 7,9; 1. Мојсеева 38; 1. Мојсеева 39; 1. Мојсеева 40,1-41,36.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И си рекоа помеѓу себе: ‘Ене го доаѓа, оној што сонува!’“ (1. Мојсеева 37,19).**

Сторијата за Јосиф (1. Мојсеева 37–50) го опфаќа последниот дел од 1. Мојсеева, од неговите први соништа во Ханан (1. Мојсеева 37,1-11) до неговата смрт во Египет (1. Мојсеева 50,26). Всушност, Јосиф зазема повеќе места во 1. Мојсеева од кој било друг патријарх. Иако бил само еден од синовите на Јаков, тој е претставен во 1. Мојсеева како голем патријарх, како Аврам, Исак и Јаков.

Како што ќе видиме, животот на Јосиф исто така истакнува две важни теолошки вистини: прво, Бог ги исполнува своите ветувања; и второ, Бог може да го пресврти злото во добро.

Во лекцијата за оваа седмица, ќе се сосредоточиме на раниот живот на Јосиф. Тој бил омилениот син на Јаков, кој го добил ироничниот прекар *ba‘al hakhalomot*, „оној што сонува“ (1. Мојсеева 37,19), што буквално значи „господар на соништата“ и имплицира дека тој бил експерт за соништа. Таа титула многу му одговара, затоа што не само што примал, разбирал и толкувал пророчки соништа, туку и ги реализирал во својот живот.

Во овие глави повторно ќе видиме дека Божјата промисла е потврдена, и покрај злобата и расипаноста на човечкото срце.

## СЕМЕЈНИ ПРОБЛЕМИ

Јаков конечно се населил во земјата. Додека Исак бил само „придојденец“, текстот вели дека Јаков „живеел во земјата“ (1. Мојсеева 37,1). Но, токму тогаш, додека се населувал во земјата, започнале проблемите, овојпат внатре во семејството. Спорот не се однесувал на поседување земја или користење на бунари, туку бил главно од духовна природа.

**Прочитајте (1. Мојсеева 37,1-11. Која семејна динамика ги довела браќата до тоа толку многу да го замразат Јосифа?**

---

---

Од самиот почеток дознаваме дека Јосиф, синот кого Јаков го добил во староста (1. Мојсеева 37,3), уживал посебен однос со својот татко, кој го сакал „многу повеќе од сите свои синови“ 1. Мојсеева 37,4). Јаков отишол дотаму што му направил „шарена облека“ (1. Мојсеева 37,3), благородничка облека (2. Самоилова 13,18), што укажувала на неговата тајна намера да го издигне Јосифа, првиот син на Рахела, до статус на првенец.

Иднината навистина ќе ги потврди желбите на Јакова, бидејќи Јосиф на крајот ќе го добие правото на превласт (1. Летописи 5,2). Затоа, не е ни чудо што браќата го мразеле Јосифа толку многу што не можеле да му кажат ниту љубезен збор (1. Мојсеева 37,4).

Освен тоа, Јосиф му носел лоши извештаи на својот татко за секое погрешно постапување на неговите браќа (1. Мојсеева 37,2). А никој не сака поткажувачи.

И тогаш, кога Јосиф ги објавил своите соништа, сугерирајќи дека Бог ќе го постави на повисока позиција и дека тие, неговите браќа, ќе се поклонат пред него, тие уште повеќе го замразиле. Меѓутоа, вистинскиот пророчки карактер на овие соништа се потврдува со фактот дека тие се повторувале (видете 1. Мојсеева 41,32). А Јаков, иако отворено го укорил својот син (1. Мојсеева 37,10), ги задржал тие зборови во својот ум, размислувајќи за нивното значење и чекајќи го нивното исполнување (1. Мојсеева 37,11). Ова укажува дека тој длабоко во себе мислел дека можеби има нешто во тие соништа. И бил апсолутно во право, иако тогаш тоа не можел да го знае.

**Прочитајте го текстот Матеј 20,26.27. Кој клучен принцип е откриен овде, и како можеме да научиме во нашиот живот да го изразуваме она што нѐ учи овој текст?**

## НАПАДОТ ВРЗ ЈОСИФ

Колку и да се страшни настаните што следеле, не е тешко да се разберат. Да се биде толку близок, па дури и поврзан со некој што го мразите, неизбежно, порано или подоцна, ќе доведе до проблеми.

И тоа довело.

**Прочитајте 1. Мојсеева 37,12-36. Како ова ни покажува колку непреродените срца можат да бидат опасни и зли, и на што сѐ можат да нѐ наведат кој било од нас?**

---

Браќата го мразеле Јосифа бидејќи му биле љубоморни поради Божјата наклоност (Дела 7,9) – наклоност што се потврдувала на секој чекор во текот на настаните што следеле. Кога Јосиф залутал, наишол на човек кој го водел во вистинската насока (1. Мојсеева 37,15). Кога браќата планирале да го убијат, Рувим се вмешал и предложил, наместо тоа, да го фрлат во јама (1. Мојсеева 37,20-22).

Тешко може да се замисли таква омраза каква што се изразува овде, особено кон некој од сопствениот дом. Како можеле овие млади луѓе да направат нешто толку сурово? Зар за момент не помислиле како ќе се одрази тоа на нивниот татко? Колку и да биле огорчени на нивниот татко поради неговата пристрасност кон Јосифа, тоа да му го направат на едно од неговите деца било навистина за презир. Тоа бил моќен показател за тоа колку човечките суштества можат да бидат зли.

„Но на некои од нив тоа уште не им било доволно; во оваа одмазда не е најдено она задоволување што тие го барале. Набргу потоа забележале група патници што им се приближувала. Тоа бил карван на Исмаелци од другата страна на реката Јордан кои патувале во Египет, носејќи мирудии и разна друга стока. Тогаш Јуда предложил својот брат да го продадат како роб на тие трговци наместо да го препуштат на смрт. Така ќе се ослободат од него на сигурен начин, а нема да ги извалкаат рацете со неговата крв“ (*Патријарси и пророци,* стр. 211 оригинал).

Кога Јосиф бил фрлен во јамата, планирајќи подоцна да го убијат, поминал карван и Јуда предложил да им го продадат (1. Мојсеева 37,26.27). Откако Јосиф бил продаден (1. Мојсеева 37,28), Мидјанците подоцна го продале на некој друг во Египет (1. Мојсеева 37,36), отворајќи го патот за неговата идна слава.

**Зошто е толку важно да ја барате Божјата сила за да ги промените лошите особини на вашиот карактер, пред тие, во одреден момент од вашиот живот, да се преточат во дела што никогаш не би помислиле дека ќе ги направите?**

## ЈУДА И ТАМАРА

Не е непримерно овде да се спомене и приказната за Тамара. Овој настан хронолошки следи по продажбата на Јосиф во Египет (1. Мојсеева 38,1), и е во согласност со фактот дека Јуда се разделил од своите браќа, што укажува на неговото несогласување со нив. Дополнително, овој текст споделува заеднички изрази и мотиви со претходната глава и ја носи истата теолошка поука – еден лош чин е претворен во нешто позитивно што има врска со спасението.

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 38. Споредете го однесувањето на Јуда со однесувањето на Хананката Тамара. Кој од двајцата бил поправеден и зошто?**

---

Јуда се оженил со жена Хананка (1. Мојсеева 38,2), со која имал три сина: Ер, Онан и Шела. На својот првороден син, Ер, Јуда му ја дал за жена Хананката Тамара, за да обезбеди соодветен родослов. Меѓутоа, бидејќи Бог ги убил Ер и Онан поради нивната злоба, Јуда ѝ го ветил на Тамара својот најмлад син, Шела.

Бидејќи по долго време изгледало како Јуда да го заборавил своето ветување, Тамара решила да ја искористи приликата кога тој барал утеха по смртта на сопругата. Таа глумела проститутка за да го натера да го одржи ветувањето. Бидејќи немал пари да ѝ плати на проституткета, која не ја препознал, Јуда ѝ ветил дека подоцна ќе ѝ испрати коза од неговото стадо.

Но, Тамара барала во меѓувреме, како непосредна гаранција за плаќање, да ѝ ги даде прстенот, ременот и стапот со печат. И по таа една единствена средба, Тамара забременила. Кога подоцна била обвинета за блуд, на обвинителот Јуда му го испратила печатот, појасот и стапот. Јуда разбрал и се извинил.

Како заклучок на оваа малку непријатна приказна е раѓањето на Фарес, чие име значи „пробив“, и кој, како и Јаков, бил роден втор, но станал прв, и во историјата на спасението се споменува како предок на Давид (Рута 4,18-22), и конечно на Исуса Христа (Матеј 1,3). Што се однесува до Тамара, таа е првата од четирите жени, а ја следат Рава (Матеј 1,5), Рута (Матеј 1,5.6) и жената на Урија (Матеј 1,6), кои, во рамките на месијанскиот родослов, ѝ претходеле на Марија, Исусовата мајка (Матеј 1,16).

Можеме да извлечеме една поука од оваа сторија: како што Бог ја спасил Тамара со својата милост, претворајќи го злото во добро, така Тој ќе го спаси својот народ со помош на Исусовиот крст. А во случајот со Јосиф, Тој ќе ги претвори неговите неволји во спасение за Јаков и за неговите синови.

## ЈОСИФ, РОБ ВО ЕГИПЕТ

Сега продолжуваме да го следиме текот на Јосифовата сторија, која била „прекината“ од настаните со Тамара. Во тоа време Јосиф бил роб на „заповедникот на стражата“, кој управувал со затворот за службениците на царот (1. Мојсеева 40,3.4; 1. Мојсеева 41,10-12).

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 39. Врз основа на Јосифовиот пример, кој работел како управител под Петефриј, што можеме да кажеме за факторите што довеле до еден таков успех?**

________________________________________________

________________________________________________

Јосиф речиси веднаш бил окарактеризиран како успешен човек (1. Мојсеева 39,2.3). Тој бил толку добар, а неговиот господар толку многу му верувал, што го поставил „над целиот свој дом“ и „сè што имаше, го предаде во рацете негови“ (1. Мојсеева 39,4).

Тој успех не го расипал Јосифа. Кога жената на Петефриј го забележала и сакала да спие со него, Јосиф недвосмислено одбил. Тој попрво би ја изгубил својата работа и сигурноста отколку да „направи толку големо зло и да згреши против Бога“ (1. Мојсеева 39,9). Понижена од неговото одбивање, жената лажно го обвинила пред својот маж и пред слугите дека сака да ја силува. Како резултат на тоа, Јосиф бил фрлен во затвор.

Тогаш Јосиф го доживеал она што сите ние сме го искусиле – чувство дека Бог го напуштил, иако, дури и во тие тешки времиња, „Господ беше со Јосиф“ (1. Мојсеева 39,21).

Набргу потоа, Господ дејствувал и влијаел на Јосифовиот однос со затворскиот чувар. Овде, како и во домот на Петефриј, Господ го благословил Јосифа. Тој очигледно бил надарен човек, и покрај тоа што се нашол во уште полоши околности (впрочем, и претходно бил роб!), настојувал да го извлече најдоброто во тие околности. Меѓутоа, какви дарови и да имал, во текстот јасно стои дека, на крајот на краиштата, Господ бил тој што му донел успех. „И старешината на затворот не надгледуваше ништо што беше во Јосифовите раце, зашто Господ беше со него; и сè што работеше тој, Господ правеше да успева“ (1. Мојсеева 39,23). Колку е важно сите оние што се талентирани, сите што се „успешни“, да имаат на ум од каде потекнува сето тоа!

**Прочитајте 1. Мојсеева 39,7-12. Како Јосиф се спротивставил на навалувањето на жената? Зошто тој рекол, многу конкретно, дека она што таа го бара би било грев против Бога? Какво сфаќање за природата и суштината на гревот покажал со својата постапка?**

## СОНИШТАТА НА ФАРАОНОТ

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 40,1 - 41,36. На кој начин се поврзани соништата на фараонот со соништата на неговите дворјани? Кое е значењето на таа паралела?**

---

Дејствувањето на провидениeто врз настаните продолжило. Со текот на времето, Јосиф бил поставен на чело на затворениците, од кои двајца биле фараоновите слуги, главниот пехарник и главниот пекар (1. Мојсеева 41,9-11). И двајцата ги мачеле соништа кои не ги разбирале, бидејќи, според нив, „а нема кој да ни го протолкува“ (1. Мојсеева 40,8). И тогаш Јосиф ги протолкувал нивните соништа.

Паралелно со соништата на двајцата дворјани, и фараонот сонил два сона, кои никој не можел да ги протолкува (1. Мојсеева 41,1-8). Во тој момент, пехарникот, под влијание на провиедението, се сетил на Јосифа и му го препорачал на фараонот (1. Мојсеева 41,9-13).

И повторно, паралелно со претходно споменатите соништа, фараонот, како и неговите дворјани, бил вознемирен и му ги кажал соништата на Јосиф (1. Мојс. 41,14-24), а тој ги толкувал. Како и соништата на дворските службеници, соништата на фараонот содржеле паралелни симболи: две низи од седум крави (дебели и слаби) и две низи класја (дебели и тенки), кои претставуваат две низи на години – добри и лоши. Седумте крави, заедно со седумте јадри класја пченица, ја повториле истата порака, што било доказ за нејзиното божествено потекло, исто како и во случајот со соништата на Јосиф (1. Мојс. 41,32; споредете 1. Мојс. 37,9).

Иако самиот тој ги протолкувал соништата на фараонот, Јосиф се трудел да му даде до знаење на фараонот дека всушност Бог, Елохим, му покажал што Тој ќе направи (1. Мојсеева 41,25.28). Очигледно е дека фараонот ја разбрал пораката затоа што, кога одлучувал кого да го назначи за управител над земјата, размислувал на следниов начин: „Бидејќи Бог тебе ти го откри сево ова, значи дека нема човек толку мудар и разумен како што си ти. Ти ќе бидеш над домот мој, и целиот народ мој ќе го слуша твојот збор“ (1. Мојсеева 41,39-40).

Колку е ова фасцинантно! Благодарение на Бога, Јосиф напредувал од управител над домот на Петефриј преку управител над затворениците до управител над целиот Египет. Колку моќна сторија за тоа како, дури и во навидум страшни околности, се открива делувањето на Божјото провидение!

**Како можеме да научиме да му веруваме на Бога и да се држиме за Неговите ветувања, кога ни се чини дека Тој молчи, а настаните не го откриваат делувањето на Неговата промисла?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Патријарси и пророци* од Елена Вајт прочитајте ја главата со наслов „Јосиф во Египет“, стр. 213-223, оригинал.

„Уште во раните денови на својот живот, токму во мигот кога како момчиња влегувале во периодот на зрелост, Јосиф и Даниел биле оттргнати од нивните домови и како заробеници одведени во незнабожечка земја. Особено Јосиф бил изложен на искушенија проследени со големи пресврти во неговиот живот. Во татковиот дом тој бил нежно и негувано дете; во куќата на Петефриј роб, потоа довереник и следбеник; сестран човек, образуван преку учење, набљудување и контакти со другите луѓе, во занданите на фараонот бил државен затвореник, неправедно осуден и без надеж дека некогаш ќе се оправда или ќе биде ослободен; а потоа повикан да застане на чело на народот во миг на голема криза – што го оспособило да ја сочува својата чесност?...

Во детството Јосиф научил да го љуби Бога и да се бои од него. Често во татковиот шатор, под ѕвезденото сириско небо, ја слушал приказната за моќната визија кај Ветил, за скалите од небото до земјата, за ангелите кои се симнувале и качувале и за она што му било откриено на Јаков од престолот на височините. Ја слушал приказната за борбата кај Јавок кога, откажувајќи се од своите омилени гревови, Јаков излегол како победник и ја добил титулата „Божји кнез“.

Додека Јосиф уште како момче ги чувал стадата на својот татко, неговиот чист и едноставен живот поволно влијаел врз развојот на неговите физички и духовни способности. Доаѓајќи во врска со Бога преку природата и проучувајќи ги големите вистини кои, како свет залог преминувале од татко на син, се здобил со сила на умот и непоколебливост во принципите.

Во кризата на својот живот, кога се наоѓал на страшниот пат од домот на неговото детство во Ханан, кон ропството што го чекало во Египет, фрлајќи последен поглед врз ритчињата кои ги криеле шаторите на неговиот род, Јосиф се сетил на Бога на својот татко. Се сетил на поуките што ги примал во детството, и потресен до дното на душата одлучил да се покаже како верен – секогаш да се однесува како што му доликува на еден слуга на небесниот Цар“ (Елена Вајт, *Воспитување*, стр. 51, 52, оригинал).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Споредете го Јосиф со Даниел и Исус. Кои се нивните заеднички особини? Како Јосиф и Даниел, секој на свој начин, откривале аспекти на Исусовата личност и покажале каков ќе биде Исус?**
2. **Разговарајте во класата за прашањето поставено на крајот од проучувањето предвидено за четврток. Како да научиме да му веруваме на Бога, дури и тогаш кога работите нема да излезат толку добро за нас како што, на крајот, испаднале за Јосиф?**

**Поука 12**
**11-17 јуни 2022**

# ЈОСИФ – ПРИНЦОТ НА ЕГИПЕТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 41,37-46; 1. Царевите 3,12; 1. Мојсеева 42; Римјаните 5,7-11; 1. Мојсеева 43; 1. Мојсеева 44; 1. Мојсеева 45.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И фараонот му рече на Јосиф: 'Јас сум фараон, но без тебе никој нема да крене рака, ни нога во целата земја египетска'" (1. Мојсеева 41,41).**

Јосиф сега станал водач во Египет, а неговите родени браќа се поклониле пред него, не знаејќи дека тоа е тој (1. Мојсеева 42). Тие понизно се покориле кога Јосиф ги принудил да се вратат со Венијамин (1. Мојсеева 43), и – кога безбедноста на Венијамин, за која се плашеле, навидум била загрозена (1. Мојсеева 44) – тие се молеле за милоста на овој моќен човек, кој во нивните очи бил „како самиот фараон". На крајот, кога Јосиф им го открил својот идентитет, тие сфатиле дека, и покрај тоа што го направиле, Бог сè извел на добро.

Интересно е што целата низа настани што следеле, наместо да биде сосредочена на успехот на Јосифа, всушност повеќе се однесувала на покајанието на неговите браќа. Нивните патувања од Јосифа до нивниот татко и назад, и пречките на кои наидувале, ги натерале да се сетат на нивните злодела кон Јосифа и сопствениот татко, и конечно станале свесни за нивното беззаконие спрема Бога. Браќата на Јосиф го доживеале целото искуство како божествен суд. А сепак, трогателниот емотивен крај, кој сите ги доведува до солзи, истовремено е полн со радост, бидејќи содржи порака дека им е простено и покрај нивните зли дела, кои со ништо не можат да се оправдаат.

# ЈОСИФОВИОТ ПОДЕМ НА МОЌНА ПОЛОЖБА

Според Јосиф, соништата на фараонот откриле „што (Бог) ќе прави“ (1. Мојсеева 41,28) во земјата. Меѓутоа, Јосиф не го повикал фараонот да верува во неговиот Бог. Наместо тоа, неговиот непосреден одговор бил акција. Веднаш предложил економска програма. Интересно е што фараонот се задржал само на економскиот дел од излагањето на Јосиф. Се чинело дека повеќе го интересира економската лекција отколку духовното значење на неговите соништа и Божјата улога во нивното создавање.

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 41,37-57. Кој бил Божјиот удел во успехот на Јосиф?**

Фараонот го избрал Јосиф за оваа одговорност не затоа што правилно ги протолкувал неговите соништа и го открил претстојниот проблем на земјата, туку затоа што понудил решение. Советот што Јосиф го дал „му се допадна“ (1. Мојсеева 41,37) на фараонот, а истото мислење го делеле и неговите слуги. Би се рекло дека фараонот тој избор го направил повеќе од прагматични отколку од религиозни причини. Сепак, тој го препознал присуството на „Божји Дух“ (1. Мојсеева 41,38) во Јосифа, кој бил оценет како „мудар и разумен“ (1. Мојсеева 41,39), израз кој ја опишува мудроста што ја дава Бог (видете 1. Мојсеева 41,33; споредете со 1. Царевите 3,12).

Сите детали наведени во библискиот текст одговараат на историските околности во Египет во тоа време. Во политичка смисла, фактот дека фараонот го назначил Јосифа за голем везир, не било нешто невообичаено во древниот Египет. Имено, има и други примери во кои припадници на странски народи ја заземале таа положба.

Следните седум години биле години на изобилство, така што производството на жито станало речиси „немерливо“ (1. Мојсеева 41,49), што било знак на натприродно дејство. Изразот „колку што е песокот морски“ (1. Мојсеева 41,49) открива дека во прашање бил Божји благослов (1. Мојсеева 22,17). Јосиф лично го доживеал овој благослов преку сопствената плодност – коинциденција што сведочи дека ист Бог стоел зад двете од овие појави. Јосиф добил два сина чиишто имиња го одразуваат неговото искуство на Божјото провидение, кое го претворила сеќавањето на болката во радост (Манасија), а некогашната неволја во плодност (Ефрем). Колку одличен пример за тоа како Бог нешто лошо го претвора во нешто многу добро!

**На кои начини реалноста на постоењето на нашиот Бог мора да биде видлива за другите врз основа на животот што го водиме?**

## ЈОСИФ СЕ СООЧУВА СО СВОИТЕ БРАЌА

**Прочитајте 1. Мојсеева 42. Што се случило тука, и како во него се открива Божјото провидение, и покрај човечкото зло и недела?**

______________________________________________

______________________________________________

Гладот го натерал Јакова да ги испрати своите синови во Египет да купат жито. Малку иронично, но Јаков е тој што го иницира целиот процес (1. Мојсеева 42,1). Несреќниот татко, жртва на околностите кои се надвор од негова контрола, несвесно покренал неверојатен синџир на настани што ќе го наведат повторно да се соедини со синот по кој тагувал толку долго.

Дејствувањето на провидението за време на таа средба било нагласено со два основни факти. Прво, во тоа се огледува исполнувањето на соништата на Јосиф. Настанот што го најавиле Јосифовите пророчки соништа: „вашите снопови... му се поклонија на мојот сноп“ (1. Мојсеева 37,7) – сега се остварил. Јосиф бил познат како „управител на земјата“ (1. Мојсеева 42,6) и „човекот што заповеда во таа земја“ (1. Мојсеева 42,30.33). Моќната позиција на Јосиф е спротивна со онаа на неговите сиромашни браќа, кои „му се поклонија со лицето доземи“ (1. Мојсеева 42,6) – истите оние десет браќа што му се потсмевале за тој сон и се сомневале во неговото исполнување. Мојсеј 37,8).

Второ, оваа од провидението водена средба е опишана како одговор. Јазичните и тематските паралели меѓу двата настани нагласуваат дека се работи за праведна одмазда. Изразот „си рекоа еден на друг“ (1. Мојсеева 42,21) се употребува и кога почнале да коваат заговор против Јосифа (1. Мојсеева 37,19). Престојот на браќата во затвор (1. Мојсеева 42,17) потсетува на престојот на Јосиф во затворот (1. Мојсеева 40,3.4). И самите браќа на Јосиф го поврзувале она што моментално им се случува со она што му го направиле на својот брат дваесетина години порано. „И си рекоа еден на друг: ‘Тешко нам! Ова е казната поради братот наш; не ја почувствувавме маката на душата негова, кога ни се молеше, но ние се оглушивме. Затоа и нè снајде ова зло’“ (1. Мојсеева 42,21).

Зборовите на Рувим: „Сега од нас се бара крвта негова“ (1. Мојсеева 42,22), како ехо на неговото предупредување од минатото: „Крв да не пролевате“ (1. Мојсеева 37,22), дополнително ја нагласуваат врската меѓу ова со што се соочувале сега и она што го направиле тогаш.

**Повеќето од нас сигурно направиле нешто за што жали. Како можеме, колку што е можно, да се искупиме за она што сме го направиле? Освен тоа, зошто прифаќањето на Божјото ветено проствување преку Исуса има толку пресудна важност нас (види Римјаните 5,7-11)?**

## ЈОСИФ И ВЕНИЈАМИН

Јаков не можел лесно да го дозволи заминувањето на Венијамин, единствениот син на Рахила. Тој се плашел дека ќе го изгуби, како што веќе го загубил Јосифа (1. Мојсеева 43,6-8). Дури кога немало повеќе храна (1. Мојсеева 43,2), и кога Јуда се обврзал дека ќе го врати (1. Мојсеева 43,9), Јаков конечно се согласил по втор пат неговите синови да го посетат Египет и му дозволил на Венијамина да оди со нив.

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 43. Какво влијание имало присуството на Венијамин врз текот на настаните?**

---

---

Присуството на Венијамин доминирало во настаните. Кога сите браќа застанале пред Јосиф, единствената личност што ја видел бил Венијамин (1. Мојсеева 43,16). Венијамин е единствениот во овој отсек што е наречен „брат“ (1. Мојсеева 43,29). Додека тој се споменува по име, тоа не е случај со другите браќа. Тие едноставно се нарекуваат „овие луѓе“ (1. Мојсеева 43,16).

Јосиф му се обраќа на Венијамина со „синко“, што е израз на посебна наклонетост (1. Мојсеева 43,29; спореди 1. Мојсеева 22,8). Во својот благослов, Јосиф ја спомнува „милоста“ (1. Мојсеева 43,29), што потсетува на моментот кога се молел за милост што не постоела (1. Мојсеева 42,21). На тој начин, Јосиф му пружил милост на Венијамина, што самиот не ја добил од останатите браќа.

Додека неговите браќа се плашеле дека ќе бидат фрлени во затвор поради парите што им биле вратени, Јосиф подготвувал гозба по повод доаѓањето на Венијамина. Како Венијамин да имал спасоносно влијание врз целата ситуација. Кога сите седнале почитувајќи ги правилата за старешинство и чест, на Венијамин, најмладиот, бил послужен пет пати повеќе од другите браќа (1. Мојсеева 43,33.34). Меѓутоа, оваа очигледна пристрасност воопшто не им пречела – сосема спротивно од она што се случило многу години порано, кога Јосиф бил миленик на својот татко, а било поттик за нивните страшни постапки кон нивниот полубрат и роден татко (1. Мојсеева 37,3- 4).

„Пројавувајќи ваква посебна наклоност кон Венијамина, Јосиф сакал да види дали браќата и нему ќе му завидуваат и ќе го мразат како што правеле некогаш со него. Бидејќи сè уште мислеле дека Јосиф не го разбира нивниот јазик, слободно меѓусебно разговарале. Така тој имал можност да ги дознае нивните вистински чувства. И покрај тоа, сакал уште еднаш да ги провери па, пред да појдат, наредил неговата сребрена чаша да се стави во вреќата на неговиот најмлад брат“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 228, 229 оригинал).

## ЧАША ЗА ПРЕТСКАЖУВАЊЕ

**Прочитајте 1. Мојсеева 44. Зошто Јосиф ја ставил својата чаша во врећата на Венијамин, а не во врећата на некој од другите браќа?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Оваа сторија е паралелна со претходната. Како и порано, Јосиф давал конкретни упатства и повторно ги наполнил нивните торби со храна. Меѓутоа, овој пат Јосиф додал необична заповед – да ја стави својата скапоцена чаша во врећата на Венијамин.

Затоа настаните добиваат поинаков тек. Додека на претходното патување браќата се вратиле во Ханан за да го доведат со себе Венијамин, сега морале да се вратат во Египет за да се соочат со Јосиф. Додека во претходната прилика сите браќа нашле иста содржина во своите вреќи, сега Венијамин е издвоен како таков кој ја има чашата на Јосиф. Неочекувано, Венијамин, кој имал пристап до чашата на Јосиф како почесен гостин, сега бил осомничен и обвинет дека го украл тој скапоцен предмет. Тој требало да оди во затвор.

Фактот што Јосиф ја користел чашата за претскажување, не значи дека тој верувал во нејзината моќ. Јосиф „никогаш не се растурал со некоја способност дека може да погодува тајни работи, но сакал кај нив да создаде верување дека може да ги чита тајните на нивниот живот“ (Елеа Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 229 оригинал).

За Јосифа, волшебната чаша била изговор да се повика на доменот на натприродното, и на тој начин да го разбуди во срцата на неговите браќа чувството за вина пред Бога. Така Јуда ја протолкувал неизговорената порака на Јосиф, изјавувајќи дека Бог ја открил злобата во нив (1. Мојсеева 44,16). Освен тоа, крадењето на таа скапоцена чаша би оправдала построга казна и на тој начин би покажала како размислуваат браќата.

Реакцијата на браќата и силата на нивните емоции биле значајни. Сите биле обединети во својата болка и се плашеле за Венијамина, кој стоел пред закана да биде изгубен како Јосиф и да стане, како него, роб во Египет, иако како него, бил невин. Затоа Јуда предложил него да го земат за роб „место“ Венијамина (1. Мојс. 44,33), исто како што овенот бил жртвуван „место“ невиниот Исак (споредете со 1. Мојсеева 22,13). Јуда се принесува себеси како жртва, замена, чија цел била токму да се справи со тоа „зло“ што би го докрајчило нивниот татко (1. Мојс. 44,34).

**Кој принцип на љубовта, како што се гледа од одговорот на Јуда, е вклучен во процесот на замена? Како овој вид на љубов ја објаснува библиската теологија на спасението? (Видете Римјаните 5,8)**

## „ЈАС СУМ ЈОСИФ, ВАШИОТ БРАТ“

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 45. Кои поуки за љубовта, верата и надежта можат да се најдат во оваа сторија?**

Токму тогаш, кога Јуда зборувал за „јадовите“ што би го снашле *'avi*, „таткото“ (1. Мојсеева 44,34), Јосиф, „извика“ (1. Мојсеева 45,1), а потоа им се „откри“ на своите браќа. Овој израз, кој често се користи за Божјото самооткривање (2. Мојсеева 6,3; Ездра 20,9), сугерира дека и Бог им се открил во таа пригода. Односно, Господ покажал дека Неговата промисла владее, и покрај човечките слабости.

Јосифовите браќа не можеле да им веруваат на своите очи и уши. Затоа Јосиф морал да повтори: „Јас сум Јосиф, братот ваш“ (1. Мојсеева 45,4). И дури тогаш кога го слушнале тоа по втор пат, и кога ги слушнале конкретните зборови: „...кого го продадовте во Египет“ (1. Мојсеева 45,4), поверувале.

Тогаш Јосиф рекол: „Бог ме прати“ (1. Мојсеева 45,5). Тоа повикување на Бога имало двојна цел. Служело не само за да ги убеди своите браќа дека Јосиф не негува никакви лоши чувства кон нив, туку и како длабоко исповедање на вера и израз на надеж – зашто она што го направиле било неопходно за „големо избавување“ и нивниот опстанок „на земјата“ (1. Мојсеева 45,7).

Јосиф потоа ги повикал браќата да се вратат кај нивниот татко за да го подготват да дојде во Египет. Својот повик го придружувал со конкретни зборови за местото каде што ќе живеат, односно „земјата Гошен“, позната по своите богати пасишта и „сè што е најубаво во египетската земја“ (1. Мојсеева 45,18.20). Тој се погрижил и за превозот – била обезбедена кола, која на крајот ќе го увери Јакова дека неговите синови не го лажат за она што го доживеале (1. Мојсеева 45,27). Јаков го доживеал тоа како видлив доказ дека Јосиф е жив, и тоа било доволно за да го оживее неговиот дух (споредете 1. Мојсеева 37,35; 1. Мојсеева 44,29).

Сега сè било во ред. Јакововите дванаесет синови се живи. Јаков сега се нарекува „Израел“ (1. Мојсеева 45,28), а Божјата промисла се пројавила на моќен начин.

**Да, Јосиф бил милостив кон своите браќа. Можел да си го дозволи тоа. Но, како ние да научиме да бидеме милосрдни кон оние чие зло кон нас не довело до нешто толку добро како во случајот на Јосиф?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Патријарси и пророци* од Елена Вајт прочитајте ги главите со наслов „Јосиф во Египет“, стр. 213-223 (оригинал) и „Јосиф и неговите браќа“, стр. 224-232 (оригинал).

„Трите дена поминати во затвор биле денови на горчлива тага за синовите на Јаков. Размислувале за нивниот погрешен пат во минатото, а особено за нивната суровост кон Јосифа. Знаеле дека, ако бидат осудени како шпиони и без можност да изнесат докази со кои би се оправдале, сите ќе мора да умрат или да станат робови. Се сомневале дека некој од нив би можел да го натера нивниот татко да се согласи Венијамина да се оддели од него, со оглед на суровата смрт, како што тој мислел дека ја претрпел Јосиф. Тие го продале Јосифа како роб и сега се плашеле дека Бог има намера да ги казни со тоа што ќе дозволи да станат робови. Од друга страна, Јосиф сметал дека неговиот татко и семејствата на неговите браќа веројатно страдаат од недостиг на храна, а бил убеден дека тие се покајале за нивното сурово однесување кон него и дека нема да постапат на ист начин со Венијамина“ (Елена Вајт, *Духовни дарови*, книга 3, стр. 155, 156).

„Јосиф бил задоволен. Тој ги искушал своите браќа и видел во нив плодови на вистинско покајание за гревот“ (Елена Вајт, *Духовни дарови*, книга 3, стр. 165).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Задржете се во класата на прашањето поставено на крајот од проучувањето предвидено за четврток. Мислите ли дека Јосиф би бил толку милостив кон своите браќа ако работите не испаднеле толку добро со него? Се разбира, не можеме да знаеме со сигурност, но кои показатели, ако ги има, во целата сторија за Јосиф откриваат каков бил неговиот карактер, а кои би можеле да ни помогнат да ја објасниме неговата великодушност?**
2. **Врз основа на што можеме да видиме во Јосифа еден вид Христов претеча, како и сето она низ што поминал Христос?**
3. **Јосиф ги искушал своите браќа. На кои слични начини Бог нè искушува нас?**
4. **Дури и по сите тие години, браќата биле свесни за својата вина за она што му го направиле на Јосифа. Како ова ни покажува колку силно може да биде чувството на вина? Како можеме да научиме, откако ќе ни биде простено и ќе го прифатиме Божјото простување, и ние самите себеси да си простиме, колку и да сме недостојни за тоа простување?**

**Поука 13**
**18-24 јуни 2022**

# ИЗРАЕЛ ВО ЕГИПЕТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 46; Римјаните 10,12.13; 1. Мојсеева 47; 1. Мојсеева 48; Дела 3,25.26; 1. Мојсеева 49; Филипјаните 2,10; 1. Мојсеева 49,29 – 50,21.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А Израел се насели во египетската земја, во областа Гошен, и ја владееја, и се изнародија и намножија многу“ (1. Мојсеева 47,27).**

Последните години од животот на Јаков и Јосиф се опфатени во 1. Книга Мојсеева. Гледаме дека Јаков (Израел) го напушта Ханан (1. Мојсеева 46) за да се насели во Египет (1. Мојсеева 47), каде што ќе умре (1. Мојсеева 49,29 - 50,21). Сепак, дури и во таа египетска средина, изгледите за враќање во Ветената земја сè уште се назираат во заднина (1. Мојсеева 50,22-26).

Кога пристигнал во Египет, Јаков го благословил фараонот (1. Мојсеева 47,7-10), со што го исполнил (делумно, се разбира) ветувањето дадено на Аврам дека ќе биде благослов за сите народи (1. Мојсеева 12,3). Подоцна, на смртната постела, Јаков ги благословил синовите на Јосиф (1. Мојсеева 48). Јаков, исто така, ги благословува и своите синови (1. Мојсеева 49,1-28) и дава импресивни предвидувања за секој од нив во контекст на идните 12 племиња на Израел (1. Мојсеева 49,1-27).

Меѓутоа, фактот дека Израелците живееле во изгнанство, како новодојденци во Египет, е во спротивност со нивната надеж за Ветената земја. И иако 1. Мојсеева завршува додека Израеловите синови сè уште се во Египет, некои од последните зборови на Јосиф се однесуваат на друго место: „Јас ќе умрам; но Бог ќе ве посети и ќе ве изведе од оваа земја во земјата, за која им се заколнал на Авраам, на Исак и на Јаков“ (1. Мојсеева 50,24).

# ЈАКОВ ОДИ КАЈ ЈОСИФА

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 46. Кое е значењето на заминувањето на Јаков од Ханан?**

________________________________________________________

________________________________________________________

Кога го напуштил своето место во Ханан, Јаков бил полн со надеж. Сигурноста дека повеќе нема да биде гладен и добрата вест дека Јосиф е жив, сигурно му го дале еланот што му бил потребен за да ја напушти Ветената земја.

Заминувањето на Јаков потсетува на Аврамовото искуство, иако во случајот на Аврам тоа било патување во Ветената земја. Јаков го слушнал истото ветување што Аврам го слушнал од Бога, имено, дека од него ќе направи „голем народ“ (1. Мојсеева 46,3; споредете со 1. Мојсеева 12,2). Божјиот повик овде, исто така, потсетува на Божјиот завет со Аврам, и во двата случаи Бог ги користи истите смирувачки зборови: „Не плаши се“ (1. Мојсеева 46,3; спореди 1. Мојсеева 15,1), кои го носат ветувањето за славна иднина.

Сеопфатниот список на имињата на Израеловите деца кои отишле во Египет, вклучувајќи ги и неговите ќерки (1. Мојсеева 46,7), потсетува на Божјето ветување за плодност дадено на Аврам додека тој сè уште бил без деца. Бројот „седумдесет“ (вклучувајќи ги Јаков, Јосиф и неговите два сина) го изразува поим за целокупност. „Сиот Израел“ отиде во Египет. Значајно е и тоа што бројот 70 одговара на бројот на народи (1. Мојсеева 10), што сугерира дека патувањето на Јаков имало врска со судбината на сите народи.

Таа вистина ќе стане поочигледна дури многу години подоцна, по крстот и поцелосното откривање на планот за спасението, кој, се разбира, бил во полза на целокупното човештво, насекаде низ светот, а не само за потомците на Аврам.

Со други зборови, без разлика колку се интересни сториите во врска со тоа семејство, Аврамовите потомци, и кои било духовни поуки да ги извлечеме од нив – овие извештаи се наоѓаат во Божјата реч затоа што се дел од историјата на спасението – тие се дел од Божјиот план да донесе спасение на што поголем број луѓе на оваа падната планета.

**„Нема разлика меѓу Јудеец и Елин, зашто еден и ист е Господ на сите, богат за сите кои Го повикуваат“ (Римјаните 10,12.13). Што кажува овде Павле, а открива дека евангелието се однесува на целиот свет? Уште поважно, како овие зборови ни покажуваат што треба ние како црква да правиме за да придонесеме за ширење на евангелието?**

# ЈАКОВ СЕ НАСЕЛУВА ВО ЕГИПЕТ

Многу е интересно што Господ му дал на Јаков, иако му било кажано дека Јосиф е жив во Египет, „ноќно видение" (1. Мојсеева 46,2) во кое му заповедал да оди. Јаков ја напуштил Ветената земја за да замине, ни помалку ни повеќе туку во Египет – кој подоцна станува синоним токму за она место каде што Божјиот народ не треба да оди (5. Мојсеева 17,16).

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 47. Кои духовни вистини и начела можеме да ги најдеме во овој извештај?**

---

„Јосиф повел петмина од своите браќа да ги претстави пред фараонот и да добие одобрение за земјата што ќе им припаѓа во иднина. Од благодарност што му ја должел и што му ја укажувал на својот прв министер, монархот би ги примил со почести што им се укажуваат на високи државни функционери, но Јосиф, верен на Јехова, сакајќи да ги сочува своите браќа од искушенијата на кои би биле изложени на незнабожечкиот двор, им советувал, кога царот ќе ги запраша, слободно да кажат со што се занимаваат. Синовите на Јакова го послушале тој совет и се потрудиле да кажат дека во оваа земја дошле само на привремен престој, а не во неа постојано да живеат. Со тоа однапред себеси си го задржале правото да се преселат кога ќе сакаат. За живеалиште царот им го доделил, како што и ветил, 'најдоброто што постои во египетската земја' - Гесемската покраина" (Елена Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 233, ориг.).

Мудро било и тоа што фараонот не ги охрабрил овие дојденци да станат просјаци, кои ќе живеат од дарежливоста на својот домаќин. Тој се распрашувал за нивното занимање (1. Мојсеева 47,3) за да им помогне подобро да се прилагодат на новата средина. Тој, исто така, сакал да го искористи нивното искуство, па дури и предложил да бидат назначени да го чуваат неговиот добиток (1. Мојсеева 47,6).

Потоа, иако Јаков, како дојденец, бил инфериорен, туѓинец, тој застанал пред водачот на земјата и, како што вели текстот, „Јаков го благослови фараонот" (1. Мојсеева 47,7). Тој, скромен дојденец, да го благословува фараонот, владетелот на моќниот Египет? Од каде тоа?

Глаголот *'amad lifnei*, „доведе ... пред" (1. Мојсеева 47,7), обично се користел во контекст на свештеничката служба (1. Мојсеева 14,11). А бидејќи во древниот Египет фараонот имал статус на највисок свештеник, тоа значело дека, во духовна смисла, Јаков бил повисок од највисокиот свештеник во Египет, повисок дури и од самиот фараон.

**Што и да правиме во животот, што треба да значи за нас тоа што сме „царско свештенство, свет народ, луѓе придобиени" (1. Петрово 2,9), особено кога станува збор за однесувањето кон другите? Кои одговорности ги поставува нашата вера пред нас?**

# ЈАКОВ ГИ БЛАГОСЛОВУВА СИНОВИТЕ НА ЈОСИФ

Како што се приближувал до смртта, Јаков сè повеќе се сеќавал на неговото претходно враќање во Ветил (1. Мојсеева 35,1-15), кога од Бога добил обновено ветување за земјата што ќе биде во нивна „вечна сопственост“ (1. Мојсеева 48,4) – ветување претходно дадено на Аврама (1. Мојсеева 17,8). Според тоа, надежта во Ветената земја била тоа што го тешело и храбрело додека чувствувал како смртта му се приближува. Јаков потоа се свртел кон двајцата синови на Јосиф, кои биле родени во Египет, и ги благословил, но тоа го направил во контекст на идното ветување во врска со сопствените потомци.

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 48. Зошто Јаков тука ги благословил двајцата Јосифови синови, а не и останатите негови внуци?**

___

___

Двата сина на Јосиф, Манасија и Ефрем, се единствените внуци што Јаков ги благословил. Со тоа тие се издигнати од статусот внуци во статусот синови (1. Мојсеева 48,5). Иако Јаков, со својот благослов, му дал предност на помладиот (Ефрем) пред првородениот (Манасија), неговиот благослов во суштина се однесувал на Јосиф (1. Мојсеева 48,15).

Она што го гледаме овде е лично сведоштво за тоа колку Бог им бил верен во минатото и како им дал ветување за иднината. Јаков зборува за Аврамовиот и Исаковиот Бог (1. Мојсеева 48,15), кој им обезбедил храна и заштита. Тоа е истиот Бог, вели тој, „кој ме избавуваше од секое зло“ (1. Мојсеева 48,16). Јаков го имал на ум и „Бог... во Ветил“ (1. Мојсеева 31,13), со кого се борел (1. Мојсеева 32,29) и кој го променил неговото име во „Израел“ (1. Мојсеева 32,26.29).

Навраќајќи се на сите овие искуства, кога Бог го пресвртел злото во добро, Јаков изразил надеж не само дека Бог ќе се грижи за животот на неговите внуци во сегашноста, како што правел за него и за Јосиф, туку мислел и на иднината, кога неговите потомци ќе се вратат во Ханан. Оваа надеж јасно се гледа во неговиот повик на Сихем (1. Мојсеева 48,22), која не била само парче земја што ја стекнал (1. Мојсеева 33,19), туку и место каде што ќе бидат погребани коските на Јосиф 24,32), и на кое земјата ќе биде поделена меѓу племињата на Израел (Исус Навин 24,1). И покрај сето она што се случило, Јаков сè уште ги имал на ум Божјите ветувања, кој рекол дека преку ова семејство „ќе бидат благословени сите племиња на земјата“ (1. Мојсеева 12,3).

**Прочитајте го текстот Дела 3,25.26. На кој начин, според апостол Петар, се исполнило ова ветување во 1. Мојсеева 12,3? На кој начин ние самите сме го примиле тој благослов?**

## ЈАКОВ ГИ БЛАГОСЛОВУВА СВОИТЕ СИНОВИ

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 49,1-28. Какво е духовното значење на Јакововиот благослов над неговите синови?**

---

---

Зад пророштвата во врска со непосредната историја на израелските племиња, Јаков го гледа Месија и последната надеж за спасение. Оваа надеж е назначена уште во првите зборови на Јаков, кога тој ги спомнува „идните времиња" (1. Мојсеева 49,1), што е технички термин кој се однесува на доаѓањето на месијанскиот цар (Исаија 2,2; Даниел 10,14).

Текстот потоа ја прикажува иднината на секој од овие луѓе. Тоа не биле нивните предодредени судбини, како Бог навистина да сакал тие да се соочат со сето она со кое се соочувале. Тоа бил израз за она до што ќе доведе нивниот карактер и карактерот на нивните деца. Фактот дека Бог, на пример, знае дека некој ќе убие невин човек, радикално се разликува од тоа кога Бог би сакал убиецот да го стори тоа.

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 49,8-12. Какво пророштво е дадено овде, и зошто е тоа важно?**

---

---

И покрај слободната волја на човекот, Бог ја знае иднината и уредил Месија да дојде преку Јуда. Јуда (1. Мојсеева 49,8-12), кој е претставен како лав (1. Мојсеева 49,9), ќе добие царство и пофалба. Од Јуда ќе потекне царот Давид, но и Шилох, односно оној што ќе ја донесе шалом „мир" (Исаија 9,6.7) и на кого „ќе Му се покоруваат народите" (1. Мојсеева 49,10).

Евреите долго време гледале на тоа како пророштво за доаѓањето на Месија, а христијаните го гледаат како текст што се однесува на Исуса. Изразот „ќе Му се покоруваат народите" (1. Мојсеева 49,10) може да биде најава за новозаветното ветување: „Во името на Исус да се поклони секое колено" (Филипјаните 2,10).

Како што Елена Вајт напишала: „Шумскиот цар, лавот, е соодветен симбол за ова племе од кое требало да се роди Давид и Давидовиот син – 'Оној на кого му припаѓа царскиот жезол', Шилох (Месија), вистинскиот 'лав од племето на Јуда', на кого најпосле сите сили ќе му се поклонат и сите народи на светот ќе му укажат почит" (*Патријарси и пророци,* стр. 236, оригинал).

**Зошто уште сега треба да му укажуваме почит на Исуса, дури и пред да го сторат тоа сите народи?**

## НАДЕЖ ВО ВЕТЕНАТА ЗЕМЈА

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 49,29 – 50,21. Каква надеж даваат големите теми што ги наоѓаме во заклучокот на 1. Мојсеева?**

---

Заклучокот на 1. Мојсеева се состои од три настани кои влеваат многу надеж.

Прво, тоа е надежта дека Израел ќе се врати во Ветената земја. Мојсеј, авторот на 1. Мојсеева ги опишува смртта и погребувањето на Јаков и Јосиф како настани што укажуваат на Ветената земја. Штом ги изговорил благословите и пророштвата за „дванаесетте колена израелски“ (1. Мојсеева 49,28), Јаков почнал да размислува за неговата смрт и им наредил на своите синови да го погребаат во Ханан, во пештерата Махпела, каде што и Сара била погребана (1. Мојсеева 49,29-31). Наративот што ја опишува погребната поворка кон Ханан, станал еден вид најава за излегувањето од Египет, кое ќе се случи неколку векови подоцна.

Второ, тоа е надеж дека Бог ќе го сврти злото кон добро. По Јакововата смрт и погреб, браќата на Јосиф се загрижиле за својата иднина. Тие се плашеле дека сега Јосиф ќе им се одмазди. Тоа е причината зошто тие излегле пред него поклонувајќи му се, подготвени да станат негови слуги (1. Мојсеева 50,18). Сцената многу потсетува на пророчките соништа на Јосиф. Сепак, Јосиф ги смирувал: „Не плашете се!“ (1. Мојсеева 50,19) – добро познат израз кој го привлекува вниманието кон иднината (1. Мојсеева 15,1). Зашто, иако „Вие смисливте зло за мене, но Бог тоа го сврте на добро“ (1. Мојсеева 50,20), а го насочил текот на настаните кон спасението (1. Мојсеева 50,19-21; споредете со 1. Мојсеева 45,5.7- 9). Односно, и покрај толку многу недостатоци кај луѓето, Божјата промисла ќе надвладее.

Трето, тоа е надеж дека Бог ќе го спаси паднатото човештво. Сторијата за Јосифовата смрт во последниот стих од 1. Мојсеева има поширoко значење од самиот извештај за неговата смрт. Изненадува што Јосиф не наредил да му ги закопаат коските. Наместо тоа, тој ги упати кон иднината: „Кога Бог ќе ве посети вас, вие тогаш понесете ги коските мои одовде со вас“ (1. Мојсеева 50,25), што го направиле години откако ги слушнале неговите зборови (види 2. Мојсеева 13,19). На крајот на краиштата, надежта во Ветената земја, Ханан, е само симбол, зачеток на надежта во конечното спасение, обновување, во новиот Ерусалим на новото небо и новата земја – конечната надеж на сите нас, надеж загарантирана со смртта на Месија.

**Прочитајте го текстот Откровение 21,1-4. Како овие стихови ја опишуваат најголемата надеж што ја имаме? Без тоа ветување, каква надеж воопшто би имале, освен самата смрт како крај на сите наши проблеми?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Патријарси и пророци* од Елена Вајт, прочитајте ја главата со наслов „Јосиф и неговите браќа“, стр. 233-240 оригинал.

„Животот на Јосифа е слика на Христовиот живот. Зависта ги навела Јосифовите браќа да го продадат како роб; мислеле на тој начин да го оневозможат тој да биде поголем од нив. А кога бил одведен во Египет, си ласкале себеси дека не мораат веќе да се вознемируваат поради неговите соништа, зашто отстраниле секоја можност тие да се обвистинат. Но со нивните постапки управувал Бог, па се случило токму она што тие се обиделе да го спречат. Така и еврејските свештеници и старешини му завидувале на Христа, стравувајќи Тој да не го привлече вниманието на јавноста и да ги одврати луѓето од нив. Го убиле за да спречат Тој да стане цар, но со тоа тие само придонеле да се оствари токму тоа.

Низ своите страдања и робувањето во Египет, Јосиф станал спасител на целото семејство на својот татко. Сепак, тој факт ниту малку не ја намалува вината на неговите браќа. Исто така и Христовите непријатели, распнувајќи го, всушност само придонеле Тој да стане Искупител на човештвото, Спасител на паднатиот род и Владетел на целиот свет; но злосторството на неговите убијци е гнасно и заслужува презир исто толку колку и тогаш кога раката на божественото провидение не би управувала со настаните на слава на неговото име и за добро на човештвото.

Како Јосифа што го продале неговите браќа, така Христа еден од неговите ученици им го продал на неговите најогорчени непријатели. Јосиф бил лажно обвинет и фрлен во затвор само поради својата чесност, поради својот морал и неговите добродетели. Така и Христос бил презрен и отфрлен затоа што неговиот праведен и несебичен живот претставувал постојан прекор за грешниците; и иако немал никаква вина, сепак бил обвинет и осуден само врз основа на изјави на лажни сведоци. А Јосифовото трпение и неговото мирно поднесување на неправдата, мачење и угнетување; неговата готовност да прости, неговата благородна добродушност и добронамерност кон неговите неправедни браќа - сето тоа е слика на Спасителот кој не се плачел туку ја поднесувал пакоста и малтретирањето од страна на безбожните луѓе и кој радо им проштава, не само на своите убијци, туку и на сите што ќе дојдат кај него, што ќе ги признаат своите гревови и ќе побараат проштавање“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 239, 240 оригинал).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Кога умрел Јаков, браќата на Јосиф се плашеле дека тој ќе им се одмазди. Што ни кажува ова за вината што сè уште ја негувале? Што нè учи реакцијата на Јосиф за простувањето на виновниците?**
2. **Какви други паралели можете да најдете меѓу Јосифовиот и Исусовиот живот?**
3. **Задржете се во мислите на фактот дека, и покрај тоа што Бог добро ја познава иднината, сепак имаме целосна слобода на избор. Како да ги усогласиме овие две идеи?**

# УТРИНСКИ СТИХОВИ – АПРИЛ
# НАДЕЖ ВО ВОСКРЕСЕНИЕТО

## ИСУС КАКО ЗМИЈА

| | | |
|---|---|---|
| *1. Петок* | **Јован 3,4–9.** | *Христијанството не е група за дискусија* |
| *2. Сабота* | **Јован 3,14.15.** | *Исус како змија* |

## ИЗВОНРЕДЕН ЕВАНГЕЛИСТ

| | | |
|---|---|---|
| *3. Недела* | **Јован 3,16-18.** | *Неопходно е да се одговори на Бога кој љуби* |
| *4. Понеделник* | **Јован 3,35.36.** | *Верниците веќе имаат вечен живот* |
| *5. Вторник* | **Јован 4,7-9.** | *Исклучително градење на мостови* |
| *6. Среда* | **Јован 4,10-14.** | *Извонреден евангелист* |
| *7. Четврток* | **Јован 4,25.26.** | *Соочување со вистината* |
| *8. Петок* | **Јован 4,27-34.** | *Поука за учениците* |
| *9. Сабота* | **Јован 4,39-42** | *Незамислив евангелист* |

## ВИСТИНСКО УЧЕЊЕ

| | | |
|---|---|---|
| *10. Недела* | **Лука 4,16-21** | *Револуционерна порака* |
| *11. Понеделник* | **Лука 4,27-30.** | *Не секој сака верни проповедници* |
| *12. Вторник* | **Матеј 11,25-27.** | *Вистинско учење* |
| *13. Среда* | **Матеј 11,28-30.** | *Возвишен повик* |
| *14. Четврток* | **Матеј 12,1.2.** | *Конфликт околу јаремот* |
| *15. Петок* | **Марко 3,3-5.** | *Соочување околу саботата* |
| *16. Сабота* | **Марко 3,6.** | *Болни „црковни“ групи* |

## НАДЕЖ ВО ВОСКРЕСЕНИЕТО

| | | |
|---|---|---|
| *17. Недела* | **Марко 2,27.** | *Саботата како средство на благодатта* |
| *18. Понеделник* | **Откровение 1,10.** | *Господовиот ден* |
| *19. Вторник* | **Јован 5,15-18.** | *Исус: олицетворение на храброста* |
| *20. Среда* | **Јован 5,22.** | *Јас сум свој личен судија* |
| *21. Четврток* | **Јован 5,25-29.** | *Надеж во воскресението* |
| *22. Петок* | **Јован 9,15-17.** | *Како гледаш?* |
| *23. Сабота* | **Јован 9,24-27.** | *Повеќе за видот* |

## ПРИКАЗ НА СЛЕПИЛОТО И СПАСЕНИЕТО

| | | |
|---|---|---|
| *24. Недела* | **Јован 9,35-39.** | *Последните размислувања за видот* |
| *25. Понеделник* | **Јован 8,7-11** | *Приказ на слепилото и спасението* |
| *26. Вторник* | **Матеј 12,31,32.** | *Конечниот крај на намерното слепило* |
| *27. Среда* | **Матеј 12,43-45.** | *Опасноста од негативна религија* |
| *28. Четврток* | **Марко 3,20.21.** | *Исус: разумен или непресметлив* |
| *29. Петок* | **Марко 3,31-33.** | *Повеќе семејни прашања* |
| *30. Сабота* | **Марко 3,34.35.** | *Редефинирање на семејството* |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ – МАЈ

# ДОАЃАЊЕ НА ЦАРСТВОТО

### ПОВИК НА ДЛАБОКО РАЗМИСЛУВАЊЕ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Недела* | **Матеј 13,1-3**. | *Поучување преку параболи* |
| *2. Понеделник* | **Матеј 13,3-8.** | *Поука за евангелската работа, 1 дел* |
| *3. Вторник* | **Матеј 13,18.** | *Поука за евангелската работа, 2 дел* |
| *4. Среда* | **Матеј 13,10-16.** | *Параболи: проникнлива техника на поучување* |
| *5. Четврток* | **Матеј 13,24-30.** | *Зошто владее збрка во црквата?* |
| *6. Петок* | **Марко 4,26-28.** | *Тајната на сè* |
| *7. Сабота* | **Матеј 13,31-33.** | *Малите почетоци носат големи промени* |

### „НЕ ПЛАШЕТЕ СЕ“

| | | |
|---|---|---|
| *8. Недела* | **Матеј 13,44-46.** | *Христијанството не е пазарење* |
| *9. Понеделник* | **Матеј 13,47-49.** | *Приказната што ме врати во црква* |
| *10. Вторник* | **Матеј 10,5-8.** | *Кога учениците ќе станат апостоли* |
| *11. Среда* | **Матеј 10,16.17.** | *Лошата страна на апостолската служба* |
| *12. Четврток* | **Матеј 10,17-22.** | *Другата страна на прогонството* |
| *13. Петок* | **Матеј 10,24-26.** | *„Не плашете се“* |
| *14. Сабота* | **Матеј 10,28.** | *Уште едно „Не плашете се“* |

### РЕЛИГИЈА ВО ВИД НА ЧАША ВОДА

| | | |
|---|---|---|
| *15. Недела* | **Матеј 10,29–31.** | *И уште едно „Не плашете се“* |
| *16. Понеделник* | **Матеј 10,32.33.** | *Повеќе за стравот* |
| *17. Вторник* | **Матеј 10,34-37.** | *Страшни одлуки* |
| *18. Среда* | **Матеј 10,38.39.** | *Решение за стравот* |
| *19. Четврток* | **Матеј 10,42** | *Религија во вид на чаша вода* |
| *20. Петок* | **Лука 12,16-21.** | *Духовна кратковидост* |
| *21. Сабота* | **Лука 14,25–28.** | *Цената на ученииштвото* |

### СОСЕМА ПОИНАКВА СЛИКА ЗА БОГА

| | | |
|---|---|---|
| *22. Недела* | **Лука 15,1.2.** | *Увод во приказната за широкоградиот Бог* |
| *23. Понеделник* | **Лука 15,4-7.** | *Сосема поинаква слика за Бога* |
| *24. Вторник* | **Лука 15,8-10.** | *Уште еден осврт на широкоградиот Бог* |
| *25. Среда* | **Лука 15,11-13.** | *Карактеристики на состојбата на изгубеност* |
| *26. Четврток* | **Лука 15,14-17.** | *Каде што моето јаже завршува, а почнува Божјото* |
| *27. Петок* | **Лука 15,18.19.** | *Човечкиот начин на спасение* |
| *28. Сабота* | **Лука 15,20–24.** | *Татковиот начин на спасение* |

### ШИРЕЊЕ НА НАДЕЖ МЕЃУ ВЕРНИЦИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| *29. Недела* | **Лука 15,25–30** | *Како верниците го сфаќаат спасението?* |
| *30. Понеделник* | **Лука 15,31.32** | *Ширење на надеж меѓу верниците* |
| *31. Вторник* | **Лука 16,19-21**. | *Обрнување внимание на Речта* |

# УТРИНСКИ СТИХОВИ – ЈУНИ
# ХРИСТОВАТА БОРБА

## ВНИМАВАЈТЕ ДА НЕ СИ УПАТУВАТЕ МОЛИТВА САМИ НА СЕБЕ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Среда* | ***Лука 18,10–14.*** | *Внимавајте да не си упатувате молитва сами на себе* |
| *2. Четврток* | ***Лука 19,1–7.*** | *Вистински негативци* |
| *3. Петок* | ***Лука 19,5–7.*** | *Никаквец се сретнува со Исус* |
| *4. Сабота* | ***Лука 19,8.9.*** | *Исус го менува никаквецот* |

## БОГ НÈ ВОДИ ЧЕКОР ПО ЧЕКОР

| | | |
|---|---|---|
| *5. Недела* | ***Лука 19,10.*** | *Бог секогаш презема иницијатива* |
| *6. Понеделник* | ***Матеј 14,1.2.*** | *Сенката на иднината* |
| *7. Вторник* | ***Јован 6,2–9.*** | *Невидливите луѓе вршат големо влијание* |
| *8. Среда* | ***Јован 6,10–15.*** | *Потреба да се молиме кога имаме успех* |
| *9. Четврток* | ***Матеј 14,23–29.*** | *Развој на верата* |
| *10. Петок* | ***Матеј 6,66–71.*** | *Каде можам да одам?* |
| *11. Сабота* | ***Јован 7,45–52.*** | *Бог нè води чекор по чекор* |

## ИСУС ЗА ВИСТИНСКАТА ВЕРА

| | | |
|---|---|---|
| *12. Недела* | ***Јован 8,17–20.*** | *Тајната на провидението* |
| *13. Понеделник* | ***Матеј 15,1–3.*** | *Вера која не се фокусира на суштината* |
| *14. Вторник* | ***Матеј 15,18–20.*** | *Исус за вистинската вера* |
| *15. Среда* | ***Матеј 15,23–28.*** | *Гледање под површината* |
| *16. Четврток* | ***Матеј 16,5.6.*** | *Чиј е квасецот?* |
| *17. Петок* | ***Матеј 16,13–16.*** | *Момент на криза* |
| *18. Сабота* | ***Матеј 16,17.18.*** | *Два камења* |

## ХРИСТОВАТА БОРБА

| | | |
|---|---|---|
| *19. Недела* | ***Матеј 16,19.*** | *Клучевите на царството* |
| *20. Понеделник* | ***Матеј 16,21.*** | *Значењето на месијанството* |
| *21. Вторник* | ***Марко 8,31.*** | *„Треба“ значи неопходност* |
| *22. Среда* | ***Матеј 16,22.23.*** | *Христовата борба* |
| *23. Четврток* | ***Марко 8,31–33.*** | *Да избегнуваме да бидеме како Петар* |
| *24. Петок* | ***Марко 16,24.*** | *Значење на учеништвото: 1 дел* |
| *25. Сабота* | ***Марко 8,34.*** | *Значење на учеништвото: 2 дел* |

## ОХРАБРУВАЊЕ ВО ВРЕМЕ НА ПОТРЕБА

| | | |
|---|---|---|
| *26. Недела* | ***Марко 16,25.26.*** | *Значење на учеништвото: 3 дел* |
| *27. Понеделник* | ***Матеј 17,1–5.*** | *Охрабрување во време на потреба* |
| *28. Вторник* | ***Матеј 17,14–16.*** | *Не секој ден е духовно силен* |
| *29. Среда* | ***Матеј 17,25–27.*** | *Поуки од извештајот за рибата* |
| *30. Четврток* | ***Матеј 18,1–4*** | *Омилено прашање на учениците* |

# Цркви, групи и поединци на Христијанската адвентистичка црква во Република Македонија



# СЕКОЈДНЕВНО ЧИТАЊЕ НА БИБЛИЈАТА

## *Април*

| | |
|---|---|
| 1. | 1. Цар. 4-6 |
| **2.** | 7-9 |
| 3. | 10-12 |
| 4. | 13-16 |
| 5. | 17-19 |
| 6. | 20-22 |
| 7. | 2. Цар. 1-3 |
| 8. | 4-6 |
| **9.** | 7-9 |
| 10. | 10-12 |
| 11. | 13-16 |
| 12. | 17-19 |
| 13. | 20-22 |
| 14. | 23-25 |
| 15. | 1. Днев. 1-3 |
| **16.** | 4-6 |
| 17. | 7-9 |
| 18. | 10-14 |
| 19. | 15-17 |
| 20. | 18-20 |
| 21. | 21-23 |
| 22. | 24-26 |
| **23.** | 27-29 |
| 24. | 2. Днев. 1-3 |
| 25. | 4-7 |
| 26. | 8-10 |
| 27. | 11-13 |
| 28. | 14-16 |
| 29. | 17-19 |
| **30.** | 20-22 |

## *Мај*

| | |
|---|---|
| 1. | 2. Днев. 23-25 |
| 2. | 26-30 |
| 3. | 31-33 |
| 4. | 34-36 |
| 5. | Ezdra 1-3 |
| 6. | 4-6 |
| **7.** | 7-10 |
| 8. | Немија 1-3 |
| 9. | 4-7 |
| 10. | 8-11 |
| 11. | 12-13 |
| 12. | Естира 1-3 |
| 13. | 4-6 |
| **14.** | 7-10 |
| 15. | За Јов 1-3 |
| 16. | 4-8 |
| 17. | 9-11 |
| 18. | 12-14 |
| 19. | 15-17 |
| 20. | 18-20 |
| **21.** | 21-23 |
| 22. | 24-26 |
| 23. | 27-30 |
| 24. | 31-33 |
| 25. | 34-36 |
| 26. | 37-39 |
| 27. | 40-42 |
| **28.** | Псалм 1-3 |
| 29. | 4-6 |
| 30. | 7-11 |
| 31. | 12-14 |

## *Јуни*

| | |
|---|---|
| 1. | Псалм 15-17 |
| 2. | 18-20 |
| 3. | 21-23 |
| **4.** | 24-26 |
| 5. | 27-29 |
| 6. | 30-34 |
| 7. | 35-37 |
| 8. | 38-40 |
| 9. | 41-43 |
| 10. | 44-46 |
| **11.** | 47-49 |
| 12. | 50-52 |
| 13. | 53-57 |
| 14. | 58-60 |
| 15. | 61-63 |
| 16. | 64-66 |
| 17. | 67-69 |
| **18.** | 70-72 |
| 19. | 73-75 |
| 20. | 76-80 |
| 21. | 81-83 |
| 22. | 84-86 |
| 23. | 87-89 |
| 24. | 90-92 |
| **25.** | 93-95 |
| 26. | 96-98 |
| 27. | 99-103 |
| 28. | 104-106 |
| 29. | 107-109 |
| 30. | 110-114 |

# ВЕЧЕРНО БОГОСЛУЖЕНИЕ ВО СЕМЕЈСТВОТО

## Април

1. Псалм 78,43-56
**2.** Псалм 78,57-72
3. Псалм 79
4. Псалм 80
5. Псалм 81
6. Псалм 82
7. Псалм 83
8. Псалм 84
**9.** Псалм 85
10. Псалм 86
11. Псалм 87
12. Псалм 88
13. Псалм 89,1-13
14. Псалм 89,14-26
15. Псалм 89,27-39
**16.** Псалм 89,40-52
17. Псалм 90
18. Псалм 91
19. Псалм 92
20. Псалм 93.
21. Псалм 94
22. Псалм 95
**23.** Псалм 96
24. Псалм 97
25. Псалм 98
26. Псалм 99
27. Псалм 100
28. Псалм 101
29. Псалм 102,1-14
**30.** Псалм 102,15-28

## Мај

1. Псалм 103
2. Псалм 104,1-18
3. Псалм 104,19-35
4. Псалм 105,1-15
5. Псалм 105,16-31
6. Псалм 105,32-45
**7.** Псалм 106,1-16
8. Псалм 106,17-32
9. Псалм 106,33-48
10. Псалм 107,1-21
11. Псалм 107,22-43
12. Псалм 108
13. Псалм 109,1-16
**14.** Псалм 109,17-31
15. Псалм 110
16. Псалм 111
17. Псалм 112
18. Псалм 113
19. Псалм 114
20. Псалм 115
**21.** Псалм 116
22. Псалм 117
23. Псалм 118,1-14
24. Псалм 118,15-29
25. Псалм 119,1-34
26. Псалм 119,35-63
27. Псалм 119,64-90
**28.** Псалм 119,91-117
29. Псалм 119,118-143
30. Псалм 119,144-176
31. Псалм 120

## Јуни

1. Псалм 121
2. Псалм 122
3. Псалм 123
**4.** Псалм 124.
5. Псалм 125
6. Псалм 126
7. Псалм 127
8. Псалм 128
9. Псалм 129
10. Псалм 130
**11.** Псалм 131
12. Псалм 132
13. Псалм 133
14. Псалм 134
15. Псалм 135
16. Псалм 136,1-14
17. Псалм 136,14-26
**18.** Псалм 137
19. Псалм 138
20. Псалм 139
21. Псалм 140
22. Псалм 141
23. Псалм 142
24. Псалм 143
**25.** Псалм 144
26. Псалм 145
27. Псалм 146
28. Псалм 147
29. Псалм 148
30. Псалм 149

*Им предлагаме на верниците овие текстови да ги читаат во текот на вечерното богослужение во своето семејство.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| АПРИЛ 2022 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | | |
| | *1.* | *8.* | *15.* | *22.* | *29.* |
| **Виница** | **18:55** | **19:02** | **19:10** | **19:18** | **19:25** |
| **Колешино** | **18:53** | **19:01** | **19:08** | **19:16** | **19:23** |
| **Стар Дојран** | **18:53** | **19:01** | **19:08** | **19:16** | **19:23** |
| **Куманово** | **18:58** | **19:06** | **19:14** | **19:21** | **19:29** |
| **Неготино** | **18:56** | **19:04** | **19:11** | **19:19** | **19:26** |
| **Струмица** | **18:54** | **19:01** | **19:09** | **19:16** | **19:24** |
| **Кочани** | **18:55** | **19:03** | **19:10** | **19:18** | **19:26** |
| **Велес** | **18:57** | **19:05** | **19:13** | **19:20** | **19:28** |
| **Кавадарци** | **18:56** | **19:04** | **19:11** | **19:19** | **19:27** |
| **Дебар** | **19:02** | **19:10** | **19:17** | **19:25** | **19:33** |
| **Скопје** | **18:59** | **19:07** | **19:14** | **19:22** | **19:30** |
| **Битола** | **18:59** | **19:06** | **19:14** | **19:21** | **19:28** |
| **Кичево** | **19:01** | **19:08** | **19:16** | **19:23** | **19:31** |
| **Лаки** | **18:54** | **19:02** | **19:09** | **19:17** | **19:25** |
| **Чифлик** | **18:55** | **19:03** | **19:10** | **19:18** | **19:26** |
| **Штип** | **18:56** | **19:03** | **19:11** | **19:19** | **19:26** |
| **Тетово** | **19:01** | **19:09** | **19:16** | **19:24** | **19:32** |
| **Јегуновце** | **19:00** | **19:08** | **19:16** | **19:24** | **19:31** |
| **Росоман** | **18:57** | **19:04** | **19:12** | **19:19** | **19:27** |
| **Гевгелија** | **18:54** | **19:02** | **19:09** | **19:17** | **19:24** |
| **Свети Николе** | **18:57** | **19:05** | **19:12** | **19:20** | **19:28** |
| **Делчево** | **18:54** | **19:01** | **19:09** | **19:17** | **19:25** |
| **Валандово** | **18:54** | **19:02** | **19:09** | **19:17** | **19:24** |
| **Охрид** | **19:01** | **19:08** | **19:16** | **19:23** | **19:31** |
| **Радовиш** | **18:55** | **19:02** | **19:10** | **19:18** | **19:25** |
| **Прилеп** | **18:58** | **19:06** | **19:13** | **19:21** | **19:28** |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

# ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| МАЈ 2022 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **МЕСТО** | **ДАТУМ** | | | |
| | ***6.*** | ***13.*** | ***20.*** | ***27.*** |
| **Виница** | **19:33** | **19:40** | **19:47** | **19:54** |
| **Колешино** | **19:31** | **19:38** | **19:45** | **19:51** |
| **Стар Дојран** | **19:31** | **19:38** | **19:45** | **19:51** |
| **Куманово** | **19:37** | **19:44** | **19:51** | **19:58** |
| **Неготино** | **19:34** | **19:41** | **19:48** | **19:54** |
| **Струмица** | **19:31** | **19:39** | **19:46** | **19:52** |
| **Кочани** | **19:34** | **19:41** | **19:48** | **19:54** |
| **Велес** | **19:36** | **19:43** | **19:50** | **19:56** |
| **Кавадарци** | **19:34** | **19:41** | **19:48** | **19:54** |
| **Дебар** | **19:40** | **19:47** | **19:54** | **20:01** |
| **Скопје** | **19:38** | **19:45** | **19:52** | **19:59** |
| **Битола** | **19:36** | **19:43** | **19:50** | **19:56** |
| **Кичево** | **19:38** | **19:46** | **19:53** | **19:59** |
| **Лаки** | **19:32** | **19:40** | **19:47** | **19:53** |
| **Чифлик** | **19:33** | **19:40** | **19:47** | **19:53** |
| **Штип** | **19:34** | **19:41** | **19:48** | **19:55** |
| **Тетово** | **19:39** | **19:47** | **19:54** | **20:00** |
| **Јегуновце** | **19:39** | **19:46** | **19:54** | **20:00** |
| **Росоман** | **19:34** | **19:42** | **19:49** | **19:55** |
| **Гевгелија** | **19:31** | **19:39** | **19:45** | **19:52** |
| **Свети Николе** | **19:35** | **19:43** | **19:50** | **19:56** |
| **Делчево** | **19:32** | **19:40** | **19:47** | **19:53** |
| **Валандово** | **19:32** | **19:39** | **19:46** | **19:52** |
| **Охрид** | **19:38** | **19:45** | **19:52** | **19:58** |
| **Радовиш** | **19:33** | **19:40** | **19:47** | **19:53** |
| **Прилеп** | **19:36** | **19:43** | **19:50** | **19:56** |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| ЈУНИ 2022 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **МЕСТО** | **ДАТУМ** | | | |
| | ***3.*** | ***10.*** | ***17.*** | ***24.*** |
| **Виница** | **19:59** | **20:04** | **20:07** | **20:09** |
| **Колешино** | **19:57** | **20:01** | **20:04** | **20:06** |
| **Стар Дојран** | **19:56** | **20:01** | **20:04** | **20:05** |
| **Куманово** | **20:03** | **20:08** | **20:11** | **20:13** |
| **Неготино** | **20:00** | **20:04** | **20:07** | **20:09** |
| **Струмица** | **19:57** | **20:02** | **20:05** | **20:07** |
| **Кочани** | **20:00** | **20:04** | **20:08** | **20:09** |
| **Велес** | **20:02** | **20:06** | **20:09** | **20:11** |
| **Кавадарци** | **20:00** | **20:04** | **20:07** | **20:09** |
| **Дебар** | **20:06** | **20:11** | **20:14** | **20:15** |
| **Скопје** | **20:04** | **20:09** | **20:12** | **20:13** |
| **Битола** | **20:01** | **20:06** | **20:09** | **20:10** |
| **Кичево** | **20:04** | **20:09** | **20:12** | **20:14** |
| **Лаки** | **19:58** | **20:03** | **20:06** | **20:08** |
| **Чифлик** | **19:59** | **20:03** | **20:06** | **20:08** |
| **Штип** | **20:00** | **20:05** | **20:08** | **20:09** |
| **Тетово** | **20:06** | **20:10** | **20:14** | **20:15** |
| **Јегуновце** | **20:06** | **20:10** | **20:13** | **20:15** |
| **Росоман** | **20:00** | **20:05** | **20:08** | **20:10** |
| **Гевгелија** | **19:57** | **20:01** | **20:05** | **20:06** |
| **Свети Николе** | **20:02** | **20:06** | **20:09** | **20:11** |
| **Делчево** | **19:59** | **20:03** | **20:06** | **20:08** |
| **Валандово** | **19:57** | **20:02** | **20:05** | **20:06** |
| **Охрид** | **20:04** | **20:08** | **20:11** | **20:13** |
| **Радовиш** | **19:59** | **20:03** | **20:06** | **20:08** |
| **Прилеп** | **20:01** | **20:06** | **20:09** | **20:11** |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

# ДОПИСНА БИБЛИСКА ШКОЛА НА ИНТЕРНЕТ

























Дописната библиска школа – „Библијата зборува“ е достапна и на интернет; извонредна можност многу луѓе да се запознаат со Библијата и нејзините вистини. Најновата веб-страница нуди осум нови дописни школи: Славните вистини на Библијата, Верувањата на раните христијани. Археологијата – ископување на минатото, Тајните на пророштвата, Сторијата за апостол Павле, Потрага и Здравјето на дофат. Проучувајте онлајн и споделувајте ја Радосната вест!

**ПОРАЧКИ:**

- кај вашиот повереник за литература,
- на поштенски фах 215, 1000 Скопје
- или на тел. 02 / 20 30 777

# МОЈ ДНЕВНИК НА ПОСРЕДНИЧКА МОЛИТВА

**„Според Божјиот план, како одговор на нашата молитва со вера, Бог ќе ни го даде она што не би ни го дал кога за тоа не би го молеле“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 442). „Развивајте ја навиката да разговарате со Спасителот. ... Вашето срце секогаш нека се издигнува во тивка молитва за помош, за светлина, за сила, за мудрост. Секој ваш здив нека биде молитва“ (Елена Вајт, *Пат во подобар живот,* стр. 328).**

# ЈУЖНОАФРИКАНСКА – ИНДИСКООКЕАНСКА ДИВИЗИЈА




| УНИИ | ЦРКВИ | ГРУПИ | ЧЛЕНОВИ | ЖИТЕЛИ |
|---|---|---|---|---|
| Боцвана | 165 | 80 | 47,590 | 2,317,000 |
| Индијанско-океанска | 1,178 | 1,220 | 199,852 | 31,069,000 |
| Малави | 1,624 | 2,015 | 622,546 | 19,130,000 |
| Мозамбик | 1,054 | 1,638 | 363,796 | 31,166,000 |
| Североисточна Ангола | 660 | 951 | 265,933 | 13,008,800 |
| Северна Замбија | 2,040 | 1,922 | 676,650 | 10,397,990 |
| Јужноафриканска | 1,391 | 447 | 189,255 | 65,421,000 |
| Јужна Замбија | 1,482 | 2,315 | 623,414 | 7,986,010 |
| Југозападна Ангола | **983** | **1,435** | **293,407** | **19,513,200** |
| Зимбабве централ | **1,085** | **265** | **324,980** | **4,904,790** |
| Зимбабве исток | **984** | **1,086** | **346,496** | **5,202,050** |
| Зимбабве запад | 454 | 732 | 269,351 | 4,756,160 |
| Сао Томе и Принципе | 26 | 75 | 7,396 | 210,000 |
| **ВКУПНО** | **13,126** | **14,181** | **4,230,666** | **215,082,000** |

## ПРОЕКТИ:

1. Црква и основно училиште во Белизе, Ангола
2. Доградба на основно училиште во Луанда, Ангола
3. Центар и советувалиште за борба против семејно насилство во Ломбе, Ангола
4. Машки спални соби при адвентистичкиот универзитет Хумбо во Ангола
5. Мисионски центар на кампусот Мзузу при адвентистичкиот универзитетот Малави, во Малави
6. Центар за подобар живот и FM радио станица, Мајот.